IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

Второ дополнето издание



www.kas.de

Institute for Democracy Societas Civilis - Skopje

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

Второ дополнето издание

Скопје, декември 2021

# Импресум

**Наслов:**
Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година
Второ дополнето издание

**Издавачи:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје

**Автори:**
Марко Панковски
Никола Михајловски
Ива Наскова
Здравко Ставров

**Координација:**
Даниел Браун
Давор Пашоски

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и подготовка:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
www.izbornaarhiva.mk
https://www.kas.de/nordmazedonien
http://www.idscs.org.mk

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје не сносат одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторите.
Оваа публикација служи само за информативни цели и информациите во неа не смеат да се употребуваат во рамки на изборни кампањи.

# Содржина

**ВОВЕД ВО ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2021 5**

Подготовки за локалните избори 2021....9
Учесници на изборите....12
Последни измени во изборното законодавство....13

**1. ИСТОРИЈАТ НА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (1996 – 2017) 27**

Локални избори 1996 година....29
Локални избори 2000 година....29
Локални избори 2005 година....30
Локални избори 2009 година....30
Локални избори 2013 година....31
Локални избори 2017 година....33

**2. МАКЕДОНСКИ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 35**

Изборен модел....37
Органи за спроведување избори....38
Право да се биде избран....39
Ограничување за актуелни функционери....40
Број на членови во советите....42
Право и процедура за поднесување кандидатури за градоначалници или советници....42
Изборна кампања....43
Улогата на јавните гласила....45
Набљудување на изборите....49

**3. ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И КОАЛИЦИИ 51**

ВМРО-ДПМНЕ....53
Демократска унија за интеграција....55
Социјалдемократски сојуз на Македонија....57
Алијанса за Албанците....59
Алтернатива....60

Бошњачки демократски сојуз....60
Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ....61
Движење за демократија, права, слобода....62
Движење БЕСА....62
Движење за национално единство на Турците....63
Демократска партија на Албанците....64
Демократска партија на Турците на Македонија....65
Коалиција „Одлучно за промени“....66
Левица....69
Трајно македонско радикално обединување – ТМРО....70
Политичка партија Демократи....71
Интегра – Македонска конзервативна партија....71
Твоја партија....72
Комунистичка партија на Македонија – Титови леви сили....73
Партија на обединети демократи на Македонија (ПОДЕМ)....73
Родина....74
Македонска ера трета/Македонски независни листи....74

**4. ПРЕГЛЕД НА КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ 75**

**5. ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021 ГОДИНА - РЕЗУЛТАТИ, КАМПАЊА, ОЦЕНКИ 143**

Вовед....145
Изборна кампања....149
Финансирање на изборната кампања....155
Медиуми....158
Резултати од локални избори 2021 година....166
Заштита на избирачкото право....171
Оцена на локалните избори од набљудувачите....174
Оцена на изборите од учесниците....178
Заклучоци....182
Анекс 1 – Избрани градоначалници по општини....184
Анекс 2 – Избрани советници по општини....187

**6. ИЗБОРНА АРХИВА НА ИЗБОРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОД 1990 ГОДИНА ДО ДЕНЕС 189**

# Вовед

# Вовед во локалните избори 2021

Седмите по ред локални избори од независноста на Република Северна Македонија ќе се одржат на 17 октомври 2021 година. Претседателот на Собранието, во рамки на своите законски надлежности, ги распиша локалните избори на 6 август 2021 година.[1] На изборите ќе се избираат градоначалници и советници на 80 локални самоуправи и Градот Скопје.

Во текот на последниот мандат на локалната самоуправа, од октомври 2017 до октомври 2021 година, најголемиот број на градоначалнички места, 57, припаѓаат на коалицијата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ). Демократската унија за интеграција (ДУИ) освои 10, а коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 5 градоначалнички места. Алијанса за Албанците (А/А) доби три градоначалнички места, еден градоначалник беше избран од Демократската партија на Турците во Македонија (ДППТ), Демократската партија на Албанците и партијата БЕСА. Три градоначалнички места припаднаа на независни кандидати.

Најголем број на советници има освоено коалицијата предводена од СДСМ, односно 552. ВМРО-ДПМНЕ освои 430 советнички места, ДУИ 127, додека БЕСА и политичката партија Алијанса за Албанците освоија по 63 советнички места. Демократската партија на Албанците освои 23 советнички места, Демократската партија на Турците 17, Сојуз на Ромите од Македонија и Народно движење на Македонија по 7 места, коалицијата ДУИ, А/А и БЕСА освои 4,[2] ГРОМ, Движењето за национално единство на Турците и Левица освоија по 3 советнички места. Коалицијата „Алијанса за Албанците“ (предводена од Унитети) коалицијата „Подобра иднина“ и ПДП освоија по едно место. Независните листи за советници вкупно освоија 37 советнички места.[3]

1 Решение за распишување на изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје.
Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1liaM6X9rCYPlQiL94DL8ylhWEF4yUT1w/view (последна посета: 12 септември 2021).

2 Коалицијата ДУИ, А/А и БЕСА имаше заеднички настап во општините Битола, Охрид и Гази Баба.

3 Извештај за спроведените избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје 15 октомври 2017 година.
Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/Локални%20избори%202017/5_Извештај%20од%20избори/Извештај%20за%20Локални%20избори%202017.pdf (последна посета: 12 септември 2021).

Процесот на спроведување на локалните избори 2021 година започна со утврдување на датумот за изборите, кои според Изборниот законик е предвидено да се одржат во втората недела од октомври, имајќи предвид дека изборната кампања делумно би се поклопила со пописот на населението во септември 2021. Дилемата која постоеше беше дали делумното поклопување на изборната кампања и пописот може да го наруши спроведувањето на пописот. Сепак, политичките партии одлучија изборите да се одржат според законски предвидениот рок, односно во втората половина на октомври. Паралелно со тоа, во март 2021 започнаа преговори за промена на Изборниот законик. Преговорите се одвиваа помеѓу претставници на Министерството за правда и претставници на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и Алијанса за Албанците. По повеќемесечни преговори беа договорени неколку новини во Изборниот законик. Една од клучните промени е гласањето со употреба на посебни уреди за проверка на отпечатоци на гласачот (фингерпринт терминали). Со овој уред ќе се утврдува дали гласачот претходно гласал или, пак, го згрешил избирачкото место. Иницијативата за ова решение првично дојде од ВМРО-ДПМНЕ со цел поголема доверба во избирачкиот процес и намалување на можноста од злоупотреби.

Подоцна во пресрет на изборите значително се дискутираше во однос на предлогот на парламентарните партии СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и Алијанса за Албанците/Алтернатива за зголемување на прагот со кој може да се поднесе кандидатура за градоначалник или советничка листа, односно зголемување на прагот на 2 % од вкупниот број избирачи во општина. Тоа во некои средини би значело значително зголемување на бројката на потписи кои треба да бидат собрани, на пример, доколку за поднесување на листа за Град Скопје досега биле потребни 1 000 потписи со новите договорени измени подносителите би требало да соберат 9 000 потписи. Предлагачите го оправдаа предлогот како обврска поврзана со препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Предлог-измените отворија голема дебата во јавноста и реакции од помалите политички партии, претенденти за независни кандидати и граѓанскиот сектор. Реакциите беа во насока дека ваквото решение е исклучиво придобивка за поголемите партии и тоа може значително да ги отежне иницијативите на повеќе здруженија и поединци за независни листи. Претседателот на државата, Стево Пендаровски, застана зад иницијативите на независни советнички листи и изјави дека ќе стави вето на измените на Изборниот законик доколку тие бидат изгласани во Собранието.[4] Според претседателот Пендаровски, нелогично е 10 000 потписи да се потребни за кандидатура за претседател на државата, а сличен број да е потребен и за советници во Градот

4 „Претседателот Пендаровски нема да ги потпише измените на Изборниот законик“, Voice of America, 30 јули 2021. Пристапено на: https://mk.voanews.com/a/5984959.html (последна посета: 12 септември 2021).





Скопје. Дополнително, Пендаровски посочи дека измените не треба да се носат непосредно пред изборите. По низата критики, премиерот и претседател на СДСМ, Зоран Заев, најави дека договорениот предлог ќе се повлече.[5]

Карактеристична за овие избори е и бројноста на независните кандидатури за градоначалници и општински советници. Од иницијативи на група граѓани беа поднесени 27 кандидатури за градоначалник и 65 листи за советници. Во дури 18 општини ќе има барем по еден независен кандидат за градоначалник. По три независни кандидати за градоначалник има во општините Македонска Каменица и Чучер Сандево, а двајца независни кандидати во општина Илинден.

## Подготовка за локалните избори 2021

По решението за распишување на локалните избори 2021 потпишано од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, Државната изборна комисија (ДИК) го донесе Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на локалните избори.

Во согласност со Роковникот,6 ДИК е должна да ги формира општинските изборни комисии (ОИК) по истекот на мандатот на претходната комисија. Потоа по формирањето, ОИК ги формира избирачките одбори (ИО) и ги надополнува членовите и замениците членови на кои по разни основи им престанал мандатот. ОИК доставуваат барање до политичките партии во опозиција кои на последните избори освоиле најмногу гласови и политичките партии на власт кои на последните избори освоиле најмногу гласови да доставaт предлози за членови на ИО и нивни заменици заради формирање ИО и предлозите да ги доставaт најдоцна до 1 септември.

Во согласност со Изборниот законик веднаш по распишувањето на изборите до Министерството за внатрешни работи (МВР) ДИК доставува барање за доставување податоци за граѓаните. Податоците кои задолжително треба да

5 „Пратениците на одмор, локалните избори распишани, изборниот законик на пауза“, Радио Слободна Европа, 6 август 2021.
Пристапено на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/пратеници-локални-избори-изборен-законик/31396793.html (последна посета: 12 септември 2021).

6 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје, 2021 година.
Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/17yILq1t-2jvAkZ-Rz4bvVM9UezgKM09P/view (последен преглед: 13 септември 2021).

го содржат единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) МВР треба да ги достави најдоцна во рок од 48 часа до ДИК. Потоа Државната изборна комисија најдоцна 15 дена од денот на распишувањето на изборите го става Избирачкиот список на јавен увид во своите подрачни одделенија и канцеларии, како и на интернет-страницата izbirackispisok.gov.mk каде гласачот со внесување на своите лични податоци може да провери дали го има на Избирачкиот список и доколку да, на кое избирачко место гласа и каде се наоѓа тоа. На овие избори увидот во Избирачкиот список започна на 21 август и заврши на 9 септември во 24 часот. Доколку постојат барања за запишување, дополнување или бришење податоци во Избирачкиот список, тие се поднесуваа во периодот од 21 август до 9 септември. Државната изборна комисија во рок од пет дена (односно, најдоцна до 14 септември) по завршувањето на јавниот увид во Избирачкиот список7 го доставува до политичките партии. Потоа партиите во рок од пет дена од доставувањето, односно до 19 септември доставуваат барање до ДИК за запишување, дополнување или бришење податоци.

Министерството за внатрешни работи е должно во рок од еден ден од завршувањето на јавниот увид во Избирачкиот список, односно на 10 септември да достави листа на државјани кои поднеле барање за издавање нова лична карта или патна исправа по кој било основ и ги подигнале од денот на распишување на изборите до денот на завршување на јавниот увид и листа на лица кои ќе наполнат 18 години до денот на изборите. Податоците за овие лица ДИК ги впишува во Избирачкиот список по службена должност.

Органот надлежен за извршување на санкциите најдоцна 30 дена пред денот определен за избори доставува податоци за лицата кои се во притвор или се наоѓаат на издржување казна затвор врз основа на евиденцијата што ја води овој орган до ДИК. Податоците содржат магнетен медиум и задолжително го содржат единствениот матичен број на граѓанинот. Овие податоци се доставуваат најдоцна до 16 септември.

Министерството на труд и социјална политика (МТСП) најдоцна 30 дена пред денот определен за избори, врз основа на сопствена евиденција и врз основа на доставените податоци од одговорните лица во установите за вонсемејно згрижување, до Државната изборна комисија доставува податоци за лицата кои се пријавиле за гласање во установи за вонсемејно згрижување најдоцна до 16 септември.

---

7 Државна изборна комисија-јавен увид на избирачкиот список
Пристапено на: https://izbirackispisok.gov.mk/ (последна посета: 13 септември 2021).



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

Избирачкиот список во кој се извршени сите промени кои се направени од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи, ДИК го заклучува најдоцна 15 дена по завршениот јавен увид, односно најдоцна до 24 септември. Потоа ДИК го потпишува заклучениот Избирачки список, односно изводите од Избирачкиот список на кој се гласа најдоцна 15 дена пред денот на одржувањето на изборите, односно најдоцна до 1 октомври.

Политичките партии ги поднесоа своите кандидатски листи за локалните избори до 11 септември на полноќ, кога и истекуваше рокот за поднесување кандидатури за градоначалници и советнички листи до ДИК, односно 35 дена пред одржувањето на изборите. До крајниот рок се поднесени 297 кандидатури за градоначалници, а тука спаѓаат и кандидатурите на независните кандидати. Рокот за собирање потписи за независните кандидати беше 30 август.

Според Роковникот, финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања се доставуваат до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) во следните рокови:

» Учесникот во изборната кампања е должен до рок од 20 дена од денот на настапувањето на изборниот молк за првиот круг, односно 4 ноември до 24 часот и вториот круг на гласање 18 ноември до 24 часот, доколку се одржува, да поднесе извештај за спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања од денот на нејзиното отворање до завршувањето на првиот изборен круг.
» Учесникот на изборната кампања е должен на 11. ден од денот на изборната кампања, односно 7 октомври до 24 часот да поднесе извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка предвидено според Изборниот законик за финансирање на изборната кампања.
» Учесникот на изборите е должен еден ден по завршувањето на изборната кампања, односно за прв круг 16 октомври и за втор круг 30 октомври, да достави Извештај со образец за примените донации на трансакциска сметка предвидено според Изборниот законик за финансирање на изборната кампања.
» Учесникот на изборите е должен еден ден пред одржувањето на вториот круг на гласање да достави Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања.
» Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна 30 дена од денот на објавувањето на конечните резултати да поднесе вкупен финансиски извештај за спецификација на трошоците за приходите и расходите на изборната кампања.

- Државниот завод за ревизија во рок од 60 дена од поднесувањето на извештајот е должен да спроведе ревизија.
- Радиодифузерите, печатените медиуми и  електронските медиуми (интернет- портали) во Република Северна Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа. Извештајот се поднесува најдоцна 15 дена по завршувањето на изборната кампања, односно за првиот круг 30 октомври до 24 часот и за вториот круг 13 ноември до 24 часот.

## Учесници на изборите

На локалните избори, самостојно или во коалиција, како подносители на кандидатски листи за градоначалници се јавуваат 24 политички субјекти. Карактеристична за овие избори е големата дискрепанца помеѓу кандидати мажи и жени. Најмногу кандидатури поднесе коалицијата предводена од СДСМ – 69 од кои 5 жени. Од поголемите партии, ВМРО-ДПМНЕ со својата коалиција номинираше 63 кандидати од кои 3 жени. ДУИ има номинирано 19 кандидати за градоначалници, од кои само една е жена. Движењето  Беса номинираше 11 кандидати од кои ниту една не е жена, додека ДПА номинираше 14 кандидати од кои една е жена. Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива настапува со 15 кандидати, без ниту една жена кандидат, додека, пак, коалицијата „Движење одлучно за промени“ има 18 кандидати од кои 5 жени. Левица настапува со осум од кои две жени, Интегра – Македонска конзервативна партија настапува со 10 кандидати од кои една жена, Трајно македонско радикално обединување (ТМРО) настапува со девет од кои две се жени кандидатки, Политичка партија Демократи, работници и независни, настапува со шест кандидати без ниту една жена кандидат, а партијата Македонска ера трета/Македонски независни листи настапува со седум кандидати од кои една е жена. Демократска партија на Турците на Македонија настапува со 5 кандидати мажи, а партијата Бошњачки демократски сојуз со четири кандидати од кои сите мажи.  Партија на обединети демократи на Македонија – ПОДЕМ има три кандидати мажи, додека партијата Родина Македонија има двајца кандидати мажи и една жена. Со по двајца кандидати настапува „Твоја партија“ и со по еден кандидат настапуваат партиите Алтернатива, РОМ – Ромеске, Комунистичката партија на Македонија – Титови сили, Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ, Движење за демократија, права и слобода и Граѓанската опција за Македонија – ГРОМ, од кои сите мажи. Вкупно 25 кандидатури за градоначалници се поднесени од група избирачи од кои две се жени. Од вкупно 299 кандидати за градоначалници само 25 се жени (односно, 8,41 % од вкупниот број на учесници). Ситуацијата е поинаква кај кандидатите за советници каде што од вкупно 10 635 кандидати за советници, 45 % се жени, во голем дел како резултат на условот секој трет кандидат од предложените листи да е од помалку застапениот пол.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

## Последни измени на изборното законодавство

Во периодот од последните локални избори во 2017 до изборите закажани за 17 октомври 2021 година се донесоа повеќе нови закони и измени на постоечката легислатива. Во изминатиот период беа направени повеќе измени кои се однесуваат на одредбите од Изборниот законик. Измените се поврзани со државните изборни тела, финансирање на политичката кампања, учесниците во кампањата, како и со законските одредби од Законот за аудиовизуелни медиумски услуги и донесувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Изборниот законик во 2021 година беше менуван и надополнуван два пати, во април и септември 2021 година. Со измените беше уреден начинот на гласање со и без примена на техничка опрема и беше уреден начинот на утврдување на идентитетот на гласачот во постапката на гласање со отпечаток од прсти.[8] Дополнително, беа сменети роковите кои се однесуваат на постапката за заштита на избирачкото право и беше утврден начинот на гласање во време на пандемија. Од овие избори, подносителите на листа или кандидатура можат да ја повлечат во рок од 48 часа од донесеното решение за конечни листи (член 67 став 12 од Изборниот законик), кое се носи најдоцна до 18 септември. Кога се работи за повлекување на кандидатската листа таа единствено може да се повлече во целост.[9]

### Гласање со примена на техничка опрема и изборен процес во време на пандемија

Со измените на Изборниот законик од 2021 година беше дополнета содржината на Избирачкиот список со отпечатоци од прсти и посебен баркод за идентификација со отпечаток од прст. Во Избирачкиот список нема да бидат запишувани граѓаните

8 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 74/2021.
9 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 215/2021.

на кои со правосилна судска одлука целосно им е одземена деловната способност или со правосилна судска одлука делумно им е одземена деловната способност, при што судот утврдил дека лицето нема способност да изрази правно релевантна волја на избори. Со најновите измени на Изборниот законик лицата кои се во притвор или се на издржување казна затвор имаат можност за проверка на своите податоци за време на јавниот увид на Избирачкиот список. ДИК има рок од 3 дена по завршување на јавниот увид да го достави Избирачкиот список до политичките партии кои претходно по електронски пат доставиле барање.

Дополнително, МВР покрај претходно утврдените податоци во членот 43, до ДИК треба да достави фотографија и отпечатоци од прсти од сите полнолетни граѓани. МВР податоците ги доставува по распишувањето избори или референдум.

Со измените беше уреден начинот на утврдување на идентитетот на гласачот. Членот 108-а детално ја објаснува постапката за утврдување на идентитетот. Избирачкиот одбор го проверува идентитетот на гласачите преку важечка лична карта или важечка патна исправа, односно лична карта или патна исправа чија важност истекла во периодот од распишувањето избори до денот на нивното одржување и со отпечаток од прсти.[10] Избирачот не може да гласа доколку нема документ за идентификација и доколку отпечатокот од прст не се совпаѓа со отпечатокот од прстот во електронскиот Избирачки список. Доколку избирачот претходно веќе гласал, техничката опрема известува за тоа и на тоа лице нема да му се дозволи да гласа. Доколку уредот за биометриска идентификација не покажал совпаѓање на отпечатокот од прст со отпечатокот достапен во електронскиот Избирачки список, а избирачкиот одбор го утврдил личниот идентитет на гласачот преку важечкиот документ за идентификација и доколку е потврдено дека нема претходно гласано, гласачот се внесува во уредот преку внесување на единствениот матичен број (ЕМБГ).[11]

Утврдувањето на идентитетот на гласачот се врши без техничка опрема во случаи кога избирачот е болно или немоќно лице, се наоѓа во установа за вонсемејна грижа или издржува казна затвор.

Во Изборниот законик беше додаден нов член 111-б кој се однесува на изборниот процес во време на пандемија. Лицата кои се во домашен карантин или самоизолација можат да го искористат своето право на глас, ден пред одржувањето на првиот круг, односно 16 октомври и 30 октомври, доколку има втор круг. Потребно е да ја известат општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на Градот Скопје пет дена пред денот определен за гласање.[12]

Општинските изборни комисии податоците ги прибираат од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, кој е должен податоците да ги достави 24 часа од поднесеното барање.

ДИК формира посебни избирачки одбори составени од тројца здравствени работници кои го спроведуваат гласањето, при што политичките партии можат да именуваат член во посебниот избирачки одбор.

Министерството за здравство ја обезбедува потребната заштитна опрема за членовите на изборните органи, а доколку просторот предвиден за гласање не ги исполнува условите ДИК може да определи друг соодветен простор кој ги исполнува условите за гласање во време на пандемија.

**Промена на роковите за заштита на избирачкото право**

Во септември 2021 беа изменети роковите кои се однесува на постапката за заштита на избирачкото право (член 149 и 149-а). Рокот за поднесување приговор до општинската изборна комисија за повреда на личното избирачко право во постапката на спроведување на гласањето е 12 часа, а за повреда на избирачкото право во секоја фаза од изборниот процес е 48 часа. Приговорите се поднесуваат до ДИК преку електронска пошта, лично или преку овластен претставник.

Првостепениот орган има рок од два часа по приемот на приговор да донесе одлука. Со измените, променет е рокот по кој ДИК може да поднесе тужба до Управниот суд, и изнесува 12 часа по приемот на решението. Управниот суд е должен да постапи по тужбата во рок од 2 часа по нејзиниот прием. Дополнително, во Изборниот законик е предвидена можноста за тужба против одлуката на ДИК. Во тој случај тужбата се поднесува до Управниот суд во рок од 48 часа по приемот на решението.

10 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 215/2021.
11 Државна изборна комисија, Упатство за начинот на утврдување на идентитетот на гласачот, 2021 година. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1r0vTFrS3lk0BNk9oj-ZVvkkA3CaVBow4/view (последна посета: 10 септември 2021).
12 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 215/2021.

**Државна изборна комисија**

Со измените на Изборниот законик во 2018 година се направија измени во членот кој го регулира работењето на Државната изборна комисија, дополнително измени на овој член се направени во февруари 2020 година и во април и септември 2021 година.

Со најновите измени на Изборниот законик, Државната изборна комисија е должна да донесе детално упатство за начинот и постапката на потврдување на идентитетот на гласачите и проверка дали гласачот претходно гласал преку отчитување на отпечатокот од прсти во техничката опрема, како и за начинот на чување, обработка и бришење на податоците. Податоците за отпечатоци од прсти од Избирачкиот список треба да бидат избришани во рок од 10 дена по објавување на конечните резултати од изборите. Во случаите кога техничката опрема е неупотреблива и не може да се замени, ДИК во согласност со членот 108-б од Изборниот законик може да одлучи идентификацијата да се врши без употреба на уредот за биометриска идентификација.[13]На барање на член на комисијата ДИК е должна да изврши увид во целокупниот избирачки материјал во избирачкото место каде гласањето се одвивало преку внесување на единствениот матичен број во уредот за биометриска идентификација, а не со совпаѓање помеѓу отпечатокот од прст, само ако на таков начин гласале:

- 5 % од запишаните избирачи во Избирачкиот список во избирачките места до 200 гласачи,
- 3 % од запишаните избирачи во Избирачкиот список во избирачките места од 201 до 500 гласачи и
- 2 % од запишаните избирачи во Избирачкиот список во избирачките места над 500 гласачи.

Ако бројот на гласачите е поголем, ДИК е должнна да ги спореди нивните отпечатоци од прсти со отпечатоците од прсти на сите останати гласачи кои гласале како нив и со отпечатоците на останатите гласачи во електронскиот Избирачки список на ниво на државата.

Со дополнувањата во член 26, ДИК сега брои вкупно седум члена и тоа во определен состав: претседател, потпретседател и пет члена на Комисијата. Мандатот на членовите на Комисијата започнува од денот на избор, а трае пет години до изборот на следниот состав на Државната изборна комисија. Условите кои треба да ги исполнуваат членовите на ДИК се пропишани со изме-

13 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 74/2021.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

ните во член 27 од Изборниот законик. Со измените од 2018 и 2021 година за овие позиции може да биде избрано лице државјанин на Република Северна Македонија со постојано живеење во земјата, да има високо образование со најмалку осум години работно искуство и да не е член на политичка партија. Македонското Собрание, 30 дена пред истекот на мандатот, го објавува Огласот за избор на претседател, потпретседател и членови на ДИК во „Службен весник“, како и во дневниот печат. Огласот трае осум дена од денот на објавување во „Службен весник“. Постапката за избор на членови се подготвува и се спроведува од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во рамки на Собранието. Оваа Комисија подготвува предлог-листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието. Од кандидатите на предлог-листата опозицијата предлага претседател и двајца члена, додека партиите на власт предлагаат потпретседател и тројца члена. Во случај на промена на политичките партии во опозиција или политичките партии на власт, Собранието го усогласува составот на ДИК, така што политичките партии кои преминале од власт во опозиција на Собранието му доставуваат предлог за претседател на ДИК од редот на членовите во постојниот состав и предлог за престанок на функцијата пред истекот на мандатот на еден од членовите предложени од нивна страна. Партиите кои преминале од опозиција на власт на Собранието му доставуваат предлог за потпретседател на ДИК од редот на членовите во постојниот состав и еден член, за што Собранието го огласува изборот на еден член на ДИК. Сите членови се избираат со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници. Измени се направени и во член 28 од Изборниот законик, во делот на условите за престанок на функцијата на членови на ДИК. Со измените, престанок може да настане:

- по сила на закон;
- по усогласување на составот на ДИК од страна на Собрание, во случај на промена на политичките партии во опозиција или на власт;
- на нивно лично барање;
- поради нестручно и несовесно вршење на функцијата;
- поради исполнување услови за старосна пензија утврдени со закон;
- поради смрт; и
- ако е осуден со правосилна затворска казна подолга од шест месеци.

Со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови, ДИК може да даде предлог до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието за разрешување на нејзин член поради нестручно и несовесно вршење на функцијата. Во однос на ДИК, промени има уште и во член 29 кој се однесува на рокот за предлагање членови на ова тело. Во согласност со овој член, претседателот на Собранието ги известува политичките партии во

рок од три дена да ги доставаат своите предлози за претседател и двајца члена (за опозицијата), односно потпретседател и тројца члена на ДИК (за партиите на власт). Доколку опозицијата и партиите на власт не го остварат правото на предлог на кандидати, во тој случај кандидатите ќе бидат предложени од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.[14]

Истиот рок од 3 дена за известување до политичките партии останува и во случај на промена на политички партии во опозиција или на власт, при што партиите во согласност со законот предлагаат претседател, потпретседател од редот на постојните членови и еден член на ДИК. Следствено на тоа, 30 дена од усогласување на составот на ДИК се врши избор на нов генерален секретар за преостанатиот временски период од петгодишниот мандат.[15]

Во измените направени во Изборниот законик во февруари 2020 година се додава дополнителен став 34–и, во кој се нагласува дека може да се издвои мислењето на членот на ДИК што гласал против одлука или што смета дека таа треба да се заснова на други правни и фактички основи. Издвоеното мислење треба писмено да го образложи и да биде прилог на одлуката на Државната изборна комисија.

Со најновите измени беше одлучено да има поништување и повторување на гласање доколку избирачкиот одбор не го спровел гласањето во согласност со Изборниот законик, а неправилностите влијаеле на постапката за гласање, како и во случаи кога има несовпаѓање помеѓу бројот на отпечатоците од прсти на лицата кои гласале со бројот на гласачките ливчиња во кутијата.

**Финансирање на политичките партии**

Во јули 2018 во Собранието беа усвоени измените во однос на финансирањето на политичките партии. Во Законот за финансирање на политичките партии се направени измени во неколку одредби кои се однесуваат на спецификација на имотот и финансирањето на политичките партии (движен и недвижен имот). Со овие измени се утврдува висината на вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии која изнесува 0,15 % од Буџетот на Република Северна Македонија, потоа се утврдуваат приватните извори на финансирање, висината на поединечните донации кои не смеат да ја надминат сумата од 60 просечни плати, како донација од правни лица, и 30 нето просечни плати, доколку е донација од физички лица. Од средствата за финансирање на политичките партии што се обезбедуваат од Буџетот 30 % се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1 % од вкупниот број гласови од последните парламентарни или локални избори. Додека 70 % од средствата се распределуваат на политичките партии според бројот на избрани пратеници во Собранието на последните парламентарни избори и според бројот на избрани советници на последните локални избори. Во делот на контрола на финансирањето на политичките партии, исто така, дополнет е член 26 од Законот со неколку ставови, во кои е истакната можноста политичките партии да имаат само една жиро-сметка, а во случај на финансирање преку обезбедување средства од кредит од комерцијални банки, покрај основната жиро-сметка на партијата, може да има уште една посебна жиро-сметка за средствата на партијата обезбедени преку кредит. Исто така, политичката партија има право да врши пренос на средства помеѓу своите сметки, а партиско истражувачките-аналитички центри (ПИАЦ) имаат посебна сметка. Средства од Буџетот на државата во висина од 280 000 евра во денарска противвредност се предвидени и за годишно финансирање на ПИАЦ, кои се формирани во согласност со закон како дел од внатрешна организација на партијата.[16]

Исто така, со измените во Законот е создадена обврска за доставување финансиски извештај за материјално-финансиско работење на партијата, во кој е содржано финансиското работење на сметката, односно сметките на политичката партија. Со измените како дополнителен дел од финансискиот извештај се препознаваат ставките „спонзорство“ и „кредит“. Со измените се предвидува средствата наменети за финансирање на политичките партии да се исплаќаат во согласност со буџетските можности, но не подоцна од 1 март секоја тековна година.[17]

Заедно со Законот за финансирање на политичките партии, Изборниот законик е изменет и во делот на прибирање средства за финансирање на политичката кампања, каде што во член 71 е додаден нов став (став 7). Со дополнувањето од овој став, политичките партии можат да депонираат средства од основната жи-

14 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 99/2018.
15 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 215/2021.

16 Истражувачките партиско-аналитички центри се формирани со Законот за партиски истражувачко-политички центри од 2013 година. Тие можат да имаат вработено најмалку две лица. Во овој Закон е предвидено дека средства за овие центри може да добијат четирите политички партии со најголем број пратеници во Собранието, а кои имаат формирано ваков центар („Службен весник“, Закон за партиско-истражувачки центри, 23/2013 со измени и дополнувања, 15/2015).
17 „Службен весник“, Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, 140/2018.

ро-сметка на трансакциската сметка отворена за потребите на финансирањето на изборната кампања. Со последните измени од септември 2021, променет беше ставот 8 од истиот член кој се однесува на неподнесување или непотврдување на листата на кандидати. Во таков случај политичките субјекти кои обезбедиле ЕДБ и отвориле трансакциска сметка имаат одговорност непотрошените донации да ги вратат на давателите сразмерно на донираниот износ во рок од 15 дена и се должни трансакциската сметка наменета за изборна кампања да ја затворат за 45 дена од објавувањето на изборните резултати. Исто така, политичката партија е овластена да врши пренос и од трансакциската сметка за финансирање кампања кон основната жиро-сметка на партијата.[18]

### Јавни гласила

Со измените на Изборниот законик од 2020 и 2021 година медиумите кои го покриваат изборниот процес се обврзуваат тоа да го прават непристрасно, избалансирано и правично во својата програма, а јавниот и националните радиодифузери се должни да го прават на пристапен и достапен формат и јазик (гласовни пораки за слепи лица), како и на знаковен јазик. Дополнително од денот на распишување на изборите сѐ до денот на завршување на гласањето, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-порталите) кои емитуваат платено политичко рекламирање со средства од Буџетот на Република Северна Македонија, задолжително по триесет секунди на секои три часа ќе треба да емитуваат или да објавуваат информативни и едукативни кампањи и на ДИК за граѓаните поврзани со изборниот процес. Кампањите на ДИК ќе ги објавуваат без надомест, тие се за едукација на гласачите за остварување на избирачкото право и за фер и демократски избори и не се сметаат за платено политичко рекламирање.

Во Изборниот законик е предвидено од денот на распишување на изборите па сѐ до почетокот на изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (портали) да не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање, освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи. Во случаите кога станува збор за емитување, односно објавување соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатурите, тоа се прави во означени рекламни блокови на дозволеното време на рекламирање на еден реален час. И другите

18 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 215/2021.





позначајни промени во Изборниот законик, опфатени со член 75-ѓ, се однесуваат на регулирањето на политичкото рекламирање на електронските медиуми и продолжувањето на времето за рекламирање. Со дополнувањата на овој член, за време на изборната кампања радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди на реален час наменети само за платено политичко рекламирање. Од овие 9 минути и 30 секунди, вкупно четири минути може да се одвојат за политичките партии од власта, четири минути за политичките партии на опозицијата, една минута за партиите кои на последните избори не освоиле доволен број пратеници за да формираат пратеничка група, а 30 секунди се наменети за политичките партии кои не се застапени во македонското Собрание. Минутите за дополнителното време за рекламирање се распределуваат по претходен писмен договор. Со најновите измени, најмногу 7 % од рекламниот простор на електронските медиуми (интернет-портали) и печатени медиуми можат да им бидат доделени на партиите кои на последните парламентарни избори не освоиле доволно пратеници за да формираат пратеничка група. За вонпарламентарните политички партии или кандидати се предвидени најмногу 3 % од рекламниот простор.

Доколку обезбедуваат платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, должни се во рок од три дена од денот на распишување на изборите да се регистрираат во Државната изборна комисија.

Дополнувања има во начинот на реализирањето на финансиските обврски настанати кон радиодифузерите, печатените и електронските медиуми кои се однесуваат на објавување платено политичко рекламирање на партиите учесници во изборната кампања. Со најновите измени, радиодифузерите и печатените медиуми се должни ценовниците за платено политичко рекламирање да ги применуваат и за време на изборната кампања, за секој медиум одделно. Просечната цена по секунда за едно деноноќие е добиена според различните ценовно-рекламни временски периоди. Ценовниците не смеат да се менуваат до конечно завршување на изборниот процес и цената не може да ја надминува просечната цена на рекламирање на секој радиодифузер одделно, пресметана во последните пет изминати изборни циклуси. Државната изборна комисија е должна на својата веб-страница да ги објави доставените ценовници со просечно пресметаните цени утврдени од радиодифузерите, печатените медиуми, електронските медиуми (интернет-портали) во рок од 10 дена од истекот на рокот за доставување на ценовниците. Доколку ДИК утврди неправилности во ценовниците, го известува соодветниот медиум да изврши корекција на ценовникот во рок од 72 часа. Радиодифузерите кои нема да постапат по известувањето го губат правото за платено политичко рекламирање.

Државната изборна комисија ги исплаќа трошоците за објавеното платено политичко рекламирање на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми врз основа на доставена фактура во рок од 30 дена од објавување на конечните резултати. Како прилог на доставената фактура се доставува и медиа план, како и Извештај за реализирани услуги кои се потврдени од радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми, и од учесникот во изборната кампања. Медиа планот и Извештајот за реализирани услуги се поднесуваат на обрасци пропишани, донесени и објавени од ДИК. Извештајот за реализирани услуги треба да содржи примерок од секоја објава со јасно видлив и читлив датум за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор во печатениот медиум, примерок (принт скрин) од секој објавен банер за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет-портал) и примерок од секој објавен банер, како и писмени изјави за реализирани импресии за секој ден од периодот за кој е закупен рекламниот простор на електронскиот медиум (интернет-портал).

Кога станува збор за политичко рекламирање, покрај обезбедените 2 евра во денарска противвредност (без ДДВ) по запишан избирач од вкупно запишани избирачи во државата, со најновите измени, во иднина за локални избори дополнително ќе се обезбедува по 1 евро во денарска противвредност (без ДДВ) по запишан избирач на територијата на општината каде се одржува втор круг на гласање. За вонпарламентарните политички  партии или кандидати се предвидени најмногу 3 % од средствата, а 7 % можат да искористат партиите кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група.

Во член 76-в во Изборниот законик се направени измени со кои се дефинира и начинот на кој Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) врши надзор над политичкото рекламирање во периодот на кампањата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Северна Македонија, од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на изборниот ден. Од денот на распишување на изборите, ААВМУ е должна да доставува седмични извештаи до ДИК. За време на изборната кампања треба да доставува дневни извештаи и да ги објавува на веб-страницата на Агенцијата. Доколку дојде до прекршувања на одредбите за рекламирање,  ААВМУ треба да покрене прекршочна постапка против радиодифузерот во рок од 48 часа од утврдувањето на прекршувањата на одредбите. По однос на овие постапки, надлежниот суд е должен да одлучи во рок од 48 часа





со определени рокови за жалба. ААВМУ е должна да воспостави целосен монторинг над радиодифузерите учесници во изборната кампања.[19]

**Државна комисија за спречување на корупцијата**

Во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[20], Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) има надлежност да ја следи законитоста на користењето, односно располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето до завршувањето на изборите, односно да ја следи законитоста на финансирањето на изборните кампањи. Во случај на постоење сомневање на незаконско финансирање на изборна кампања, ДКСК може да поведе постапка за утврдување фактичка состојба и доколку утврди дека сомневањата се основани е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежените органи во рок од 15 дена од донесената одлука.

Со измените од 15 септември 2021, Државната комисија за спречување на корупцијата е должна на својата веб-страница да го објави регистарот на службени моторни возила на јавните фондови, јавните претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал. Рокот за доставување податоци за бројот, видот, регистарската табличка и возната состојба на моторните возила до ДКСК е десет дена од денот на донесувањето на одлуката за распишување  избори. Податоците се доставуваат во електронска форма на образец кој на предлог на ДКСК го пропишува Државната изборна комисија. Во случај податоците да не бидат доставени, ДКСК може да покрене прекршочна постапка во рок од 15 дена од истекот на рокот за доставување на податоците.

Исто така, доколку има основи за сомневање за поткуп при избори и гласање, ДКСК без одлагање писмено ќе го извести надлежниот обвинител. Дополнително ги следи постапките за јавни набавки и врши увид во документација за да утврди дали има привилегии или дискриминација по однос на договори за јавни набавки, како и ги следи можните притисоци од страна на политичка партија при избор или именување, или разрешување лице на службена, раководна или друга функција или должност. Доколку увиди дека има сомнение за некаква законска повреда, ДКСК постапува во согласност со своите надлежности.

19 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 42/20.
20 „Службен весник“, Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, 12/19.

Организаторите на изборните кампањи се должни да достават и други податоци по барање на Државната комисија заради спроведување на нејзината надлежност за следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи. Врз основа на добиените и прибавени информации, Државната комисија изработува посебен извештај за утврдените состојби, кој најдоцна во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите треба да го достави до Собранието на Република Северна Македонија и да го објави на веб-страницата на ДКСК.[21]

**Државен завод за ревизија**

Законската задача на Државниот завод за ревизија (ДЗР) е да врши ревизија на користењето на јавните средства и да обезбеди информации за државните институции и јавноста за правилната употреба на средствата. Со промените на Изборниот законик во 2020 година, Државниот завод за ревизија по службена должност врши ревизија на вкупниот финансиски извештај за изборната кампања, во согласност со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) и правилата утврдени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ, кои ги објавува министерот за финансии во „Службен весник на Република Северна Македонија“.[22]

На барање од ДЗР, учесниците во изборната кампања се должни да достават дополнителни податоци и известувања за финансирање на изборната кампања. Носителите на платен промет кај кои е отворена трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања се должни да ги достават сите барани податоци за таа сметка и трансакциите на неа. Дополнително, субјектите кои обезбедуваат услуги за медиумско огласување се должни на барање на ДЗР да ги достават сите договори, фактури и други финансиски документи за финансирање на изборната кампања.

ДРЗ има право да бара податоци за платеното политичко информирање на учесниците во изборната кампања од ААВМУ. Исто така, може да бара финансиски документи од трети лица во врска со финансирањето на учесниците во изборната кампања.

21 КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf (последна посета: 1 септември 2021).
22 „Службен весник“: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, 42/20.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

Државниот завод за ревизија на својата веб-страница треба да ги објавува ревизорските извештаи од извршената ревизија на финансиските извештаи на учесниците, во рокот утврден со закон и треба да ги достави до ДИК и ДКСК.

Доколку утврди неправилности во финансиските извештаи на учесниците во изборната кампања, во согласност со Изборниот законик (член 85-б став 9), ДЗР поднесува барање за поведување прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 3 дена од денот на утврдувањето на неправилностите.

1

# Историјат на локалните избори во Република Северна Македонија (1996 – 2017)

# 1. Историјат на локалните избори во Република Северна Македонија (1996 – 2017)

**Првите локални избори** во независна Република Македонија се одржаа во 1996 година, при што просечниот одѕив на гласачите за избор на советници за општините беше 60,17 %, а за Градот Скопје 53,20 %. Просечниот одѕив на гласачите за избор на градоначалник беше 60,28 %, а за Градот Скопје 53,20 %. При овие избори се случија поништувања на гласањето во одредени општини, така што овие податоци не ги вклучуваат резултатите од избор на градоначалници или членови на совет во вкупно 9 општини. Овие локални избори се одржаа според територијалната организација од 1996, според која беа формирани 123 општини и Градот Скопје како посебна единица.[23] Притоа, СДСМ освои најголем број градоначалнички места 51, ВМРО-ДПМНЕ и МААК-конзервативна 27, а Социјалистичката партија 19.[24] На овие избори право на глас имале 1 495 288 избирачи.

На **локалните избори во 2000 година** беа забележани значителен број прекршувања на изборниот процес и на меѓународните стандарди за слободни и демократски избори. На изборите беа забележани голем број инциденти, насилство и заплашувања на гласачите. Во неколку општини: Гостивар, Тетово, Лабуништа, Џепчиште и Маврови Анови, изборите биле проследени со вооружени инциденти. На некои избирачки места во други општини гласачките кутии биле насилно отворени и уништени. Насилството се повтори на различни места и во вториот круг на гласање. Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР регистрирала групно гласање во 25 % од местата кои ги набљудувала, во 8 % забележала отворено гласање и во 5 % гласање во име на друг. Победник на овие избори беше коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Демократска алтернатива (ДА) со 59 градоначалнички места, а коалицијата предводена од СДСМ „За Македонија

23 Закон за територијалната поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа. „Службен весник на РМ“, 49/1996 од 14.9.1996. Пристапено на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/CAFFB1AA376347A0B1E3044B8FAC16C6.pdf (последна посета: 13 септември 2021).

24 Државна изборна комисија. Локални избори 1996: Конечни резултати од локалните избори за градоначалници и членови на советите на општините и Градот Скопје. Скопје 1997 година. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/ Локални%20избори%201996/4_Резултати%20од%20избори/Извештај%20од%20локални%20избори%201996_ДИК.pdf (последна посета: 13 септември 2021).

заедно" освои 32 градоначалнички места.[25] Коалицијата ПДП-НДП освои 23 градоначалнички места, Народната демократска партија – 3, Демократската партија на Србите – 1, Демократската партија на Турците – 1, додека две освоени градоначалнички места беа на независни кандидати. На овие избори право на глас имале 1 634 859 избирачи.[26]

**Локалните избори во 2005 година** повторно не ги исполнија клучните меѓународни стандарди за универзалност, еднаквост и тајност на правото на глас. За разлика од претходните, овие избори не ги одбележа насилство, но беа забележани голем број неправилности во западниот, северозападниот дел на земјата и во Скопје. Воедно, изборите од 2005 година се првите кои се спроведени според територијалната организација од 2004 година која воспостави 84 општини на територијата на Македонија и го задржа статусот на Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.[27] Од страна на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР биле забележани 30 случаи на полнење на гласачки кутии и над 50 случаи на гласање во име на друг. Во 9 општини, меѓу кои и Градот Скопје, како резултат на жалби кои се однесуваат на неправилности во првиот круг на гласање, тој морал да биде повторен. Во овие места, исто така, требало да се спроведе втор круг на гласање, што резултира со задоцнет втор круг, кој се одржува на 10 април 2005 година. Одзивот на гласачите во првиот круг бил 56,36 %, во вториот круг на 27 март бил 53,66 %, а на 10 април бил 35,6 %. На овие избори победи коалицијата предводена од СДСМ која доби 36 градоначалнички места. ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата освои 21 градоначалничко место, ДУИ – 15, ВМРО-НП – 3, ДПА – 2 и Сојузот на Ромите – 1. Градоначалници станаа 7 независни кандидати, меѓу кои и кандидатот за Скопје, Трифун Костовски, кој беше поддржан од ВМРО- ДПМНЕ.[28] На овие избори право на глас имале 1 711 293 избирачи.

**Локалните избори во 2009 година**, кои се одржаа во ист ден со претседателските избори, се првите локални избори кои се одржуваат во генерална согласност со меѓународните и стандардите на ОБСЕ за демократски избори. Но, и за овие избори Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР има големи забелешки за заплашување

25 OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights. Former Yugoslav Republic of Macedonia Municipal Elections 10 September 2000. OSCE/OIDHR Election Observation Mission Final Report. Warsaw, 2000. Пристапено на: http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2015/09/finalen-izvestaj-OSCE-ODIHR-2000.pdf (последна посета: 13 септември 2021).

26 Изборна архива, Локални избори 2020, КАС/ИДСЦС. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/#e-2000-local

27 Закон за територијална организација на локалната самоуправа. „Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2004 од 16.8.2004. Пристапено на: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=204 (последна посета: 13 септември 2021).

28 ОБСЕ/ОДИХР Канцеларија за демократски институции и човекови права, Поранешна Југословенска Република Македонија, Локални избори 12 и 27 март и 10 април 2005. Конечен извештај на Мисијата за набљудување за избори на ОБСЕ/ ОДИХР. Варшава, 2005. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/Локални%20избори%202005/6_Извештаи%20од%20меѓународни%20и%20домашни%20набљудувачи/Финален%20набљудувачки%20извештај%20локални%20избори%202005_Македонија_ОБСЕ-ОДИХР_МКД_оригинал.pdf (последна посета: 13 септември 2021).





на гласачите. Набљудувачкиот извештај укажува на заплашувања и притисоци кон гласачите, особено врз вработените во јавната администрација и корисници на социјална помош, кои биле под закана да гласаат за владејачката партија.[29] И во 2009 година е забележано семејно гласање, гласање во име на друг (во 3 % од случаите), едно исто лице да „помага" на повеќе гласачи (4 %), обид да се влијае на гласачите (4 %), заплашување на гласачите и членови на избирачките одбори (ИО) (1 %), идентични потписи во изводите од Избирачкиот список (2 %) и повеќекратно гласање (1 %).[30] ВМРО-ДПМНЕ беше победник во 56 општини, ДУИ во 15, СДСМ во 7, а ДПА, НД, ДПТМ, СР, ПДСМ освоија по еден градоначалник. Двајца независни кандидати, исто така, освоија градоначалнички места. На овие избори право на глас имале 1 792 082 избирачи.

Во овој контекст, приоритетните препораки од 2009 година, кои се повторуваат во извештајот за предвремените парламентарни избори во 2011 година, бараат од власта да преземе мерки и да се справи со притисоците и заплашувањата на гласачите. Покрај ова, извештајот на ОДИХР/ОБСЕ даде уште пет други приоритетни препораки: да се одвои државата од партијата; да се поправат сите недостатоци и двосмислености во Изборниот законик; ревизија и поправка на Избирачкиот список; да се преземат мерки со кои би се разрешиле конфликтите на интереси помеѓу лица кои се вклучени во политиката, а вршат контрола врз приватните радиодифузери и воведување рокови во кои Судот би ги донел одлуките во однос на приговорите на Советот за радиодифузија. И во двата извештаја ОБСЕ/ОДИХР повикува на ревизија на Избирачкиот список, што е една од препораките кои беа исполнети. Европската Унија смета дека земјата има постигнато напредок во спроведувањето избори и ги повторува заклучоците и препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Тогашниот амбасадор на САД, Филип Рикер, ги оцени изборите како добро спроведени.[31]

**Локалните избори во 2013** година се одвиваа во мирна атмосфера добивајќи позитивни оценки за ефикасноста на нивното спроведување, иако беа посочени и одредени недостатоци. Недостатоците во најголем дел беа посочени во насока на недоволни услови за обезбедување еднакво поле на натпревар помеѓу кандидатите. Во тој контекст се нотирани забелешки во делот на преклопување на државните и партиските активности, финансирањето на изборните

29 ОБСЕ/ОДИХР Канцеларија за демократски институции и човекови права, Поранешна Југословенска Република Македонија, Локални избори 22 март и 5 април 2009. Конечен извештај на Мисијата за набљудување за избори на ОБСЕ/ ОДИХР. Варшава, 2009. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/Претседателски%20избори%202009/6_Извештаи%20од%20меѓународни%20и%20домашни%20набљудувачи/Финален%20набљудувачки%20извештај%20претседателски%20и%20локални%20избори%202009_Македонија_ОБСЕ-ОДИХР_МКД_оригинал.pdf (последна посета: 13 септември 2021).

30 Ibid.

31 Интервју со Филип Т. Рикер, Амбасадор на САД во РМ, емисија Х/О со Роберт Поповски. Канал 5 ТВ, 8 јуни 2011.

кампањи, законската рамка, како и медиумското известување.[32] Иако во ретки случаи, сепак, забелешките, исто така, вклучуваа нарушување на тајноста на гласањето, семејно гласање и уништување материјал за кампања. Сериозни забелешки се утврдени кај медиумите најмногу во насока на нивната поделеност по етничка и партиска линија.[33] ОБСЕ/ОДИХР подготви низа препораки за надминување на посочените забелешки. Општите препораки вклучуваат зголемување на точноста на Избирачкиот список, заштита од заплашување избирачи и измени на Изборниот законик. Во однос на финансирањето, препораките се движат во насока на измена на соодносот на донации кој постои помеѓу правните и физичките лица, прецизирање дали ограничувањата на трошоците за кампања важат и за двата круга од изборите и поголема деталност на поднесените извештаи.[34] Во делот на медиумите, препораките се во насока на обезбедување поизбалансирано претставување на кандидатите преку подобрување на Изборниот законик, Законот за радиодифузна дејност и адресирање на недоследностите кои постојат меѓу нив.[35] На овие избори, право на глас имаа 1 743 403 гласачи распределени во вкупно 2976 избирачки места. Со овие избори стапи на сила новиот Закон за локална самоуправа, со што за прв пат се избираа градоначалници и советници во 81 општина, бидејќи општините Вранештица, Другово, Зајас и Осломеј се припоија на општина Кичево. Излезноста на овие избори беше прилично висока. Во првиот изборен круг таа изнесуваше 67 %, додека во вториот круг, кој се одржа во 29 општини, излезноста изнесуваше 59 %. Повторено гласање имаше во општина Долнени, додека поради поништени резултати прегласување на вториот круг имаше во четири општини, Центар, Долнени, Струга и Ѓорче Петров. Излезноста на третиот изборен ден изнесуваше 65 %.[36] Најдоминантна партија на овие локални избори беше ВМРО-ДПМНЕ која доби најмногу градоначалници во споредба со останатите партии. ВМРО-ДПМНЕ освои 56 градоначалнички места, ДУИ доби 14 градоначалници, СДСМ – 4, ДПА – 2, Демократската партија на Турците (ДПТМ), Српска напредна странка во Македонија (СНС) и Сојуз на Ромите на Македонија (СРМ) со по еден градоначалник, а избрани беа и двајца независни кандидати.[37]

32 ОБСЕ/ОДИХР Канцеларија за демократски институции и човекови права, Поранешна Југословенска Република Македонија Локални избори 24 март и 7 април 2013. Набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ Конечен извештај. Варшава, 2013. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/103832?download=true (последна посета: 13 септември 2021).
33 За повеќе информации, види: КАС, ИДСЦС Прирачник за локални избори во Република Македонија 2013 година, второ дополнето издание. Достапно на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/kas_33811-1522-2-30.pdf (последна посета: 13 септември 2021).
34 ОБСЕ/ОДИХР Канцеларија за демократски институции и човекови права, Поранешна Југословенска Република Македонија Локални избори 24 март и 7 април 2013. Набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ Конечен извештај. Варшава, 2013. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/b/e/103832.pdf (последна посета: 13 септември 2021).
35 Ibid.
36 Државна изборна комисија, ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2013: http://www.sec.mk/lokalni-izbori-2013/
37 За повеќе информации за резултатите од изборите, види: КАС, ИДСЦС, Прирачник за локални избори во Република Македонија 2013 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_33811-1522-2-30. pdf?130315120539





**Локалните избори во 2017 година** се одржаа во мирна и компетитивна атмосфера, без поголеми инциденти и со нерегуларности кои во поголема мера не влијаеја врз изборниот резултат. Излезноста на изборите во првиот круг изнесуваше 59,51 %, а на вториот круг 51,92 % што е намалување во однос на излезноста од локалните избори во 2013 година. Во текот на изборната кампања партиите имаа можност слободно да ги водат своите кампањи, при што слободата на здружување, собирање и изразување беше почитувана. Иако не премногу, забележана беше негативна реторика кај двете најголеми политички партии. Дополнително, Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР наведе дека постојат кредибилни наводи за купување гласови, притисок врз гласачите и изолирани случаи на насилство кои се случија во предизборниот период. Карактеристично беше што кандидатите на најголемите партии во најголем дел се воздржаа од напаѓачка реторика на етничка основа, а дел од партиите посветија внимание и кон гласачите од други етнички заедници. Коалицијата предводена од СДСМ победи на локалните избори освојувајќи 57 градоначалнички места, вклучувајќи го и Град Скопје. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 5 градоначалнички места, ДУИ – 10, политичка партија Алијанса на Албанците, која за прв пат настапи на овие локални избори како посебна политичка партија, освои 3 градоначалници, а по еден градоначалник освоија БЕСА, ДПА и ДПТ, додека 3 градоначалнички места припаднаа на независни кандидати. Повеќето медиуми при известувањето од изборната кампања ги почитувале новинарските стандарди и овозможија претставување на повеќе разновидни ставови за актуелните политички и општествени теми и прашања. Сепак, во текот на изборните кампањи пред двата круга на гласање констатирани биле и прекршувања на принципите на непристрасно покривање на изборите и на Изборниот законик од страна на неколку медиуми.[38]

***Табела 1: Одзив на локалните избори од 1996 до 2017 година,[39] за прв и втор круг.[40]***

| Година | 1996 | 2000 | 2005 | 2009 | 2013 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одзив** | 60 % (51 %) | 59 % (53 %) | 56 % (53 %) | 57 % (43 %) | 67 % (65 %) | 60 % (52 %) |

38 За повеќе информации, види: КАС, ИДСЦС Прирачник за локални избори во Република Македонија 2017 година, второ дополнето издание. Достапно на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/MAK_PRIRACNIK.pdf (последна посета: 13 септември 2021).
39 Ibid.
40 Првиот процент се однесува на одзивот во прв круг, а вториот на одзивот во втор круг. Процентите се заокружени.

# 2

## Македонски изборен систем за локални избори

# 2. Македонски изборен систем за локални избори

## Изборен модел[41]

Во Република Северна Македонија изборите за **градоначалници** во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) се вршат по мнозинскиот изборен модел, а изборите **за членови на советите во единиците на локалната самоуправа** по пропорционален модел. Изборите за градоначалници и членови на советите се одржуваат **секоја четврта година**, истовремено во сите општини, во втората половина на  октомври. Претседателот на Собранието ги распишува изборите со соодветен акт кој се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, при што од денот на распишување на изборите до одржување на изборите не може да поминат повеќе од 90, а помалку од 70 дена.

**Изборот на градоначалник** во единиците на локалната самоуправа се врши по **мнозинскиот изборен модел**. За градоначалник е избран кандидатот кој освоил мнозинство гласови во првиот круг на гласање, доколку на изборите излегле барем една третина избирачи запишани во Избирачкиот список на соодветната единица на локална самоуправа. Доколку ниту еден од кандидатите не го исполнил потребниот услов, изборите се повторуваат во втор круг за оние двајца кандидати кои освоиле најголем број гласови. Ако на изборите учествува само еден кандидат, а притоа тој не го освои потребното мнозинство, изборната постапка се повторува. Вториот круг на гласање се спроведува 14 дена по завршувањето на првиот. Во вториот круг е избран оној кандидат кој добил поголем број на гласови.

При **изборот на советници во ЕЛС** се употребува **пропорционалниот модел**, при што распределбата на мандатите се врши по Д'Хондтовата формула. Според формулата, вкупниот број на гласови добиен за предложените кандидатски листи се дели со низот на делители 1, 2, 3... сè до бројот на членовите на советот кои се избираат во конкретната ЕЛС. Вака добиените количници се редат по големина, при што се земаат предвид оние најголеми количници колку што се избираат членови во советот. Една листа на кандидати добива

41 Прирачник за локални избори во Република Македонија 2017 година, второ дополнето издание. Достапно на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/MAK_PRIRACNIK.pdf

онолку членови во советот колку што има најголеми количници од оние кои се земени предвид.

### Органи за спроведување на избори

Државната изборна комисија (ДИК), заедно со општинските изборни комисии (ОИК) и Изборната комисија на Градот Скопје, избирачките одбори (ИО) и посебните избирачки одбори (ПИО) за гласање во земјата се изборните органи задолжени за спроведување на локалните избори.

Државната изборна комисија е составена од седум члена кои ги избира Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Мандатот на членовите трае од денот на изборот од Собранието до изборот на нов состав на Државната изборна комисија, но не подолго од две години. Собранието го огласува изборот на членовите на Државната изборна комисија во „Службен весник" и во дневниот печат. Огласот трае осум дена од денот на објавувањето. Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието подготвува предлог-листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието. Од кандидатите на предлог-листата политичките партии во опозиција предлагаат претседател и двајца членови на Државната изборна комисија, а партиите на власт предлагаат потпретседател и тројца членови на Државната изборна комисија. Доколку политичките партии не достават предлози во рок од три дена по приемот на известувањето, претседателот, потпретседателот и членовите на Државната изборна комисија ги предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието. Во надлежностите на ДИК спаѓа и објавувањето на Избирачкиот список, кој треба да биде ставен на јавен увид на граѓаните во рок од 15 дена од датумот на распишувањето на изборите. Јавниот увид во Избирачкиот список трае 20 дена. ДИК располага со стручна служба која е раководена од страна на генерален секретар и ги врши стручно-административните и организациско-техничките работи.

Општинските изборни комисии (ОИК), кои се формираат на ниво на секоја општина, и изборната комисија на Градот Скопје се задолжени за спроведување на изборите на територијата под нивна надлежност и вршат надзор на работата на избирачките одбори. Тие се составени од пет члена, од кои еден е претседател, а секој од членовите има заменик. Членовите и замениците на ОИК се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на Град Скопје, со високо образование, за мандат од пет





години. Нивниот избор го врши ДИК по случаен избор штом ќе ја добие евиденцијата на податоци на државната и општинската администрација, администрацијата на Градот Скопје и јавната администрација.

Избирачкиот одбор (ИО) е тело кое се формира за секое избирачко место, го сочинуваат пет члена од кои еден е претседател, а за секој од нив се избираат и заменици. Претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик, два члена и нивни заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на Град Скопје, со најмалку завршено средно образование, по случаен избор за време од четири години. Еден член на ИО и неговиот заменик се именуваат на предлог на политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, а друг по предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Случајниот избор на членовите на избирачките одбори (од редот на администрацијата) го вршат ОИК за подрачјето за кое се надлежни, по претходен акт на ДИК.

Во оние општини каде што живеат најмалку 20 % граѓани, припадници на немнозинските заедници, се применува принципот за соодветна и правична застапеност во составот на ОИК и на Избирачките одбори. Законот предвидува и застапеност од најмалку 30 % на секој пол во составот на изборните органи. Членови на ОИК и на избирачките одбори не можат да бидат избрани или наименувани функционери од Владата, Собранието и лица вработени во државната администрација на Народниот правобранител, министерствата за правда, одбрана, внатрешни работи, Секретаријатот за законодавство, Државниот завод за статистика, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, стручните служби на Управниот суд, ДИК, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### Право да се биде избран

Право на глас има секој македонски државјанин со наполнети 18 години живот и кој е деловно способен и е со постојано живеалиште во изборната единица, општината, односно Градот Скопје каде што се врши изборот. Гласањето е тајно и никој не смее да го повика избирачот на одговорност заради гласањето, ниту, пак, од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал. ДИК е одговорна да ги информира и да ги едуцира граѓаните за начинот на гла-

сање и за остварување на избирачкото право, притоа на гласачките места и на гласачкиот параван истакнува упатство за гласање на македонски, албански, турски, влашки, српски, ромски и бошњачки јазик. Листите на кандидати, исто така, се истакнуваат во просторијата за гласање.

Кандидат за градоначалник или член на совет може да биде лице кое наврішило 18 години и има деловна способност. Лице кое е осудено со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над 6 месеци, чие издржување не е започнато, или се наоѓа на издржување казна за сторено кривично дело, не може да биде кандидат за овие позиции. Покрај овие услови, кандидатот за градоначалник или член на совет мора да има постојано живеалиште во ЕЛС за која се кандидира.

## Ограничувања за актуелни функционери [42]

Функцијата член на совет и градоначалник се врши професионално и таа е неспоива со функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата, министер, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и со други носители на функции кои ги избира или ги именува Собранието и Владата на Република Северна Македонија. Функцијата градоначалник, исто така, е неспоива со функцијата пратеник, со извршување стручни и управни работи во органите на државната управа, извршување стопанска или друга профитна дејност, членување во управни одбори на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица, како и со изборот на претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва. Дополнително, функцијата градоначалник на Градот Скопје и функцијата член на Советот на Градот Скопје е неспоива со функцијата градоначалник на општина и функцијата член на советот на општината на подрачјето на Градот Скопје.[43] Од денот на донесувањето на одлуката за распишување избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и Градот Скопје не смее да:

42 Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија („Службен весник“, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20 и 74/21). Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1EWMBfikRINVP2r5Y6fY8uAWeCrAd0XhU/view (последна посета: 9 септември 2021).

43 КАС, ИДСЦС, Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2017 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/MAK_PRIRACNIK.pdf (последна посета: 11 септември 2021).





- започнува изградба, со средства од буџетот, јавни фондови, јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал, на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности – училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година;
- врши вонредно исплаќање плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови;
- се започне постапка за вработување нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи;
- отуѓува државен капитал;
- потпишува колективни договори; како и други ограничувања по Изборниот законик.

Доколку некој функционер кој раководи со орган ги прекрши овие правила, тогаш ќе му се изрече глоба во износ од 1 000 до 2 000 евра во денарска противвредност, а самиот обид и постапување спротивно на овие правила е казниво според одредбите на Кривичниот законик.

Доколку некој од кандидатите за градоначалник е припадник на вооружените сили на Република Северна Македонија, униформираниот дел на полицијата, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или Агенцијата за разузнавање, од денот кога ќе биде утврден како кандидат, работниот однос ќе му мирува и тоа лице не смее да учествува во изборната кампања во службена униформа.

Дополнително, во периодот од 20 дена пред започнување на изборната кампања па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирање на советот на општините и Градот Скопје не може да се одржуваат јавни настани по повод започнување изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, во инфраструктура како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности, училишта, градинки и други објекти.

Од денот на донесувањето на одлуката за распишување избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на совет, односно до конституирањето на советот на општините и Градот Скопје, Министерството за финансии е должно сите буџетски исплати, освен редовни плати, пензии и комунални трошоци, да ги објавува јавно на интернет-страница во посебна база за буџетски трошоци во изборен период. Министерството е должно и две недели по распишување на изборите да поднесе предизборен финансиски извештај во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесување на извештајот кој го објавува на својата веб-страница.

### Број на членови во советите

Бројот на членови на советот во секоја од единиците на локалната самоуправа се утврдува според бројот на населението кое живее во нивните рамки. Општините кои имаат до 5.000 жители формираат совети составени од 9 члена, оние меѓу 5.001 и 10.000 – 11 члена, оние меѓу 10.001 и 20.000 – 15 члена, оние меѓу 20.001 и 40.000 – 19 члена, меѓу 40.001 и 60.000 – 23 члена, од 60.001 и 80.000 – 27 члена, меѓу 80.001 и 100.000 – 31 член и над 100.000 – 33 члена. Советот на Град Скопје го сочинуваат 45 члена.[44]

### Право и процедура за поднесување кандидатури за градоначалници или советници

Право на поднесување кандидатски листи за советници и кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии, самостојно или во коалиции, како и групите избирачи. Во зависност од големината на ЕЛС, групите избирачи мора да соберат одреден број на потписи: од 100 потписи за ЕЛС до 10.000 жители, до најмалку 450 за ЕЛС над 100.001 жители, додека, пак, за кандидирање во Градот Скопје се потребни 1.000 потписи.

Во рамки на листата на кандидати за советници, на секое трето место мора да се номинира кандидат кој е припадник на оној пол кој е помалку застапен на листата. Листата на кандидати за членови на совет и кандидат за градоначалник се поднесува на пропишан образец до ОИК, најдоцна 35 дена пред денот на одржување на изборите. ОИК ги огласува овие листи најдоцна 25 дена пред денот на одржување на изборите.

44 Член 34 од Закон за локална самоуправа, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/16



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

Предлагањето  кандидати се врши со поднесување листа на кандидати до Државната изборна комисија. Притоа, еден кандидат може да биде предложен само на една листа, а еден подносител на листа може да поднесе само една листа на кандидати за градоначалник или кандидати за членови на советот.

### Изборна кампања

Изборната кампања за локалните избори 2021 започнува 20 дена пред денот на изборите,  односно на 27 септември во 00:00 часот и завршува на 15 октомври во 24:00 часот.[45] Изборната кампања за вториот круг на гласање трае до 24:00 часот на 29 октомври. И во првиот и во  вториот круг на гласање изборната кампања не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите. Денот пред одржувањето на првиот круг на изборите, односно 16 октомври е ден на предизборен молк кога кандидатите не смеат да водат изборна кампања, а јавните гласила не смеат да вршат изборно претставување на учесниците во изборниот процес. Истото се однесува и на 30 октомври, ден пред вториот изборен круг на изборите.

Субјектите се должни да обезбедат единствен даночен број (ЕДБ)[46] и да отворат трансакциска сметка најрано 48 часа по распишувањето на изборите, а најдоцна 48 часа по потврдувањето на листата на кандидати и во тој рок доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциска сметка се доставува до надлежната Општинска изборна комисија (ОИК). Трансакциската сметка се затвора во док од 60 дена од објавувањето на конечните изборни резултати од одржаните избори, а со тоа се брише ЕДБ на субјектот регистриран пред надлежен орган.

45 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, 2021 година.
Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/17yILq1t-2jvAkZ-Rz4bvVM9UezgKM09P/view (последна посета: 11 септември 2021).

46 Изборен законик предлог консолидиран текст (неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија) („Службен весник на Република Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 98/19, 42/20 и 74/21) Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1EWMBfikRINVP2r5Y6fY8uAWeCrAd0XhU/view (последна посета: 11 септември 2021).

Кампањата може да се финансира од средства од редовната сметка на политичката партија, членарината на политичките партии, донации кои не смеат да надминат 3 000 евра за физички лица и 30 000 евра за правни лица и кредитите на политичката партија наменети за изборна кампања. Кампањата може да се финансира со пари, ствари и услуги чија вредност не смее да ги надмине овие износи. Ако висината на донацијата е поголема од дозволените износи, учесникот на изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Северна Македонија. Учесниците во изборната кампања смеат да потрошат најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната единица за која има поднесено листа на кандидати.[47]

Изборните кампањи не можат да бидат финансирани од средства од буџетите на општините и Град Скопје, од средства на јавни претпријатија и установи, средства на здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, средства од странски влади и меѓународни институции, органи и организации на странски држави други странски лица, како и средства од претпријатија со мешовит капитал каде доминира странскиот капитал, но и од неидентификувани извори. Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-порталите), како и нивните поврзани лица не смеат да финансираат или да донираат на политички партии и на независните кандидати, вклучувајќи и кампањи. Притоа како поврзани лица[48] се сметаат членовите на семејство, на семејството на брачниот и вонбрачниот другар, лица кои имаат удел во сопственоста, учествуваат во управувањето, лица кои во подолг период со маркетинг или друг договор остваруваат повеќе од 30 % од приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорство.[49]

Во случај кандидатура да не се реализира, организаторите на изборната кампања се должни непотрошените донации во рок од 60 дена да им ги вратат на донаторите. Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на затворањето на трансакциската сметка да поднесе вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања. Со цел да се ограничат средствата што се трошат во изборните кампањи, како и да се намали корупцијата во медиумите, беа донесени измени и дополнувања во Изборниот законик. Учесниците во изборната кампања вишокот од собраните средства ги враќаат во Буџетот на Република Северна Македонија, кој потоа се насочува кон хуманитарни активности. Со измени и дополнувања се укина правото на паричен надомест од државниот буџет за избраните кандидати за членови на совет или градоначалник кои освоиле најмалку 1,5 % од гласовите на излезените граѓани во изборната единица. Пред неговото укинување, овој надомест изнесуваше 15 денари од добиен глас. Дополнително, измените и дополнувањата предвидуваат финансиски обврски настанати кон радиодифузерите, печатените и електронските медиуми кои се однесуваат на објавување платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања да бидат покриени од страна на Буџетот на Република Северна Македонија.

47 КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf

48 Терминот „поврзани лица“ е прецизно дефиниран со Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Службен весник“ бр. 184 од 26 декември 2013. Пристапено на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/b063254742a44129b8dfe1221762ddb4.pdf (последна посета: 11 септември 2021).

49 Ibid.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

Од денот на распишување на изборите па до нивното завршување, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-порталите) не смеат да објавуваат реклами кои се финансирани од Буџетот на државата, од буџетите на општините на Градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања.

Доколку во текот на јавните настапи или известувања се повредени правата на некои од кандидатите, тие имаат право веднаш да покренат судска постапка за заштита на своите права. За ваква тужба надлежниот основен суд решава во итни рокови, а одлуката се објавува во јавните гласила.[50]

## Улогата на јавните гласила [51]

Во текот на кампањата, приватните медиуми, вклучувајќи ги и електронските медиуми (интернет-порталите) и јавниот радиодифузен сервис имаат должност да овозможат еднаков пристап за претставувањето на изборните програми и кандидатите на правичен, непристрасен и избалансиран начин. Аген-

50 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, 2021 година.
Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/17yILq1t-2jvAkZ-Rz4bvVM9UezgKM09P/view (последна посета: 11 септември 2021).

51 Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија („Службен весник“, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20 и 74/21). Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1EWMBfikRINVP2r5Y6fY8uAWeCrAd0XhU/view (последна посета: 9 септември 2021).

цијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ)[52] е должна да го следи изборното претставување на партиите и кандидатите и програмскиот сервис на радиодифузерите, од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите. Во случај на повреда на начелото на рамноправен пристап, Агенцијата е должна да покрене прекршочна постапка против одговорниот медиум.

Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања за време на изборниот процес. Ако се одлучат да учествуваат во такви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.

Јавниот дифузер, Македонската радиотелевизија (МРТВ), е должен без надоместок да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање, како и за други прашања поврзани со изборниот процес. МРТВ треба да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма. Тоа значи дека 30 % од програмата треба да се однесува на настани од земјата и светот, 30 % на активностите на партиите застапени во власта, 30 % од времето на активностите на партиите во опозиција и 10 % од времето на активностите на вонпарламентарните политички партии и за независните кандидати.

За време на изборната кампања МРТВ е должна да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес. За избор на градоначалници, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите. За избор на членови на советите, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за членови на советите. За разлика од МРТВ, радиодифузерите не смеат да емитуваат бесплатно политичко претставување од денот на распишување на изборите до нивното завршување.

Од денот на распишување на изборите до почетокот на изборната кампања е забрането платено политичко рекламирање. Од истиот ден е забрането и објавување реклами финансирани од државниот и општинските буџети и од буџетот на Град Скопје. Во истиот период радиодифузерите се должни да ја

52 Претходно надлежен орган беше Советот за радиодифузија кој со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше преименуван во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Службен весник“ 184/2013.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

снимаат својата програма, а снимките да ги чуваат најмалку 30 дена по завршувањето на изборите со цел да ѝ ги достават на АВМУ, доколку таа ги побара.

Медиумите мора да утврдат ценовници[53] за политичкото рекламирање во рок од пет дена од распишувањето на изборите и јавно да ги објават, а не смеат да се менуваат во текот на кампањата. Радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат најмногу девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, при што за двете најголеми политички партии од позицијата и за двете најголеми политички партии од опозицијата, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, можат да се одвојат по четири минути. За парламентарните политички партии кои немаат пратеничка група можат да одвојат по една минута, а за вонпарламентарните политички партии или кандидати триесет секунди. Минутите за дополнителното време за рекламирање се распределуваат по претходен писмен договор. Кога постои интерес за спојување на блоковите за дополнителното време за рекламирање на една политичка партија во два последователни реални часа, медиумот треба да осигура наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција на два часа. Доколку овие партии/коалиции поддржат кандидатура на независна листа, таа листа своето платено политичко рекламирање го добива во минутите на партијата/коалицијата што ја поддржала.[54]

Со измените во Изборниот законик, трошоците за објавеното платено политичко рекламирање ги исплаќа Државната изборна комисија, врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-портали). Како прилог на фактурата треба да биде доставен и Договорот, медиа план од Учесникот во изборната кампања и Извештај за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-портали). Фактурата и документите во прилог, треба да се доставаат во рок од 30 дена по објавувањето на конечните резултати.[55]

53 Ценовниците на медиумите за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес за локалните избори 2021 се достапни на веб-страницата на Државната изборна комисија. Ценовник за телевизии: https://drive.google.com/file/d/1Eoperya7nIQl0fSdcp4scQB466mKWNdJ/view. Ценовик за радиостаници: https://drive.google.com/file/d/1IZR3OKONQo2kVo819Yk4AWmqYAvz0dH4/view (последна посета на 30 септември 2021) .

54 Упатство за платеното политичко рекламирање за локалните избори 2021. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 1.9.2021. Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета 13 септември 2021).

55 Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, „Службен весник на РСМ“ 215/2021.

Финансиските средства за платено политичко рекламирање се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, и тие не смеат да ја надминат сумата од 2 евра во денарска противвредност (без ДДВ) по запишан избирач од вкупно запишани избирачи во државата, а за локалните избори дополнително по 1 евро во денарска противвредност (без ДДВ) по запишан избирач на територијата на општината каде се одржува втор круг на гласање. Овие средства се распределуваат по претходен писмен договор на следниот начин: најмногу 45 % од овие средства може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието освоиле најмногу гласови, и најмногу 45 % од средствата може да искористат двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието освоиле најмногу гласови. Останатите средства, но најмногу до 10 %, може да искористат политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и за вонпарламентарните политички партии или кандидати.

Сумата која може да се исплати на еден електронски медиум (интернет-портал) и печатени медиуми од еден учесник во изборниот процес не може да биде поголема од 15 000 (петнаесет илјади) евра во денарска противвредност (без ДДВ). Вкупната сума која еден учесник може да ја потроши за медиумско претставување на сите електронски медиуми (интернет-портали) и печатени медиуми не може да опфаќа повеќе од 25 % од распределените финансиски средства за платено политичко рекламирање.

Резултати од испитување на јавното мислење поврзано со кандидатите не смеат да се објават преку јавните гласила во текот на последните 5 дена пред денот определен за одржување на изборите. При објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето. Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите не смеат да се објавуваат пред 19:00 часот,[56] односно пред затворањето на избирачките места.[57]

56 Државна изборна комисија, Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје, 2021 година. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/17yILq1t-2jvAkZ-Rz4bvVM9UezgKM09P/view (последна посета: 3 септември 2021).

57 КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf (последна посета: 11 септември 2021).



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

## Набљудување на изборите [58]

Право за набљудување на изборите имаат акредитирани набљудувачи, при што овластувањето го издава ДИК. Акредитација за набљудувачи можат да добијат домашни и странски граѓански организации кои се регистрирани барем една година пред одржувањето на изборите, а во својот статут го имаат вградено начелото за заштита на човековите права. Претставници на странски земји, исто така, можат да ги набљудуваат изборите. Овластени претставници на подносителите на листите имаат право да определат нивен претставник кој ќе ја следи работата на изборните органи.

58 КАС, ИДСЦС, Прирачник за претседателски избори во Република Северна Македонија 2019 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Belegexemplar_2019_The_ Republic_of_Macedonia_s_2019_Presidential_Elections_Handbook_MKD.pdf (последна посета: 13 септември 2021).

# 3

## Политички партии и коалиции

# 3. Политички партии и коалиции[59]

## ВМРО-ДПМНЕ[60]

**ВМРО-ДПМНЕ** е партија која се декларира како народна партија десно од центарот, со идеолошка демохристијанска провиниенција. Од осамостојувањето до денес, ВМРО-ДПМНЕ е една од двете најголеми партии во земјата. Учествувала на речиси сите парламентарни и локални избори, со исклучок на парламентарните избори во 1994 година кога го бојкотира вториот круг. На третите парламентарни избори одржани во 1998 година со освоени 49 мандати во коалиција со Демократска алтернатива, која освојува 13 пратеници, и ПДПА-НДП (подоцна ДПА) со 11, и уште неколку мали партии, ВМРО-ДПМНЕ за првпат формира влада. ВМРО-ДПМНЕ останува на власт до 2002 година, но за време на конфликтот од мај до ноември 2001 година беше формирана Влада на широка коалиција, која вклучи и министри од СДСМ и ЛДП. Во 2002 година ВМРО-ДПМНЕ заедно со коалициските партнери освојува 33 пратенички мандати, ги губи изборите и функционира како опозиција сè до 2006 година. Во 2006 заедно со коалицијата „За подобра Македонија“ повторно победува на парламентарните избори освојувајќи вкупно 45 пратенички места и формира влада. На овие избори партијата за првпат настапи со конкретна програма и конкретни рокови, што беше новина во изборните натпреварувања. Од тогаш, ВМРО-ДПМНЕ победува на уште четири последователни изборни циклуси, на предвремените парламентарни избори во 2008, 2011, 2014 и 2016. На предвремените парламентарни избори во 2008 година заедно со коалицијата „За подобра Македонија“ освојува рекордни 63 пратенички места. На предвремените парламентарни избори во 2011 заедно со коалицијата оваа партија освојува вкупно 56 пратенички места. На предвремените парламентарни избори во 2014 година ВМРО-ДПМНЕ во Собранието имаше 52 пратеници, а заедно со коалициските партнери имаа 61 пратеник од вкупно 123 места во Собранието. На предвремените парламентарни избори

59 Логоата на партиите се преземени од интернет-страниците на соодветните партии. За сите логоа и фотографии како извор е користен интернет.

60 Редоследот на политичките партии е по азбучен ред започнувајќи со трите најголеми парламентарни партии.

во 2016 година ВМРО-ДПМНЕ освои 51 пратенички мандат. И покрај тоа што ВМРО-ДПМНЕ освои најголем број на пратеници, и со тоа претседателот на партијата, Никола Груевски, го доби мандатот од Претседателот на државата, Иванов, да формира влада. Сепак, партијата не успеа да го собере потребното мнозинство од 61 пратеник во утврдениот рок, и со тоа не успеа да состави влада. Мандатот за формирање влада потоа му беше доделен на претседателот на СДСМ, Зоран Заев, како партија која на изборите освои 49 пратенички места. Во однос на локалната власт, на последните локални избори во 2017 година кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ успеаја да освојат 5 градоначалнички мандати. Споредено со претходните локални избори од 2013 година, кога ВМРО-ДПМНЕ освои 57 градоначалнички мандати ова претставува пад од 52 градоначалнички места.

Од основањето до 2003 година претседател на ВМРО-ДПМНЕ е Љубчо Георгиевски. На партискиот Конгрес во мај 2003 година Георгиевски поднесува оставка, а на негово место е избран Никола Груевски. Груевски ја води партијата до декември 2017, кога поднесува оставка од функцијата, која е прифатена од Централниот комитет. На 16. вонреден Конгрес, одржан во декември 2017 година, за претседател на партијата е избран Христијан Мицковски. На парламентарните избори во 2020 година ВМРО-ДПМНЕ ја предводеше коалицијата „Обнова на Македонија“ и освои 44 пратенички мандати.




На овие локални избори, под слоганот „Македонија за сите луѓе“, коалиција „Обнова на Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе настапи со 63 кандидати за градоначалници и листи за советници во 74 општини. Коалицијата е составена од 17 партии: ВМРО-ДПМНЕ, Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ, ГЛАС за Македонија, Движење на национално единство на Турците, Демократска партија на Србите во Македонија, Демократска партија на Ромите, Демократски сили на Ромите, Македонска акција (МААК), Нова либерална партија, Партија на Власите од Македонија, Партија на обединети демократи на Македонија, Роми обединети од Македонија, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Социјалистичка партија на Македонија,





Српска напредна странка, Комунистичка партија на Македонија – Титови сили и Народна партија на Ромите.[61] Исто така, на овие локални избори ВМРО-ДПМНЕ најави предизборна коалиција со Алијанса за Албанците и Алтернатива.

**ВМРО-ДПМНЕ**
Плоштад ВМРО бр. 1 1000 Скопје
contact@vmro-dpmne.org.mk
www.vmro-dpmne.org.mk

### Демократска унија за интеграција

**Демократската унија за интеграција** произлезе од поранешните припадници на поранешната Ослободителна народна армија (ОНА), која го започна вооружениот конфликт во 2001 година. Идеолошки ДУИ се декларира како лево-центристичка партија која се залага за поголеми права на Албанците и за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Партијата е формирана во 2002 година и за прв пат настапува на парламентарните избори истата година каде освојува најголем број гласови меѓу етиничкиот албански електорат, при што обезбедува вкупно 16 пратенички места и станува ден од Владата предводена од СДСМ. ДУИ беше дел од Владата од 2002 до 2006, при што беше претставена со најголем број министри на една албанска партија до тогаш. На парламентарните избори во 2006 година ДУИ повторно освои најголем број гласови меѓу албанскиот електорат (12,2 %) и 17 пратенички места, но по неуспешните преговори со ВМРО-ДПМНЕ не беше вклучена во тогашната владина коалиција. Како резултат на ова ДУИ ја бојкотираше работата на Собранието во поголем период од 2006 до 2008 година, кога беа распишани предвремени парламентарни избори. На парламентарните избори во 2008 ДУИ освои 12,8 % од гласовите и 18 пратенички места и како најголема политичка партија со која се претставени етничките Албанци влезе во Владата на чело со Никола Груевски. На наредните парламентарни избори во 2011 година ДУИ повторно е трета по големина партија во земјата освојувајќи 14 пратенички места. На парламентарните

61 Составот на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ минимално варира за различни општини.

избори во 2014 година ДУИ освои 19 пратенички места и формираше Влада заедно со ВМРО-ДПМНЕ.




На парламентарните избори во 2016 година ДУИ забележа значително послаб резултат освојувајќи само 10 пратеници, делумно поради растот на Алијанса на Албанците и БЕСА, како и прелевањето на гласови кон СДСМ. Сепак, преку коалицирање со СДСМ, ДУИ повторно е дел од Владата. Од нејзиното основање до денес претседател на партијата е Али Ахмети.

На локално ниво на локалните избори во 2017 година ДУИ има 10 градоначалници од вкупно 80 општини и Градот Скопје. На предвремените парламентарни избори во 2020 година ДУИ освојува 15 пратенички места, со што по постизборните преговори повторно со СДСМ, формираат парламентарно мнозинство и составуваат Влада. Во јуни 2021 година, на прославата по повод 19 години од постоењето на ДУИ, партијата најави дека ќе воспостави зелена агенда и фокус кон зачувувањето на животната средина.

На локалните избори 2021 година ДУИ ќе настапи со кандидати за градоначалници во 19 општини и советнички листи во 34 општини, а во општина Чашка ќе настапат заедно со Алијансата за Албанците. Тие ќе настапат под слоганот „Изберете живот, гласајте зелено".

**Демократска унија за интеграција**
ул. „Мала Речица" 1200 Тетово
press@bdi.mk
bdi.mk





## Социјалдемократски сојуз на Македонија

**Социјалдемократскиот сојуз на Македонија** се декларира како партија лево од центарот, со социјалдемократска идеолошка провиниенција. Основана е на Конгрес на 21 април 1991 година, како правен наследник на Сојузот на комунистите на Македонија- Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП). Истата година партијата го менува името во СДСМ и идеологијата од комунистичка во социјалдемократска. Учествувала на сите парламентарни и локални избори од осамостојувањето до денес. Во 1992 година, по распуштањето на првата експертска Влада, СДСМ, иако нема мнозинство во Собранието, добива мандат и ја формира првата политичка Влада на Република Македонија. Во периодот од 1994 до 1998 партијата го има и мнозинството во Собранието кога заедно со своите коалициони партнери на изборите во 1994 година, кои беа бојкотирани од опозицијата во вториот круг, освои 85 пратенички места. На парламентарните избори во 1998 СДСМ ја губи власта освојувајќи само 27 пратенички места. СДСМ е најголемата опозициска партија до 2002 година, кога повторно победува на изборите со освоени 60 пратенички места заедно со своите коалициони партнери и останува власт до следните парламентарни избори во 2006 година. На парламентарните избори во 2006 година коалицијата на СДСМ освојува 32 пратенички места. Од тогаш до 2016 година СДСМ е во опозиција, откако губи на уште четири изборни циклуси, во 2008, 2011, 2014 и 2016 година. На предвремените парламентарни избори во 2008 година заедно со коалицијата освојува 27 пратенички места, а на предвремените парламентарни избори во 2011 година СДСМ со коалицијата освојува 42 пратенички места. На парламентарните избори во 2014 година СДСМ и коалицијата освоија вкупно 34 пратенички места. СДСМ не ги призна резултатите на изборите и обвини за низа неправилности на изборниот процес. Веднаш по завршувањето на изборите, партијата одлучи да ги врати пратеничките мандати и го бојкотираше парламентот до септември 2015, до потпишувањето на Пржинскиот договор. На парламентарните избори во 2016 година СДСМ и коалицијата освојуваат вкупно 49 пратенички места, што е за две помалку од ВМРО-ДПМНЕ, но успева да формира парламентарно мнозинство заедно со ДУИ.

Претседател на партијата од осамостојувањето на државата и трансформацијата од СКМ-ПДП во СДСМ во 1991 па сè до 2004 година е Бранко Црвенковски. Се повлекува од оваа позиција поради победата на вонредните претседателски избори во 2004 година и станува Претседател на државата. На вонреден Конгрес на СДСМ во ноември 2004 за претседател е избран Владо Бучковски, кој

ја води партијата до поразот на изборите во 2006. По изборите на Бучковски му е изгласана недоверба, а за лидер на партијата е избрана Радмила Шекеринска. На позицијата претседател на СДСМ Радмила Шекеринска се задржува до јуни 2008 година, кога поднесува неотповиклива оставка поради поразот на предвремените парламентарни избори. Во септември 2008 година на 8. Конгрес на партијата за в.д. претседател е избран Зоран Заев. Во 2009 година по истекувањето на претседателскиот мандат на партиски Конгрес повторно на чело на СДСМ се враќа Бранко Црвенковски. Тој е партиски лидер до 2013 година, кога се повлекува од позицијата, а на негово место повторно е избран актуелниот претседател на партијата Зоран Заев.

На последните локални избори во 2017 година, СДСМ ја има власта во 57 од вкупно 80 општини и Градот Скопје. Додека на последните предвремени парламентарни избори во 2020 година СДСМ и коалиционите партнери освојуваат 46 пратенички места и во постизборните преговори со ДПА и ДУИ успеваат да формираат парламентарно мнозинство и да формираат Влада.

НАЈДОБРОТО за нашата општина

На локалните избори 2021 година СДСМ со други политички партии ќе настапи заедно во коалиција насловена „Најдоброто за мојата општина“, со кандидати за градоначалници во 68 општини и кандидат за градоначалник на Градот Скопје и 80 советнички листи и советничка листа за Градот Скопје. Покрај СДСМ, коалицијата ја сочинуваат Нова Социјалдемократска партија – НСДП, Демократски сојуз на Власите од Македонија-ДСВМ, Партија на пензионерите – ПП, Социјалдемократска унија – СДУ, Демократски сојуз – ДС, Политичка партија Достоинство – ППД, Партија за економски промени 21 – ПЕП 21, Партија за општествен и економски напредок – ПОЕН, Партија за европска иднина – ПЕИ, Обединети за Македонија – ОМ, Сојуз на Ромите од Македонија, Странка на демократска акција на Македонија, Партија за демократски просперитет на Ромите – ПДПР, Нова алтернатива – НА, Партија за целосна еманципација на Ромите од Република Северна Македонија – ПЦЕР, Партија за движење на Турците во Македонија-ПДТ, Обединета партија за еднаквост на Ромите –ОПЕР.[62]

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**
ул. „Бихаќка“ бр.8 1000 Скопје
web@sdsm.org.mk
www.sdsm.org.mk

62 Составот на коалицијата предводена од СДСМ минимално варира за различни општини.





**Алијанса за Албанците**

ALEANCA për SHQIPTARËT

**Алијансата за Албанците** е политичка партија која произлегува од Движењето за реформи во Демократската партија на Албанците. Партијата е предводена од Зијадин Села. Главната цел на Алијансата за Албанците е целосна еднаквост помеѓу Албанците и Македонците во сите области, како инвестиции, институционална застапеност, фер пристап до државните институции, вработување, инфраструктура и подигнување на националната свест. На локалните избори 2017 година, тогаш како Коалиција Алијанса на Албанците настапи во општините Гостивар и Дебар. На парламентарните избори во 2020 година коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива освои 12 пратенички мандати. На претстојните локални избори партијата ќе настапи во коалиција со политичката партија Алтернатива со вкупно 15 кандидати за градоначалници.[63] На овие избори Алијансата за Албанците и политичката партија Алтернатива најавија предизборна коалиција со ВМРО-ДПМНЕ.

**Алијанса за Албанците**
ул. „Видое Смилевски Бато“ бр. 1 Тетово
info@aleanca.eu
www.paster.mk/

63 Апликација на Државната изборна комисија за регистрација на политички партии и кандидатски листи (sec.mk).

### Алтернатива

Политичката партија **Алтернатива** е формирана во 2019 година. Централното собрание за прв претседател го назначи Африм Гаши. Партијата потекнува од членови на движењето Беса, кои решија да формираат нова партија по лошите резултати на локалните избори во 2017 година. На парламентарните избори во 2020 година коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива освои 12 пратенички мандати. Политичката програма се потпира на четири главни столба: Развој, Интеграција, Отворен дијалог и Правда.[64] На претстојните локални избори, партијата ќе настапи во коалиција со политичката партија Алијанса за Албанците со вкупно 15 кандидати за градоначалници.[65] На овие избори политичката партија Алтернатива и Алијансата за Албанците најавија предизборна коалиција со ВМРО-ДПМНЕ.

**Алтернатива**
бул. „Крсте Мисирков“ бр.11/1 лок.68 А
1000 Скопје
kontakt@alternativa.mk
https://alternativa.mk

### Бошњачки демократски сојуз (БДС)

**Бошњачкиот демократски сојуз** е основана на 1 март 2018 година на идеолошки принципи десно од центарот, а нејзин претседател е Мунир Колашинац. На парламентарните избори во 2020 година настапува во коалицијата предводена од СДСМ. Овие избори ќе бидат првите локални избори за партијата. БДС настапува самостојно на овие избори со свој кандидат за градоначалник во Град Скопје, Велес, Долнени и Чаир. Исто така, настапува и со свои кандидати за советници во 11 општини и Градот Скопје.

**Бошњачки демократски сојуз (БДС)**
bosnjackidemokratskisavez@gmail.com
https://www.facebook.com/bds.org.mk/

### Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ

**Граѓанската опција за Македонија (ГРОМ)** е политичка партија од центарот, која е формирана во 2014 година. Претседател на партијата и нејзин основач е Стевче Јакимовски. Партијата за прв пат учествуваше на Претседателските избори во 2014 година каде што нејзин кандидат беше Зоран Поповски кој освои 3,6 % од вкупниот број на гласови. На парламентарните избори истата година, партијата настапи самостојно со што освојува едно пратеничко место. На парламентарните избори во 2016 и 2020 година, партијата ГРОМ е дел од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Минатите локални избори освоија три советнички места. Тоа беа првите избори на кои партијата настапи самостојно со свој кандидат за градоначалник во Општина Карпош. На овие локални избори партијата повторно настапува самостојно во Општина Карпош, а во другите општини во коалицијата „Обнова на Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

**Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ**
ул. „Прашка“ бр. 21 влез 1, локал 2 и 3
1000 Скопје
info@grom.mk
www.grom.mk

64 КАС/ИДСЦС, Прирачник за Парламентарни избори во Република Северна Македонија 2020 година, второ дополнето издание. Достапно на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Prirachnik_za_parlamentarni_izbori_2020_MKD.pdf

65 Апликација на Државната изборна комисија за регистрација на политички партии и кандидатски листи (sec.mk).

### Движење за демократија, права, слобода (ДПС)

**Движењето за демократија, права, слобода** е нова политичка партија основана на 21 мај 2021 година. На основачкото собрание одржано во Битола за нејзин претседател е избран Един Јакуповиќ. На локалните избори ќе настапуваат самостојно со своја советничка листа во Студеничани и со свој кандидат за градоначалник во Општина Тетово.

**Движење за демократија, права, слобода (ДПС)**
infodpsorg@gmail.com
https://www.facebook.com/DemokratijaPravaSlobodaDPS

### Движење БЕСА

Политичката партија **Движење БЕСА** е основана на 23 март 2015 во Скопје. Движење Беса има за цел да ги промовира интересите на сите граѓани, а особено на Албанците. Основните определби се базираат на рамноправност, правда, слобода и благосостојба. Движењето тргнува од асиметричната поставеност на државата кон народите во неа. Наместо асиметричност, државата треба да се заснова врз: принципите на слобода, еднаквост, правда, благосостојба, борба против корупција. За постигнување на овие цели Беса се залага за промена на функционирање на системот во земјата, развивање на универзалните вредности на хуманизмот, подобрување на демократијата во земјата, елиминирање на секаков вид дискриминација, изградба на правна држава итн. Оваа партија за прв пат учествуваше на парламентарните избори во 2016 година, каде што освои вкупно 5 пратеници, по еден во првата и втората изборна единица и три пратеници во шестата изборна единица (4,86 % од гласовите на национално ниво). На претходните парламентарни избори во 2020 година Беса настапи во коалицијата „Можеме“ предводена од СДСМ, што претставуваше прва предизборна коалиција помеѓу политички партии од македонскиот и албанскиот блок.





На минатите локални избори, партијата настапи самостојно со свои кандидати за градоначалници во 19 општини и Градот Скопје. За општините Битола, Охрид и Гази Баба, БЕСА настапија со заеднички советнички листи со ДУИ и Алијансата на Албанците. Освоија едно место за градоначалник, 63 советнички места, дополнително уште четири советници од коалицијата со ДУИ и Алијансата на Албанците. На овие избори БЕСА настапува самостојно со 11 кандидати за градоначалници и предложени советнички листи во 21 општина и Градот Скопје.

**Движење Беса**
ул. „Христијан Тодоровски – Карпош“, бр.84 А
1000 Скопје
kontakt@levizjabesa.mk
www.levizjabesa.mk

### Движење за национално единство на Турците

**Движењето за национално единство на Турците (ДНЕТ)** е една од политичките партии кои ги застапуваат правата на турското малцинство во Република Северна Македонија. Идеолошки, оваа политичка партија е позиционирана во центарот. Претседател на партијата е Ердоган Сарач. Партијата за прв пат учествувала на парламентарните избори во 2006. Како на овие избори така и на следните во 2008, оваа партија не забележува позначителен успех. На парламентарните избори во 2011 година ДНЕТ е дел од коалицијата предводена од СДСМ каде што освојува еден пратенички мандат. На изборите во 2014 година оваа партија не учествува на изборите, додека во 2016 и 2020 година настапува во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. На локалните избори од 2014 година, ДНЕТ освојува 9 советнички места во општините Дебар, Центар Жупа и Шуто Оризари. На претходните локални избори, ДНЕТ настапи во коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ, со исклучок на Општина Долнени каде што настапи со свој кандидат за градоначалник. Како партија освоија три советнички места во 2017 година. На овие локални избори ДНЕТ настапува повторно во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Надвор од коалицијата, партијата има свој канди-

дат за градоначалник во Центар Жупа, и кандидати за советници во општините: Бутел, Гостивар, Долнени, Центар Жупа и Чаир.

**Движење за национално единство на Турците**
ул. „Ленинградска" бр. 2
1230 Гостивар
tmbh-2006@t-home.mk
http://tmbh.org.mk/

## Демократска партија на Албанците – ДПА

**Демократската партија на Албанците** е основана во јуни 1997 година со обединувањето на Партијата за демократски просперитет на Албанците (ПДПА) и Народната демократска партија (НДП). ПДПА е основана во 1994 година, откако радикалното крило на Партијата за демократски просперитет (ПДП), Арбен Џафери и Мендух Тачи, ја напушти матичната партија. ДПА се декларира како партија десно од центарот и се залага за поголеми права на Албанците во земјава и за редефиниција на уставната рамка поставена со Охридскиот рамковен договор. Претседател на ДПА е Мендух Тачи, кој на оваа функција е избран на 30 јуни 2007 година. Тачи стапува на оваа функција по оставката на претходниот претседател Арбен Џафери. На изборите во 1998 година ДПА освои 11 пратенички места и стана дел од Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. За време на конфликтот во 2001 година ДПА останува дел од Владата на широка коалиција, која подоцна го потпишува Рамковниот договор. Потписник на Рамковниот договор од страна на ДПА е нејзиниот тогашен претседател Арбен Џафери. По расформирањето на таа Влада, ДПА останува во владината коалиција. На следните парламентарни избори во 2002 година ДПА освои 5,2 % од гласовите и 7 мандати и станува опозиција во Собранието. ДПА повторно се враќа на власт кога по изборите во 2006 година успешно ги завршува преговорите со ВМРО-ДПМНЕ, која го имаше добиено мандатот за формирање влада. На овие избори ДПА имаше освоено 7,5 % од гласовите и 11 мандати, што беше помалку од мандатите на ривалската ДУИ. На предвремените избори во 2008 година ДПА повторно добива 11 мандати. По предвремените парламентарни избори во 2008 година најголемата парламентарна





партија ВМРО-ДПМНЕ го прекинува традиционалното партнерство со ДПА и формира коалиција со најголемата албанска партија во Парламентот, ДУИ. На предвремените парламентарни избори во 2011 година ДПА освојува 8 мандати. Во Собранискиот состав 2014 – 2016 ДПА има 7 пратеници, во составот од 2016 година има само двајца пратеници во Собранието, а во 2020 година за ова партија гласаа 13 930 гласачи или 1,53 %, доволни за еден пратенички мандат. На локалните избори од 2017 ДПА освои 23 советнички места и едно градоначалничко место, а на овие локални избори ДПА настапува со предложени 14 кандидати за градоначалник и 16 листи за советници, меѓу кои и советничката листа за Град Скопје.

**Демократска партија на Албанците**
Плоштад Илирија 15/1
1200 Тетово
info@gurra-pdsh.org
https://gurra-pdsh.org/

## Демократска партија на Турците на Македонија

**Демократската партија на Турците на Македонија (ДПТМ)** е, исто така, политичка партија која ги претставува етничките Турци во Република Северна Македонија. Партијата е предводена од Бејкан Илјас. На парламентарните избори во 2016 година ДПТМ настапи во коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ, при што освои едно пратеничко место. На претходните локални избори во 2013 година партијата освојува 20 советнички места. На локалните избори во 2017 партијата настапува во коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ, со исклучок на општините Врапчиште и Центар Жупа каде што ДПТМ предложи кандидати за градоначалник самостојно. Освоија три советнички места и остварија победа во изборот за градоначалник во Центар Жупа. За локалните избори 2021 година Демократската партија на Турците предложи 5 кандидати за градоначалник во Врапчиште, Долнени, Конче, Пласница и Центар Жупа, дополнително со своја листа на советници во 15 општини. Во другите општини партијата настапува во коалиција со СДСМ.

**Демократска партија на Турците на Македонија**
ул. „Стив Наумов“ бр. 1
1000 Скопје
info@tdp.org.mk
www.tdp.org.mk

**Коалиција „Одлучно за промени“**




**Коалицијата „Одлучно за промени“**[66] што ќе настапи на локалните избори 2021 е составена од **Либерално демократска партија (ЛДП) и Демократска обнова на Македонија (ДОМ)**. На оваа коалиција ова ѝ се први избори на кои учествува. Коалицијата ќе настапи со кандидати за градоначалници во 16 општини и кандидат на градоначалник на Град Скопје и советнички листи во 48 општини и советничка листа за Град Скопје.

На парламентарните избори во 1998 година **Либерално демократска партија (ЛДП)** настапи во коалиција со Демократската партија на Македонија (ДПМ). На овие избори ЛДП освои 79 000 гласови (4 пратенички мандати). На Првиот конгрес на ЛДП во пролетта 1999, а по неуспехот на парламентарните избори во 1998, Петар Гошев се повлекува од претседателската функција. За нов претседател е избран Ристо Пенов, дотогашен потпретседател на партијата. Во 1999 ЛДП влегува во Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. На претседателските избори во 1999 година ЛДП учествува со свој кандидат, Стојан Андов. Тој на овие избори освои 112 000 гласови и не успеа да се пласира во вториот изборен круг. На локалните избори 2000 година ЛДП настапува како дел од коалицијата „За Македонија заедно“, во која членуваа и СДСМ, СПМ и Лигата за демократија. Во коалиција со СДСМ, ЛДП учествува на парламентарните избори 2002 година, освојувајќи 13 пратенички места и влегува во новата влада со 4 министри. На парламентарните избори во 2006 година ЛДП повторно настапи во коалиција со СДСМ и освојува 5 пратенички мандати. Претседателот на партијата, Ристо Пенов, се повлекува од претседателската позиција, по што на 11 февруари 2007 година за нов претседател на Партијата е избран Јован Манасијевски. По поразот на изборите во 2011 година тој се повлекува и на негово место доаѓа Андреј Жерновски, кој е на претседателското место во ЛДП  до 2015 година. Од 2015 година до денес претседател на ЛДП е Горан Милевски. На предвремените парламентарни избори во 2008 година ЛДП е во коалицијата со СДСМ и освојува 4 пратенички места. Во 2009 партијата за првпат настапува самостојно на локалните и претседателските избори каде што го кандидира Нано Ружин. Во 2011 година  на парламентарните избори ЛДП се одлучува на самостоен настап на изборите, но не освојува ниту еден пратенички мандат. На парламентарните избори во 2014 година ЛДП повторно влегува во коалиција со СДСМ и освојува 3 пратенички мандати. Во 2016 година на парламентарните избори ЛДП е повторно во коалиција со СДСМ и освојува 3 пратенички мандати. По договорот на СДСМ со ДУИ и Алијанса за Албанците за формирање  парламентарно мнозинство и Влада, ЛДП како коалиционен партнер на СДСМ станува дел од парламентарното мнозинство, а со тоа и дел од Владата.

66 Државна изборна комисија-Апликација за внес на кандидатски листи. Пристапено на: https://candidatelist.sec.mk/CandidateListCouncils (последна посета: 22 септември 2021).



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

На локалните избори во 2017 година ЛДП настапува повторно во коалиција со СДСМ и има советници во  поголемиот дел на советите низ државата.

На парламентарните избори во 2020 година партијата повторно учествува во коалиција предводена од СДСМ и освојува 2 пратенички места. По договорот на СДСМ и ДУИ за формирање парламентарно мнозинство и Влада, ЛДП  како коалиционен партнер на СДСМ, е, исто така, дел од парламентарното мнозинство и Владата.

**Либерално демократска партија**
ул. „Васил Главинов“ бр.14-1/7
1000 Скопје
office@ldp.mk
https://ldp.mk/

### Демократска обнова на Македонија

**Демократска обнова на Македонија (ДОМ)** е формирана 2006 година. На парламентарните избори во 2006 година настапува самостојно и освојува 1 пратеник. На предвремените парламентарни избори во 2008 година ДОМ е дел од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и освојува 1 пратеник и потоа станува дел од Владата предводена од тогашниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски. На локалните избори во 2009 година е повторно дел од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и освојува 1 градоначалничко место и 22 советнички места низ општините на државата. На предвремените парламентарни избори во 2011 повторно како дел од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освојува еден пратеник. По договорот на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, станува дел од парламентарното мнозинство и Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

На локалните избори во 2013 година ДОМ се одлучува на самостоен настап и освојува 10 советнички места. На претседателските и парламентарните избори во 2014 година е повторно дел од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и освојува 1 пратеник. По договорот на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ за формирање парламентарно мнозинство и влада, ДОМ станува дел од таа влада. Но, во 2015 година централниот одбор на ДОМ носи одлука за напуштање на владината коалиција.

На парламентарните избори во 2016 година е дел од коалицијата предводена од СДСМ и освојува 2 пратенички места, а со договорот помеѓу СДСМ, ДУИ и Алијанса за Албанците за формирање на парламентарно мнозинство и влада, станува и дел од нив.

На локалните избори во 2017 година ДОМ повторно настапува во коалиција со СДСМ и освојува 21 советничко место. На парламентарните избори во 2020 година ДОМ е повторно дел од коалицијата на СДСМ и освојува 2 пратенички места. По договорот на СДСМ и ДУИ за формирање парламентарно мнозинство и влада, ДОМ како коалиционен партнер на СДСМ станува дел од нив.

Претседателка на партијата од нејзиното основање до 2018 година е Лилјана Поповска. На 4. Конгрес на партијата за нова претседателка е избрана Маја Морачанин, која сè уште е на истата функција.





**Демократска обнова на Македонија**
ул. „Даме Груев“ бр.5, зграда 1, влез 2, кат мезанин
1000 Скопје
dommakedonija@yahoo.com
https://dom.org.mk/

### Левица

Политичката партија **Левица** е основана на крајот на 2015. Статутарно, партијата има изразено левичарска идеологија и се залага за левичарски вредности, меѓу кои антикапитализам, антинационализам, антимилитаризам и антиклерикализам и антиконзерватизам. Во фокусот на партијата се работничките и основните човекови права, а како партија се залага, пред сè, за сиромашните, непривилегираните, маргинализираните, обесправените. На изборите во 2016 партијата настапува самостојно освојувајќи 12 120 гласови (1,02 %), додека на предвремените парламентарните избори во 2020 година партијата се најде на петтото место по бројот на освоени гласови. За кандидатските листи на оваа партија гласаа 37 426 гласачи, што претставува 4,1 % од вкупниот број на гласови. Левица со тоа освојува 2 мандата и за прв пат има свои пратеници во Собранието.

Иницијативата за формирање на Левица потекнала од членови на Движењето за социјална правда „Ленка“, членови на левичарското движење „Солидарност“, членови на Комунистичката партија на Македонија, синдикалци, активисти и поединци левичари. До 2019 година Левица има колективно претседателство, Президиум, составен од седум членови со императивен мандат. На редовно заседание на Пленумот на политичката партија Левица се носи нов партиски статут со које направена промена во организациската структура, каде што покрај основните раководни органи Пленум, Централен комитет, Президиум и Трибунат, се воведува и позиција претседател со мандат од четири години. Актуелен претседател на Левица е Димитар Апасиев.

Левица на локалните избори во 2017 година успеа да освои вкупно три советнички места, од кои едно во Советот на Град Скопје, и по едно советничко место во општините Карпош и Росоман. На овие избори Левица поднесе свои

кандидатски листи за избор на градоначалник во 8 општини, како и кандидатски листи за советници во 37 општини и Град Скопје.

### Политичка партија Левица

ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 20, влез 1, кат 3, локал бр.12
1000 Скопје
contact@levica.mk
www.levica.mk

### Трајно македонско радикално обединување – ТМРО

**Трајно македонско радикално обединување (ТМРО)** е македонска политичка партија основа во 2002 година. Идеолошки, партијата има десна ориентација промовирајќи вредности на конзервативизам и македонски патриотизам разбирајќи ја државата Македонија како национална држава на македонскиот народ. Претседател и основач на партијата е Ванчо Шехтански. На парламентарните избори во 2006 и 2008 година партијата постигнува незначителни резултати. На парламентарните избори во 2011 година партијата станува дел од коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ,  со која настапува и на изборите во 2014 и 2016 година. На претходните локални избори во 2017 ТМРО настапи самостојно, со свои кандидати за градоначалници во Општина Кавадарци и Град Скопје. И на овие локални избори ТМРО настапува самостојно со своја советничка листа во 16 општини и Град Скопје, а во изборот за градоначалник учествува во 8 општини и Град Скопје.

**Трајно македонско радикално обединување – ТМРО**
бул. „Јане Сандански“ бр. 67 Б-2
1000 Скопје
t_tmro@yahoo.com
http://tmro-mk.weebly.com/



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

### Политичка партија Демократи

**Демократи** — македонска политичка партија. Партијата е основана во 2018, а на Основачкото собрание за претседател на партијата е избран Јорго Огненовски. Партијата се залага за демократски вредности и почитување на основните човекови права, меѓу кои и гласање и изјаснување на избори или референдуми и почитување на волјата на граѓаните. Партијата на претходните парламентарни избори поднесе свои кандидатски листи во шесте изборни единици, но не освои доволен број гласови за да обезбеди свој претставник во Собранието. На локалните избори во 2021 година настапува самостојно со 6 кандидати за градоначалник во општините Битола, Долнени, Струга, Ѓорче Петров, Центар и Град Скопје. За советничките места со свои кандидати учествува во 10 општини и Град Скопје.

**Демократи**
Порта Буњаковец бр.19
1000 Скопје
demokratimk@yahoo.com
https://demokrati.mk/

### Интегра – Македонска конзервативна партија

**Интегра** е македонска конзервативна политичка партија со демохристијанска идеологија со десничарска ориентација. Регистрирана е во 2019 година, а претседател на партијата е Љупчо Ристовски. Основните заложби ѝ се возвраќање на основните човекови вредности, материјална благосостојба и квалитет на животот и чување на македонскиот национален идентитет.

На парламентарните избори во 2020 година Интегра настапи самостојно со свои кандидатски листи во шесте изборни единици и освои вкупно 12 291 гласови (1,35 %), недоволни за пратенички мандат. Претстојните избори ќе бидат

првите локални избори за Интегра. Партијата настапува самостојно со свои кандидати за градоначалник во 10 општини и Град Скопје и советничка листа во 16 општини и Град Скопје.

**Интегра**
ул. „Даме Груев“ 16-3/1
1000 Скопје
contact@integra.org.mk
https://integra.org.mk/

### Твоја партија

Партијата е основана во 2020 година, а едни од основачите се адвокатот Александар Тортевски и професорката Мирјана Најчевска. Во согласност со статутот на партијата, „Твоја“ е демократска партија чијашто дејност се базира на комбинирање на политиките за општествена промена со политиките за решавање на големите еколошки проблеми во национални и меѓународни рамки, а со цел креирање праведно, фер и одржливо општество.

На парламентарни избори во 2020 „Твоја“ партија поднесе свои кандидатски листи во три изборни единици, односно во ИЕ 1, ИЕ 2 и ИЕ 5 година, но не успеа да освои доволен број гласови за свој претставник во Собранието. На овие локални избори „Твоја“ партија има свои кандидати за градоначалник во Општина Центар и Град Скопје, како и свои кандидати за советници во 7 општини.

**Твоја партија**
info@tvoja.org
http://www.tvoja.org



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

### Комунистичка партија на Македонија – Титови леви сили

Партијата е основа на 26 октомври 2005 година. Заснована е на комунистичката идеологија, а нејзин основач е Слободан Угриновски. Во 2006 и 2008 на парламентарните избори настапува самостојно, но не освојува доволен број гласови за пратеник. На локалните избори во 2009 има свој советник во Советот на Град Скопје. На парламентарните избори во 2011 партијата влегува во коалиција со СДСМ, но ја напушта на локалните избори во 2013 година. На парламентарните избори во 2016 и 2020 година, како и на претходните локални избори во 2017 година, партијата настапува во коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. И за овие локални избори Титови леви сили ќе настапи во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, освен за кандидат за градоначалник на Градот Скопје каде партијата настапува самостојно.

**Титови леви сили**
ул. „Ѓорѓи Сугаре“ бр. 2/1-2,
1000 Скопје

### Партија на обединети демократи на Македонија (ПОДЕМ)

**Партијата на обединети демократи** е основана на 12 јули 2008. Нејзин основач и претседател е Живко Јанкулоски. Идеолошки партијата се декларира како партија од центарот.

ПОДЕМ за првпат учествуваа на локалните избори во 2009 година, со самостоен настап освојува 18 советнички места. На претходните локални избори во 2013 и 2017 партијата настапува во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. На овие избори, исто така, настапува во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, освен во општините Дојран, Кривогаштани и Лозово каде ќе настапат самостојно во изборот за градоначалник. Дополнително, имаат свои советнички листи во шест општини.

**Партија на обединети демократи на Македонија**
ул. „Кукуш“ бр. 13
1000 Скопје
contact@podem.org.mk
https://podem.org.mk/

### Родина

**Родина** е партија основана во 2019 година. Основната цел на партијата е да се изгради како народна партија издигната врз културните и традиционалните вредности на македонскиот народ и природните принципи на еднаквост. Нејзин претседател е Зоран Јованчев. Настапува прв пат на локалните избори 2021 година со свои кандидати за градоначалник во Берово, Центар и Град Скопје. Дополнително, на овие избори настапува во 9 општини и Град Скопје со свои советнички листи.

**Родина**
ул. „Никола Парапунов“ бр. 3А/52
1000 Скопје
organizacija@rodina.org.mk
https://rodina.org.mk/

### Македонска ера трета/Македонски независни листи

**Македонска ера трета** е нова политичка структура формирана во 2021 година на иницијатива на истоименото движење. Идеологијата на партијата потекнува од традицијата и основните начела на суверенизмот како темел. Нејзин основач и претседател е Горан Тасковски, а седиштето на партијата е во Битола. За прв пат ќе настапи на овие локални избори со 7 кандидати за градоначалник и со листи за советници во 5 општини.

**Македонска ера трета**
makedonskaeratretamnl@gmail.com
https://www.facebook.com/pg/makedonskinezavisnilistiE3



4

# Преглед на кандидати за градоначалници

# 4. Преглед на кандидати за градоначалници[67]

Во овој дел се претставени кандидатите за градоначалници на локалните избори во 2021 година. Номинираните лица во 29 општини и Градот Скопје[68] се претставени со своите биографии и фотографии[69], додека кандидатите во останатите општини се наведени само со своите имиња и презимиња, како и со подносителот на кандидатурата. Во опширниот преглед се опфатени само поголемите општини кои се лоцирани во урбаните средини, вклучувајќи ги и сите општини во рамки на Градот Скопје. Критериуми за вклучување на општините во овој прирачник беа: урбаниот статус, бројот на жители (при што се вклучени поголемите), етничката структура на населението (при што се водеше сметка да се вклучат што повеќе мултиетнички општини) и бројот на номинирани кандидати за градоначалници.

**Град Скопје**

| | |
|---|---|
| Површина | 1854 км$^2$ |
| Број на жители | 506 926 |
| Етничка структура на население | Македонци (66,75 %)<br>Албанци (20,49 %)<br>Роми (4,36 %)<br>Срби (2,82 %)<br>Турци (1,7 %) |
| Број на членови на совет | 45 |
| Буџет за 2021 година | 6 302 000 000 |
| Адреса | бул. „Илинден“ бр. 82<br>Скопје |
| Телефон | 02/3297 204 |
| Веб-страница | www.skopje.gov.mk |

67 За сите фотографии како извор е користен интернет. Најчесто се користени фотографии од официјалните фејсбук профили на кандидатите за градоначалници.

68 Претставувањето на кандидатите за градоначалници во 29 општини и Градот Скопје е според азбучен ред на првата буква од презимето на кандидатите.

69 Поради недостиг на информации, кај одредени кандидати не се наведени биографии и/или фотографии. Прегледот на кандидати за градоначалници се повикува на објавените кандидати од страна на Државната изборна комисија. Официјалната листа е достапна на https://kandidati.sec.mk.

### Кандидати за градоначалник на Град Скопје



**Данела Арсовска**
(независен кандидат, поддржан од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е претседателка на Стопанската комора на Северна Македонија. Арсовска е дипломиран правник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ со дополнителна едукација на Универзитетот во Оксфорд и Универзитетот во Шефилд. Во 2015 година била назначена за претседателка на Македонската унија на организации на работодавачи. Од 2016 година е претставник во Националниот совет за европски интеграции во Собранието на Република Северна Македонија и член на Советот за јавно приватно партнерство во Владата на Република Северна Македонија.



**Горан Арсовски**
(Комунистичка партија на Македонија – Титови сили)



**Перо Георгиевски**
(независен кандидат поддржан од Левица), познат и како Перо Камиказа, е музичар по професија. Дипломирал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, а потоа работел како актер во суботичкиот театар. Работел како уредник на забавна редакција на музичка продукција на МРТВ, а во периодот од 1996 до 2006 бил и помошник генерален директор за програма на МРТВ. Тој е основач и актуелен менаџер на компанија за организација на настани.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година



**Љубомир Јосифовски**
(Демократи, работници и независни) бил пратеник во Собранието од редовите на НСДП во периодот од 2014 до 2016 година. Магистер е по историско-архивски науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.



**Мунир Колашинац**
(Бошњачки демократски сојуз) е претседател на Бошњачки демократски сојуз.

**Славе Несторовски** (ТМРО)



**Тодор Ношпал**
(Интегра) е специјалист ортопедски хирург. Од 1994 до 2006 година бил асистент на Медицинскиот факултет во Скопје. Завршил курс за менаџмент во здравството на Универзитетот Шефилд.



**Ана Петровска**
(Зелен хуман град) е инженер архитект со искуство во животна средина и просторно планирање. Работела во градежниот институт „Македонија“, во јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови „АБЦ консалтинг“ и Регионалниот центар за животна средина за централна и источна

Европа. Петровска е дел од листата на експерти за оценка на влијание врз животната средина на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР).



**Александар Тортевски**
(Политичка партија „Твоја партија“) е адвокат и основач на политичката партија „Твоја партија“.



**Владимир Трајковски**
(Политичка партија Родина Македонија)



**Арбен Шаќири**
(Движење одлучно за промени) е музичар по професија и еден од основачите на групата Нон-Стоп.








**Петре Шилегов**
(СДСМ и коалицијата) е градоначалник на Град Скопје. Тој е потпретседател на СДСМ, а претходно бил и портпарол на партијата. На парламентарните избори во 2014 година бил избран за пратеник во Собранието. Втор пратенички мандат добива на парламентарните избори во 2016 година и оваа функција ја извршува до октомври 2017 година кога е избран за градоначалник како кандидат на СДСМ. Пред извршувањето на функцијата пратеник и потоа градоначалник на Скопје, Шилегов работел како адвокат. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

**Општина Аеродром**

| | |
|---|---|
| Површина | 20 км² |
| Број на жители | 72 009 |
| Етничка структура на население | Македонци (89,4 %)<br>Срби (4,28 %)<br>Албанци (1,41 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2021 година | 1 357 605 000 |
| Адреса | бул. „Јане Сандански“<br>бр. 109 б<br>Скопје |
| Телефон | 02/2400 970 |
| Веб-страница | www.aerodrom.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Аеродром



**Билјана Аврамовска Ѓореска**
(Движење одлучно за промени) е магистер по меѓународна и европска безбедност на Центарот за безбедносни студии во Женева, Швајцарија. Во периодот од 2004 година до 2007 година била портпарол на Министерството за одбрана, а од 2007 до 2019 била ангажирана за организација на обуки за вработените во Министерството. Од 2002 до 2004 година работела во Министерството за труд и социјална политика.




**Весна Кираџиева**
(Левица) е атлетска репрезентативка на Северна Македонија, претседателка и тренер во атлетскиот клуб „Индјуренс“. Дипломирала криминалистика на Факултетот за безбедност. Во периодот 2013 – 2014 работела како волонтер во Љубљана, Словенија во Центар за оспособување на деца со посебни потреби „Јанез Левец“.



**Тимчо Муцунски**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е пратеник во Собранието. Во периодот од 2015 до 2017 бил заменик-министер за информатичко општество и администрација. Во 2018 година бил избран за Меѓународен секретар на ВМРО-ДПМНЕ. Муцунски е доцент е на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

**Миле Петковски** (ТМРО)




**Александар Филиповски**
(СДСМ и коалицијата) е пратеник во Собранието. Дипломирал банкарски менаџмент на Европскиот универзитет во Скопје. Претходно бил член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски зони.

**Општина Бутел**

| | |
|---|---|
| Површина | 57 км$^2$ |
| Број на жители | 36 154 |
| Етничка структура на население | Македонци (62,25 %)<br>Албанци (25,19 %)<br>Турци (3,61 %)<br>Срби (4,28 %)<br>Бошњаци (2,68 %)<br>Роми (1,55 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2021 година | 539 836 000 |
| Адреса | ул. „Бутелска“ бр. 4<br>Скопје |
| Телефон | 02/2600 506 |
| Веб-страница | www.opstinabutel.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Бутел



**Дарко Костовски**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е пратеник во Собранието и претседател на општинскиот комитет во Бутел на ВМРО-ДПМНЕ. Костовски е тренер на македонската теквондо репрезентација. Магистер е по политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.




**Велимир Смилевски**
(СДСМ и коалицијата) е градоначалник на Општина Бутел. Пред доаѓањето на градоначалничката функција бил стопанственик. Во периодот од 2013 до 2017 година бил советник во Општина Бутел. Дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.





**Општина Гази Баба**

| | |
|---|---|
| Површина | 92 км$^2$ |
| Број на жители | 72 617 |
| Етничка структура на население | Македонци (73,67 %)<br>Срби (17,22 %)<br>Албанци (2,89 %)<br>Роми (2,87 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2021 година | 1 113 641 000 |
| Адреса | ул. „Архимедова“ бр. 2<br>Скопје |
| Телефон | 02/3226 655 |
| Веб-страница | www.gazibaba.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Гази Баба




**Борис Георгиевски**
(СДСМ и коалицијата) е актуелен градоначалник на Општина Гази Баба. Претходно бил советник во општината во два мандати: 2000 – 2005 и 2009 – 2013. Во 2015 година специјализирал медицинска лабораториска дијагностика на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, а во 2012 година специјализирал како медицински лаборант аналитичар на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

**Катерина Јовановска Ивановска** (ТМРО)

**Ѓеорги Тодоров** (Политичка партија Инетгра)



**Бобан Стефковски**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е државен советник во Министерството за труд и социјална политика. Претходно работел како соработник во кабинетот на државниот секретар на Министерството за одбрана. Од 2009 до 2013 година бил советник во Општина Гази Баба од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Магистер е по безбедносни науки на Институтот за одбранбени и мировни студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2018 година бил избран за претседател на општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Гази Баба.







**Општина Ѓорче Петров**

| | |
|---|---|
| Површина | 67 км$^2$ |
| Број на жители | 41 634 |
| Етничка структура на население | Македонци (85,16 %)<br>Срби (4,16 %)<br>Албанци (3,84 %)<br>Роми (3 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2021 година | 815 921 622 |
| Адреса | ул. „Ѓорче Петров" бр. 73 Скопје |
| Телефон | 02/2039 307 |
| Веб-страница | www.opstinagpetrov.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Ѓорче Петров



**Александар Димитриевиќ**
(Левица) е адвокат во сопствена адвокатска канцеларија. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.



**Љупчо Јаневски**
(Движење одлучно за промени) е директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. Магистер е по стратегиски менаџмент на „Бизнис Академија Смилевски". Од 2010 до 2012 година бил маркетинг директор на „Бизнис Академија Смилевски". Од 2012 до 2014 бил директор на маркетинг и продажба во „МРИ Информатика" – Скопје. Докторанд е на Факултет за туризам и угостителство во Охрид.




**Александар Наумоски**
(СДСМ и коалицијата) е градоначалник на Општина Ѓорче Петров. Претходно бил директор на Истражниот затвор – Скопје во Шуто Оризари. Во периодот 2006 – 2011 година бил соработник во Министерството за правда и советник во Централниот регистар. Работно искуство има како управител во приватниот сектор и како приватен стопанственик. Магистрирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**Сашо Панковски** (ТМРО)

**Димче Петковски** (Политичка партија Демократи, работници и независни)



**Александар Стојкоски**

(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е поранешен пратеник во Собранието на и член на Советот на Општина Ѓорче Пертов. Стојкоски е доктор радиолог на Институтот за радиологија во рамки на Клиничкиот центар во Скопје. Тој е долгогодишен член на општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Ѓорче Петров.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година



**Општина Карпош**

| | |
|---|---|
| Површина | 35 км$^2$ |
| Број на жители | 59 666 |
| Етничка структура на население | Македонци (88,51 %)<br>Албанци (3,27 %)<br>Срби (3,66 %)<br>Роми (1,03 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2021 година | 1 152 000 000 |
| Адреса | ул. „Радика“ бр. 9<br>Скопје |
| Телефон | 02/3061 353 |
| Веб-страница | www.karpos.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Карпош




**Душко Весковски**

(СДСМ и коалицијата*)* е директор на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“. Во 2019 година бил назначен за организационен секретар на СДСМ. Магистер е по менаџмент на човечки ресурси. Претходно работел во Фондот на холокаустот на Евреите од Република Северна Македонија.



**Оливер Зафировски**

(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е специјалист педијатар и пулмолог во Институтот за белодробни заболувања во Козле. Во периодот од 2006 до 2017 година бил директор на Институтот.



**Стевче Јакимовски**

(ГРОМ) бил градоначалник на Општина Карпош во три мандати. Првиот мандат го извршувал во периодот од 2000 до 2003 година, вториот од 2009 до 2013 година, а третиот од 2013 до 2017. Во 2003 година бил назначен за министер за економија, а од декември 2004 до 2006 година ја извршувал функцијата министер за труд и социјална политика. По завршувањето на министерскиот мандат работел во неговата приватна фирма. Пред започнувањето на политичката кариера се занимавал со приватен бизнис, а бил и директор и на „Катланово турс“. Јакимовски дипломирал на Економскиот факултет во Скопје.

**Васко Костов**

(Македонска ера трета/Македонски независни листи)



**Христа Најданов**

(Движење одлучно за промени) по професија е адвокат. Магистрирал на Универзитетот Лумса во Рим.



**Дарко Ристовски**

(Левица) дипломирал на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Има 19-годишно работно искуство во полето на информатиката.





**Општина Кисела Вода**

| | |
|---|---|
| Површина | 47 км$^2$ |
| Број на жители | 57 236 |
| Етничка структура на население | Македонци (91,69 %)<br>Срби (2,49 %)<br>Роми (1,25 %)<br>Власи (1,13 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2021 година | 1 043 004 471 |
| Адреса | ул. „Петар Дељан“ 17<br>Скопје |
| Телефон | 02/2785 400 |
| Веб-страница | www.kiselavoda.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Кисела Вода



**Орце Ѓеоргиевски**

(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е советник во Општина Кисела Вода. Тој е организациски секретар на ВМРО-ДПМНЕ и експерт за хидроцентрали во ЕВН – Електрани.



**Ѓулистана Марковска**

(Движење одлучно за промени) е поранешен пратеник во Собранието во два мандати: од 1990 до 1994 и од 1998 до 2002 година, како дел од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Специјалист е по очни болести на Медицинскиот факултет. Работела како општ лекар во Медицинскиот центар во Куманово и како лекар специјалист во Воената болница во Скопје.

**Росанда Марковска** (ТМРО)




**Филип Темелковски**
(СДСМ и коалицијата) е актуелен градоначалник на Општина Кисела Вода. Во периодот 2008 – 2009 година Филип Темелковски бил генерален секретар на Социјалдемократската младина на Македонија, а бил и претседател на општинската организација на СДСМ во Кисела Вода. Надвор од политиката, Филип Темелковски работи во угостителскиот сектор.



**Јулијана Штрковска - Колариќ**
(Левица) е магистер по економски науки при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Работи како внатрешен ревизор во ЈП Национална радиодифузија. Претходно работно искуство имала во ЈП Македонска радио телевизија како сметководител, стручен соработник и заменик на помошник генерален директор за заеднички функции. Како советник – внатрешен ревизор работела и во Центарот за управување со кризи.





**Општина Сарај**

| | |
|---|---|
| Површина | 241 км² |
| Број на жители | 35 408 |
| Етничка структура на население | Албанци (91,53 %)<br>Македонци (3,89 %)<br>Бошњаци (3,16 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2021 година | / |
| Адреса | Рекреативен центар Сарај бб<br>Општина Сарај |
| Телефон | 02/2057 990<br>02/2057 996 |
| Веб-страница | www.saraj.gov.mk |

**Кандидати за градоначалник на Општина Сарај**



**Блерим Беџети**
(ДУИ) бил градоначалник на Општина Сарај од 2009 до 2011 година. Претходно, од 2006 до 2009 бил пратеник во Собранието. Во периодот од 2011 до 2014 година бил министер за правда. Дипломирал на Правниот факултет на Универзитетот во Приштина.

**Илјир Кроси** (ДПА)



**Керим Мамути**
(Алијанса за Албанците и Алтернатива) е поранешен директор на КПУ Идризово.



**Хасим Муртезани**
(Движење Беса) е магистер по безбедносни науки и претседател на општинскиот огранок на партијата во Сарај.





**Општина Центар**

| | |
|---|---|
| Површина | 10 км² |
| Број на жители | 45 412 |
| Етничка структура на население | Македонци (85,4 %)<br>Срби (4,49 %)<br>Албанци (3,23 %)<br>Роми (2,14 %)<br>Турци (1,08 %)<br>Власи (1,01 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2021 година | 1 075 055 000 |
| Адреса | ул. „Михаил Цоков“ 6б Скопје |
| Телефон | 02/3203 600 |
| Веб-страница | www.opstinacentar.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Центар




**Горан Герасимовски**
(СДСМ и коалицијата) е директор на Државниот завод за индустриска сопственост. Магистер е по менаџмент на човечки ресурси на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Во период од 2006 до 2008 година бил државен службеник приправник во Државниот завод за статистика.




**Андреа Јанков**
(Левица) е магистер инженер архитект на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Работи како проектант и инженер за изведба во приватниот сектор.

**Силва Јовановска** (Родина Македонија)



**Наташа Котлар Трајкова**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е виш научен соработник и вонреден професор на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Во 2011 година станала претседателка на Здружението на историчари на Република Македонија (ЗИРМ).



**Антони Новотни**
(Движење одлучно за промени) е психијатар на Универзитетската клиника за психијатрија. Тој е редовен професор по психијатрија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Претседател е на Македонското психијатриско здружение.



**Гога Поп Георгиевски**
(Твоја партија) е музичар и граѓански активист.

**Ацо Стојановски** *(*Политичка партија Демократи, работници и независни*).*



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

**Општина Чаир**

| | |
|---|---|
| Површина | 4 км$^2$ |
| Број на жители | 64 773 |
| Етничка структура на население | Албанци (57 %)<br>Македонци (24,13 %)<br>Турци (6,95 %)<br>Роми (4,76 %)<br>Бошњаци (4,55 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2021 година | 901 841 014 |
| Адреса | бул. „Христијан Тодоровски“ бр. 5 Скопје |
| Телефон | 02/5101 855 |
| Веб-страница | www.cair.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Чаир



**Висар Ганиу**
(ДУИ) е доктор  специјалист на кинезиологија. Предавал на Факултетот за физичко воспитание при Државниот тетовски универзитет. Во 2002 година бил избран за прв претседател на младинскиот форум во огранокот во Чаир на ДУИ, а потоа бил избран за член на централно претседателство на партијата. Пред да биде кандидиран за градоначалник на Општина Чаир бил вршител на должноста заменик-министер за образование и наука.

**Мисин Градинај** (ДПА)



**Кастриот Реџепи**
(Движење БЕСА) е пратеник во Собранието. Дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово.



**Беким Сали**
(Алијанса за Албанците и Алтернатива) е генерален секретар на политичката партија Алтернатива, а претходно бил претседател на партискиот огранок во Чаир. По професија е стоматолог и е сопственик на две приватни компании.

**Елдан Џигал** (Бошњачки демократски сојуз)



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

**Општина Шуто Оризари**

| | |
|---|---|
| Површина | 7 км$^2$ |
| Број на жители | 22 017 |
| Етничка структура на население | Роми (60,6 %)<br>Албанци (30,32 %)<br>Македонци (6,53 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2021 година | 229 355 108 |
| Адреса | ул.„Хаџи Јован Шишко“ 6б, 1000 Скопје |
| Телефон | 02/2614 666 |
| Веб-страница | www.sutoorizari.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Шуто Оризари




**Ферат Асан**
(СДСМ и коалицијата) е стопанственик и претседател на општинската организација на СДСМ во Шуто Оризари. На парламентарните избори во 2020 бил кандидиран за пратеник од коалицијата предводена од СДСМ.



**Геге Демировски**
(Народна партија на Ромите) е претседател на Народната партија на Ромите.




**Курто Дудуш**
(Движење одлучно за промени) е актуелен градоначалник на Општина Шуто Оризари избран во 2017 година како кандидат на СДСМ. Претходно бил пратеник во Собранието во периодот од 2016 до 2017 година. Дипломирал бизнис менаџмент на МИТ Универзитетот во Скопје.

**Халит Исеини** (ДПА)




**Тефик Махмут**
(Левица) е долгогодишен активист за заштита на правата на Ромите. Магистрирал во областа на миграциите на Универзитетот во Оксфорд. Поседува работно искуство во организации за заштита на човековите права, меѓу кои и ОБСЕ, ОДИХР, УНИЦЕФ.





**Општина Битола**

| | |
|---|---|
| Површина | 792 км$^2$ |
| Број на жители | 95 385 |
| Етничка структура на население | Македонци (88,71 %)<br>Албанци (4,36 %) |
| Број на членови на совет | 31 |
| Буџет за 2021 година | 2 165 719 368 |
| Адреса | Бул. „1 мај“ бр. 61<br>Битола |
| Телефон | 047/208 442 |
| Веб-страница | www.bitola.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Битола




**Христо Кондовски**
(СДСМ и коалицијата) е стопанственик, а од 2014 година е косопственик и еден од основачите на осигурително брокерско друштво. Дипломирал на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.



**Тони Коњановски**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е советник во Општина Битола. Специјализирал епидемиологија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Изминатите години активно членува во Централната комисија за здравство на ВМРО-ДПМНЕ.



**Зоран Лазаровски**
(Група избирачи Зоран Лазаровски) е сопственик на фитнес клуб во Битола.




**Горан Милевски**
(Движење одлучно за промени) е актуелен министер за локална самоуправа и претседател на Либерално демократската партија. Во периодот од 2014 до 2019 година бил пратеник во Собранието. Магистер е по бизнис администрација МБА – Менаџмент на Економски факултет – Прилеп.



**Јорго Огненовски**
(Политичка партија Демократи) е претседател на партијата Демократи. На локалните избори во 2017 година настапил како независен кандидат. Тој е професионален актер кој основал фирма за продукција на филмови и ТВ-серии. Продуцирал 4 играни филмови во Холивуд, САД, од кои еден во копродукција со Министерството за култура на Република Северна Македонија. Основач е и на хуманитарната организација „За подобро здравје“ – Битола, која е наменета за потребите на болницата во Битола. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје.




**Горан Тасковски**
(Македонска ера трета/Македонски независни листи) е еден од основачите на политичката партија „Македонска ера трета“. Тој е поранешен македонски амбасадор во Турција.








**Општина Велес**

| | |
|---|---|
| Површина | 464 км$^2$ |
| Број на жители | 55 108 |
| Етничка структура на население | Македонци (84,86 %)<br>Албанци (4,17 %)<br>Турци (3,13 %)<br>Роми (1,45 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2021 година | 932 153 846 |
| Адреса | Ул. „Панко Брашнар“ бр. 1 Велес |
| Телефон | 043/232 406 |
| Веб-страница | www.veles.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Велес

**Семир Алимов** (Бошњачки демократски сојуз)




**Златко Арсов**
(Левица) е доктор на науки и редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.



**Марко Колев**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) дипломирал на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2009 година почнал да работи како советник во Центарот за развој на Вардарски плански регион, а од средината на 2013 година бил назначен за раководител на Центарот.




**Ненад Коциќ**
(СДСМ и коалицијата) е пратеник во Собранието и специјалист по интерна медицина.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

**Општина Гевгелија**

| | |
|---|---|
| Површина | 485 км$^2$ |
| Број на жители | 22 988 |
| Етничка структура на население | Македонци (96,82 %) Срби (1,6 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2021 година | 733 066 292 |
| Адреса | ул. „Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија |
| Телефон | 034/213 843 |
| Веб-страница | www.gevgelija.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Гевгелија

**Љупчо Кадиев** (Интегра)




**Глигор Петков**
(Група избирачи Глигор Петков)



**Виктор Петков**
(Движење одлучно за промени) е сопственик на компанија за преработка на овошје и зеленчук.




**Сашо Поцков**
(СДСМ и коалицијата) е актуелен градоначалник на Општина Гевгелија. Од 2009 до 2013 година бил советник во Општина Гевгелија. Претходно бил пратеник во Собранието во парламентарниот состав од 2014 до 2016 и од 2016 до 2020, но во 2017 му престанал мандатот затоа што бил избран за градоначалник. Магистрирал на Економскиот факултет. Претседател е на општинската организација СДСМ Гевгелија.



**Андон Сарамандов**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е советник во Општина Гевгелија. Претседател е на општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Гевгелија.





**Општина Гостивар**

| | |
|---|---|
| Површина | 519 км$^2$ |
| Број на жители | 81 042 |
| Етничка структура на население | Албанци (66,68 %)<br>Македонци (19,59 %)<br>Турци (9,86 %)<br>Роми (2,76 %) |
| Број на членови на совет | 31 |
| Буџет за 2021 година | 1 120 000 000 |
| Адреса | ул. „Браќа Гиноски“ бр. 61 Гостивар |
| Телефон | 042/213 511 |
| Веб-страница | www.gostivavri.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Гостивар



**Невзат Бејта**
(ДУИ) е поранешен градоначалник на Општина Гостивар во два мандати: 2005 – 2009 и 2013 – 2017. Во 2000 година бил избран за советник во Општина Гостивар, а во 2005 бил избран за градоначалник на општината и потпретседател на ЗЕЛС. Од 2002 до 2005 бил пратеник во Собранието, а од 2011 до 2013 година бил министер за локална самоуправа. Претходно работел како професор по историја во с.Чегране и Гостивар. Магистрирал на Универзитетот во Тирана.




**Рената Елези**
(ДПА) е потпретседателка и член на централното претседателство на ДПА. Таа исто така е и потпретседателка и на Форумот на жени на партијата. Дипломирала на Факултетот за медицински науки и работи во општата болница во Гостивар.



**Фадил Зендели**
(БЕСА) е пратеник и потпретседател на Собранието. Во периодот од 2009 до 2013 година бил претседател на Советот на Општина Гостивар. Предавал како вонреден професор на факултетот за Современи општествени науки при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Потпретседател е на движењето БЕСА.



**Арбен Таравари**
(Алијанса за Албанците и Алтернатива) е актуелен градоначалник на Општина Гостивар. Во периодот од јуни до ноември 2017 бил министер за здравство. Таравари е виш научен соработник на Универзитетската клиника за неврологија, а од 2011 година бил избран за шеф на оддел и претседател на бордот на клиниката.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година



**Општина Дебар**

| | |
|---|---|
| Површина | 145 км$^2$ |
| Број на жители | 19 542 |
| Етничка структура на население | Албанци (58,07 %)<br>Македонци (20,01 %)<br>Турци (13,73 %)<br>Роми (5,53 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2021 година | 341 897 000 |
| Адреса | ул. „8 септември“ бр. 72<br>Дебар |
| Телефон | 046/831 196 |
| Веб-страница | www.dibra.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Дебар



**Хекуран Дука**
(ДУИ) е градоначалник на Општина Дебар избран на предвремените локални избори во април 2019 година, а од 31.1.2019 па сè до изборите бил в.д. градоначалник на општината. Претходно бил советник во општината. По професија е специјалист хирург-уролог.

**Петрит Клења** (ДПА)




**Беким Поцеста**
(Алијанса на Албанците и Алтернатива) е вработен во Клиниката за кардиологија во Скопје. Дипломирал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по што специјализирал кардиологија.

**Општина Делчево**

| | |
|---|---|
| Површина | 423 км$^2$ |
| Број на жители | 17 505 |
| Етничка структура на население | Македонци (95,04 %)<br>Роми (3,72 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2021 година | 291 775 400 |
| Адреса | ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1<br>Делчево |
| Телефон | 033/411 550 |
| Веб-страница | www.delcevo.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Делчево



**Николчо Стојменовски**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е доктор по ветеринарна медицина.




**Горан Трајковски**
(СДСМ и коалицијата) е градоначалник на Општина Делчево избран на локалните избори во 2017 година, а од 2013 до 2017 година бил советник во општината. Во периодот од 2010 до 2013 година бил претседател на општинската организација на СДСМ во Делчево.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

**Општина Кавадарци**

| | |
|---|---|
| Површина | 1132 км$^2$ |
| Број на жители | 38 741 |
| Етничка структура на население | Македонци (96,79 %)<br>Роми (1,75 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2021 година | 1 049 967 00 |
| Адреса | Плоштад Маршал Тито 66<br>Кавадарци |
| Телефон | 043/416 130 |
| Веб-страница | www.kavadarci.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Кавадарци



**Митко Јанчев**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е актуелен градоначалник на Општина Кавадарци. Сопственик е на приватна компанија за производство на минерална вода. Магистрирал на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.




**Горан Тодоров**
(СДСМ и коалицијата) е претседател на општинската организација на СДСМ во Кавадарци. Претходно бил член на Извршниот одбор на СДСМ Кавадарци во два мандати: од 2006 до 2010 година, и од 2013 до 2017 година. Дипломирал на Факултетот за природни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.




**Општина Кичево**

| | |
|---|---|
| Површина | 839 км$^2$ |
| Број на жители | 56 734 |
| Етничка структура на население | Албанци (54,51 %)<br>Македонци (35,74 %)<br>Турци (5,28 %)<br>Роми (2,87 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2021 година | 836 536 000 |
| Адреса | ул. „Борис Кидрич“ бр. 1 Кичево |
| Телефон | 045/223 001 |
| Веб-страница | www.kercova.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Кичево

**Ѓорѓи Билески**
(Македонска ера трета/Македонски независни листи)



**Фатмир Дехари**
(ДУИ) е градоначалник на Општина Кичево од 2013 година. Претходно, од 2009 до 2013 бил градоначалник на Општина Осломеј. Пред да биде избран за градоначалник бил директор на ЈП Македонски пошти ПЕ Кичево, заменик-министер за внатрешни работи и заменик-директор на ДБК. Дипломирал на Факултетот за физичко образование при Универзитетот во Приштина.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година



**Александар Јовановски**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е матичен лекар во приватна здравствена установа. Од 2006 до 2013 година работел како професор по медицински предмети при ОСУ „Мирко Милески“. Дипломирал општа медицина на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.



**Фатмир Лимани**
(Група избирачи Фатмир Лимани) е професор по историја и поранешен заменик-директор на Електрани на Северна Македонија. Дипломирал на Државниот универзитет во Тетово.



**Општина Кочани**

| | |
|---|---|
| Површина | 382 км$^2$ |
| Број на жители | 38 092 |
| Етничка структура на население | Македонци (93,12 %)<br>Роми (5,12 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2021 година | 604 631 000 |
| Адреса | ул. „Раде Кратовче“ бр. 1<br>Кочани |
| Телефон | 033/274 001 |
| Веб-страница | www.kocani.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Кочани




**Николчо Илијев**
(СДСМ и коалицијата) е актуелен градоначалник на Општина Кочани избран на локалните избори во 2017 година. Претходно бил стопанственик и директор на компанијата ИНТ. Тој не е член на СДСМ, но е кандидиран како натпартиски кандидат од страна на партиските органи.



**Љупчо Папазов**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е сопственик на приватна компанија и поранешен директор на КЈП Водовод – Кочани.







**Општина Крива Паланка**

| | |
|---|---|
| Површина | 481 км$^2$ |
| Број на жители | 20 820 |
| Етничка структура на население | Македонци (96,06 %)<br>Роми (3,21 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2021 година | 421 051 329 |
| Адреса | ул. „Св. Јоаким Осоговски“<br>бр. 175<br>Крива Паланка |
| Телефон | 031/375 035 |
| Веб-страница | www.krivapalanka.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Крива Паланка




**Сашко Митовски**
(СДСМ и коалицијата) е сопственик на угостителски објект и менаџер во приватниот сектор. Бил член на младинската организација на СДСМ во 2008 година и кандидат за советник во Општина Крива Паланка во 2009 година. Во периодот од 2013 до 2017 година бил член на Извршниот одбор на општинската организација на СДСМ во Крива Паланка. Дипломирал економија на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.




**Зоран Павловски**
(Коалиција Движење одлучно за промени)



**Александар Рангелов**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е член на Советот на Општина Крива Паланка и потпретседател на општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ. Претходно бил директор на Центарот за култура во Крива Паланка. Дипломирал политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.




**Славчо Станковски**
(Интегра) работи како едукатор (инструктор и теоретичар) за обука на кандидати за идни возачи.








**Општина Куманово**

| | |
|---|---|
| Површина | 509 км$^2$ |
| Број на жители | 105 484 |
| Етничка структура на население | Македонци (60,43 %)<br>Албанци (25,87 %)<br>Срби (8,59 %)<br>Роми (4,03 %) |
| Број на членови на совет | 33 |
| Буџет за 2021 година | 1 872 112 941 |
| Адреса | ул. „11 Октомври“ 6б Куманово |
| Телефон | 031/475 800<br>031/438 633 |
| Веб-страница | www.kumanovo.gov.mk |

**Кандидати за градоначалник на Општина Куманово**




**Максим Димитриевски**
(независен кандидат) е актуелен градоначалник на Општина Куманово. До неодамна бил долгогодишен член на СДСМ, а поради одлуката за независен настап на овие избори е исклучен од партијата. Тој е поранешен пратеник во Собранието, избран на парламентарни избори во 2016 година. Пратеничкиот мандат му завршува следната година поради кандидатурата за градоначалник. Претходно, неколку години бил претседател на Советот на Општина Куманово. Покрај политичкиот ангажман, тој е приватен стопанственик од 1998 година.




**Теодора Димитровска**
(Коалиција Движење одлучно за промени) е претседател на општинскиот одбор на Либерално демократската младина во Куманово и генерален секретар на младите во партијата. Дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Димитровска е најмладиот кандидат за градоначалник на овие избори.




**Оливер Илиевски**
(СДСМ и коалицијата) е директор на АД Водостопанство кумановско-липковско поле. Претходно работел како менаџер на експозитури на Инвест банка и Шпаркасе банка во Куманово. Работел како професор по сметководство и маркетинг во СОУ „Перо Наков“ во Куманово. Дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.



**Тони Михајловски**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е театарски, филмски и телевизиски глумец, водител на радио и телевизија и стенд-ап комичар. Дипломирал актерство на Академијата за драмски уметности во Скопје, а во моментот работи во Македонскиот народен театар. Михајловски е поранешен член на општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Куманово и на Извршниот комитет на партијата.



**Беким Салиу**
(Алијанса за Албанците и Антернатива) е претседател на Хуманитарно доброчинително здружение „Света Мајка Тереза“ – Куманово.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

**Општина Неготино**

| | |
|---|---|
| Површина | 414 км$^2$ |
| Број на жители | 19 045 |
| Етничка структура на население | Македонци (92,48 %)<br>Срби (3,26 %)<br>Роми (2,36 %)<br>Турци (1,26 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2021 година | 391 299 986 |
| Адреса | ул. „Ацо Аџи Илов“ 2 Неготино |
| Телефон | 043/361 045 |
| Веб-страница | www.negotino.gov.mk |

**Кандидати за градоначалник на Општина Неготино**




**Тони Делков**
(СДСМ и коалицијата) е актуелен градоначалник на Општина Неготино. Претходно бил член на Советот на Општината во составот 2013 – 2017 година. Делков е приватен стопанственик и поранешен рекордер во РК Повардарие.



**Горан Стојанов**
(ВМРО-ДПММЕ и коалицијата) е доктор интернист и раководител на итна медицинска помош, а претходно бил раководител и на Ковид центарот во Неготино. Стојанов бил член на Советот на општината во периодот од 2009 до 2013 година.



**Општина Охрид**

| | |
|---|---|
| Површина | 390 км$^2$ |
| Број на жители | 55 749 |
| Етничка структура на население | Македонци (84,93 %)<br>Албанци (5,31 %)<br>Турци (1,26 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2021 година | 1 298 764 503 |
| Адреса | ул. „Димитар Влахов“ 57<br>Охрид |
| Телефон | 046/262 492 |
| Веб-страница | www.ohrid.gov.mk |

### Кандидати за градоначалник на Општина Охрид




**Константин Георгиевски**
(СДСМ и коалицијата) е актуелен градоначалник на Општина Охрид, избран на вонредните локални избори во 2019 година. Претходно, од декември 2018 година бил вршител на должноста градоначалник на Општина Охрид. Специјализирал интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.



**Кирил Пецаков**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е актуелен пратеник во Собранието и член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Пецаков е дипломиран стоматолог и работи во Здравствениот дом во Охрид. Тој бил избран за претседател на Унијата на млади сили (УМС) на ВМРО-ДПМНЕ во Охрид во 2008 година, а функцијата ја извршувал до 2011 година. Во истиот временски период бил член на Извршниот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ. Во 2017 бил избран за претседател на општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ во Охрид. Во период од 2009 до 2013 година бил член на Советот на Општина Охрид.







**Гоце Цветковски**
(ТМРО) е активист од Движењето Бојкотирам, поддржан од политичката партија ТМРО. Гоце Цветковски е поранешен член на политичката партија Левица.

**Општина Прилеп**

| | |
|---|---|
| Површина | 1194 км² |
| Број на жители | 76 768 |
| Етничка структура на население | Македонци (92,35 %)<br>Роми (5,77 %)<br>Турци (1,19 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2021 година | 1 410 981 000 |
| Адреса | ул. „Прилепски бранители“ бб<br>Прилеп |
| Телефон | 046/262 492 |
| Веб-страница | www.prilep.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Прилеп



**Борче Јовчески**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е советник во Општина Прилеп. По професија е специјалист по ортопедија. Работи во приватната здравствена установа „Д-р Јовчески“.



**Зоран Митрески**
(Интегра) е сопственик на фирма во енергетскиот сектор.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година




**Славе Петрески**
(Коалиција Движење одлучно за промени) е поранешен директор на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови во Прилеп.




**Жарко Стеваноски**
(независен, граѓанска иницијатива „Че вреди“) е поранешен член на општинската организација на СДСМ Прилеп. По професија е адвокат.




**Горан Сугарески**
(СДСМ и коалицијата) е поранешен пратеник во Собранието во периодот од 2008 до 2016. Во минатиот владин состав бил министер за транспорт и врски, а до пред извесно време бил в.д. директор на Царинската управа. Од 2000 до 2003 година бил советник во Општина Прилеп, по што до 2008 работел како комунален инспектор во општината. Магистрирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

**Општина Ресен**

| | |
|---|---|
| Површина | 739 км$^2$ |
| Број на жители | 16 825 |
| Етничка структура на население | Македонци (76,07 %)<br>Турци (10,68 %)<br>Албанци (9,13 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2021 година | 340 226 923 |
| Адреса | Плоштад Цар Самоил бр. 20<br>Ресен |
| Телефон | 047/551 884 |
| Веб-страница | www.resen.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Ресен




**Живко Гошаревски**
(СДСМ и коалицијата) е актуелен градоначалник на Општина Ресен. Тој е долгогодишен член на СДСМ. Претходно бил член на Советот на Општина Ресен во периодот 2013 – 2017 година. Дипломирал на Стоматолошкиот факултет при УКИМ во Скопје. Сопственик е на приватна стоматолошка ординација.




**Весна Миркова**
(Движење одлучно за промени) е поранешна советничка во Општина Ресен. По професија е дипломиран социолог.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година




**Гордана Поповска**
(Македонска Ера Трета)



**Јован Тозиевски**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е претседател на општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ во Ресен. Претходно бил советник во Општина Ресен. По професија е дипломиран економист, вработен во ЈКП „Пролетер“.



**Осман Шукриу**
(ДУИ) е директор на Јавната установа Национален парк „Пелистер“ – Битола. Претходно бил заменик-директор на Агенцијата за иселеништво.

**Општина Струга**

| | |
|---|---|
| Површина | 507 км$^2$ |
| Број на жители | 65 375 |
| Етничка структура на население | Албанци (56,85 %)<br>Македонци (32,09 %)<br>Турци (5,72 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2021 година | 978 872 313 |
| Адреса | Плоштад Мајка Тереза 66<br>Струга |
| Телефон | 046/781 223 |
| Веб-страница | www.struga.gov.mk |

### Кандидати за градоначалник на Општина Струга



**Идри Истефи**
(Алијанса за Албанците и Антернатива) е член на Централниот одбор на Алијанса на Албанците. По професија е електроинженер, а е вработен во ЕЛЕМ. Од 1996 до 2004 бил претседател на Советот на Општина Велешта.




**Рамис Мерко**
(ДУИ) е актуелен градоначалник на Општина Струга. Претходно бил министер без ресор задолжен за странски инвестиции. Пред да биде назначен на оваа функција во периодот од 2014 до изборите во 2016 бил пратеник во Собранието. Претходно, во периодот од 2005 до 2013 Мерко во два последователни мандата бил градоначалник на Општина Струга. Од 2003 до 2005 година бил раководител на Фондот за здравство во Струга, а од 1983 до 1999 бил виш референт во Агенцијата за развој на земјоделството. Тој е дипломиран економист.







**Самир Муртезоски**
(ДПА)



**Насто Палиоски**
(ТМРО) е пензионер, а бил поранешен потпретседател на задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ за Европа. Ова се вторите локални избори на кои е кандидиран за градоначалник, по претходните избори во 2017 година. Во 1999 година Палиоски бил избран за претседател на Македонскиот конгрес за Европа.

**Лубе Петревски** (Демократи)




**Абдула Ќазимоски**
(БЕСА) е поранешен советник и претседавач на Советот на Општина Струга. Во 2017 година ја напуштил тогашната коалиција „Алијанса за Албанците“. Извесно време настапувал во Советот како независен.




**Димче Шипинкаровски**
(СДСМ и коалицијата) е раководител на подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување во Струга. Дипломирал економија на Економскиот факултет во Прилеп.

**Никола Шулески** (Интегра)



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

**Општина Струмица**

| | |
|---|---|
| Површина | 32 км$^2$ |
| Број на жители | 54 676 |
| Етничка структура на население | Македонци (32,09 %)<br>Турци (6,87 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2021 година | 1 112 708 869 |
| Адреса | ул. „Сандо Масев“ бр. 1 Струмица |
| Телефон | 034/348 030 |
| Веб-страница | www.strumica.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Струмица



**Васе Витанов**
(Интегра)



**Жан Дрвошанов**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е дипломиран економист и сопственик на компанија за сметководствени услуги и финансиски консалтинг. Во 2020 година бил избран за претседател на општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ во Струмица.




**Костадин Костадинов**
(СДСМ и коалицијата) е пратеник и портпарол на СДСМ. Во периодот од 2013 до 2016 година бил советник во Општина Струмица, а во 2017 година десет месеци бил вршител на должност градоначалник на Општина Струмица. Претходно бил член на извршниот одбор на СДСМ и претседател на Социјалдемократската младина во Струмица. Високо образование завршил на Економскиот факултет при ФОН Универзитетот.







**Општина Тетово**

| | |
|---|---|
| Површина | 1080 $км^2$ |
| Број на жители | 86 580 |
| Етничка структура на население | Албанци (70,32 %)<br>Македонци (23,16 %)<br>Роми (2,72 %)<br>Турци (2,17 %) |
| Број на членови на совет | 31 |
| Буџет за 2021 година | 1 783 887 702 |
| Адреса | ул. „Дервиш Цара“ 66<br>Тетово |
| Телефон | 044/511 930 |
| Веб-страница | www.tetova.gov.mk |

**Кандидати за градоначалник на Општина Тетово**




**Теута Арифи**
(ДУИ) е актуелна градоначалничка на Општина Тетово избрана во два мандати (2013 и 2017 година). Во периодот од 2011 до февруари 2013 година била заменик на претседателот на Владата задолжена за европски прашања. Претходно, од 2002 до 2011 година била пратеник во Собранието. Доктор е по филолошки науки. Една година предавала на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, а била и професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, каде од 2001 до 2006 година била декан на Педагошкиот факултет.




**Сади Беџети**
(ДПА) е универзитетски професор, поранешен ректор на Тетовскиот универзитет и градоначалник на Тетово во периодот од 2009 до 2013 година. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Приштина, а докторирал во Заводот за анатомија на Медицинскиот факултет во Загреб.




**Хамдија Елезовиќ**
(СДСМ и коалицијата) е стоматолог и претседател на Комисијата за здравство при СДСМ Тетово. Студирал на Стоматолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.



**Африм Ибраими**
(Движење за демократија, права и слободи) е специјалист по психијатрија. Медицинските студии ги започнал во Приштина, а ги завршил во Тирана.




**Биљал Касами**
(БЕСА) е пратеник во Собранието и претседател на политичката партија БЕСА. Докторирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од 2000 до 2004 година работел во Царинската управа на Република Северна Македонија, а од 2004 до 2006 година бил државен секретар во Министерството за економија. Во 2009 година работел во приватниот сектор, додека од 2009 до 2011 година бил професор на Меѓународниот балкански универзитет.







**Вулнет Мурсели**
(Алијанса за Албанците и Алтернатива) дипломирал на Правниот факултет, а магистерски студии во областа на јавно здравје завршил на Медицинскиот факултет, а има положено и правосуден испит. Бил директор на Секторот за имплементација на меѓународни договори од социјален аспект во Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија. Во исто време е сопственик на дијагностички лаборатории ЛАОР – Тетово.



**Снежана Стојановска**
(Интегра) е претседател на здружението Вешта жена.

**Општина Штип**

| | |
|---|---|
| Површина | 556 км$^2$ |
| Број на жители | 47 796 |
| Етничка структура на население | Македонци (87,19 %)<br>Роми (4,59 %)<br>Власи (4,34 %)<br>Турци (2,66 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2021 година | 920 736 000 |
| Адреса | ул. „Васил Главинов“ 6б Штип |
| Телефон | 032/ 266 600 |
| Веб-страница | www.stip.gov.mk |

## Кандидати за градоначалник на Општина Штип



**Иван Јорданов**
(ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата) е пратеник во Собранието и претседател на општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ во Штип. Тој е магистер по економски науки, студиите ги завршил на Економскиот факултет на УГД – Штип.




**Сашко Николов**
(СДСМ и коалицијата) е актуелен градоначалник на Штип, избран на предвремените локални избори во декември 2020 година. Во 2017 бил член во Советот на Општина Штип. На предвремените парламентарни избори во 2020 година бил избран за пратеник во Собранието, но се откажал од функцијата поради кандидатурата на предвремените локалните избори. По професија е интервентен кардиолог и е основач на Одделот за интервентна кардиологија во штипската болница.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година



**Симон Поликарп**
(Интегра) по втор пат е кандидаран за градоначалник, по кандидатурата на предвремените локални избори во декември 2020 во Штип. Во 2008 година бил носител на изборната листа на партијата ТМРО во третата изборна единица. Роден е во Нигерија, а живее во Штип уште од време на неговите студии.




**Ванчо Санев**
(Движење одлучно за промени) е поранешен член на Советот на Општина Штип. На парламентарните избори во 2020 година бил предложен од партијата ДОМ за кандидат за пратеник во третата изборна единица. Тој е претседател на општинската организација на ДОМ во Штип. По професија е економист.

| Општина | Кандидат за градоначалник | Подносители на кандидатура |
|---|---|---|
| Арачиново | Ридван Ибраими | ДУИ |
| | Миликије Халими | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Наим Синани | Алијанса на Албанците и Алтернатива |
| Берово | Горан Алачки | ИНТЕГРА- МАКЕДОНСКА КОНЗЕРВАТИВНА ПАРТИЈА |
| | Горанчо Костевски | РОДИНА МАКЕДОНИЈА |
| | Звонко Пекевски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Елеонора Рашковска | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Богданци | Марјан Пеев | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Блаже Шапов | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Ристо Џаков | Група избирачи Ристо Џаков |
| Боговиње | Бесник Емши | ДУИ |
| | Дашмир Арифи | ДПА |
| | Дашмир Арифи | Алијанса на Албанците и Алтернатива |
| | Фатмир Сабриу | БЕСА |
| Босилово | Зоран Зимбаков | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Ристо Манчев | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Брвеница | Енвер Пајазити | Група избирачи Енвер Пајазити |
| | Миќаил Расими | ДПА |
| | Јовица Илиевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Мирко Стојановски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Арѓент Гура | Алијанса на Албанците и Алтернатива |
| | Аркин Јахији | ДУИ |
| Валандово | Перо Костадинов | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Тони Узунов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Василево | Марјан Јанев | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Славе Андонов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

| | | |
|---|---|---|
| Вевчани | Сашо Јанковски | СДСМ |
| | Спасе Кочовски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Виница | Ивица Димитров | СДСМ |
| | Миле Петков | ВМРО-ДПМНЕ |
| Врапчиште | Шаќир Ислами | Група избирачи Шаќир Ислами |
| | Рефик Мустафи | Демократска партија на Турците во Македонија |
| | Џезми Мамути | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Сенат Амети | БЕСА |
| | Ирфан Шерифи | ДПА |
| | Исен Шабани | Алијанса на Албанците и Алтернатива |
| | Неби Реџепи | ДУИ |
| Градско | Киро Нацков | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Роберт Бешовски | Коалиција предводена од СДСМ |
| Дебарца | Сашо Силјановски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Игор Крцоски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Зоран Ногачески | Група избирачи Зоран Ногачески кандидат за градоначалник на Општина Дебарца |
| Демир Капија | Андон Донев | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Лазар Петров | Коалиција предводена од СДСМ |
| Демир Хисар | Никола Најдовски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Стевче Митревски | Коалиција предводена од СДСМ |
| Дојран | Филип Дончовски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Зоран Веселиновиќ | Партија на обединети демократи на Македонија-ПОДЕМ |
| | Анго Ангов | Коалиција предводена од СДСМ |

| | | |
|---|---|---|
| **Долнени** | Ладо Глигороски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Агим Кера | БЕСА |
| | Адмир Ујкановиќ | Бошњачки демократски сојуз |
| | Сеад Садиковски | Демократска партија на Турците во Македонија |
| | Урим Ибески | ДУИ |
| | Аднан Џафероски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Самедин Имери | Алтернатива |
| | Изет Зејнеловиќ | Политичка партија Демократи, работници и независни |
| **Желино** | Махир Зибери | Алијанса за Албанците и Алтернатива |
| | Фатмир Изаири | ДУИ |
| | Бљерим Сејди | БЕСА |
| | Мехдин Назифи | ДПА |
| **Зелениково** | Борче Гиевски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Катерина Ѓеоргиевска | Движење одлучно за промени |
| | Коста Маневски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Зрновци** | Виктор Анѓелов | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Борчо Коцев | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Илинден** | Жика Стојановски | Група избирачи Жика Стојановски |
| | Столе Атанасовски | Група избирачи Столе Атанасовски |
| | Александар Тодоровски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Александар Георгиевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Јегуновце** | Дарко Блажески | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Димитар Костадиноски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Карбинци** | Виктор Паунов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Јордан Насев | Коалиција предводена од СДСМ |





| | | |
|---|---|---|
| **Конче** | Златко Ристов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Благој Илиев | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Орхан Баров | Демократска партија на Турците на Македонија |
| **Кратово** | Марјанчо Колевски | Група избирачи Марјанчо Колевски |
| | Влатко Бојковски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Тодорче Николовски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Кривогаштани** | Александар Богданоски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Гоце Чируноски | Партија на обединети демократи на Македонија |
| | Николче Мискоски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Игор Граороски | Македонска ера трета/ Македонски независни листи |
| **Крушево** | Томе Христоски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Билјана Проеска | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Липково** | Еркан Арифи | ДУИ |
| | Евзи Јашари | ДПА |
| | Арсим Идризи | Алијанса за Албанците и Алтернатива |
| | Љуан Рамадани | БЕСА |
| **Лозово** | Јовица Анакиевски | Трајно македонско радикално обединување |
| | Велин Николов | Партија на обединети демократи на Македонија |
| | Јордан Павлов | Група избирачи Јордан Павлов |
| | Ацо Велковски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Бошко Цветковски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Маврово и Ростуша** | Мевмед Џафери | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Медат Куртовски | Коалиција предводена од СДСМ |

| | | |
|---|---|---|
| **Македонска Каменица** | Перо Митревски | Група избирачи Перо Митревски |
| | Соња Стаменкова | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Миран Митревски | Група избирачи Миран Митревски |
| | Димчо Атанасовски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Ангелчо Георгиевски | Група избирачи Ангелчо Георгиевски |
| **Македонски Брод** | Ацо Новески | Група избирачи Ацо Новески |
| | Живко Силјановски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Жарко Ристески | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Могила** | Јасмина Гулевска | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Ангела Чагорска | Македонска ера трета/ Македонски независни листи |
| | Драганчо Саботковски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Новаци** | Љубе Кузманоски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Стевче Стевановски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Васко Наумовски | Македонска ера трета/ Македонски независни листи |
| **Ново Село** | Звонко Ангелов | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Ѓорѓе Божинов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Петровец** | Елизабета Зелениковска | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Петре Јаневски | Движење одлучно за промени |
| | Борче Митевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Пехчево** | Александар Ѓорѓиевски | Група избирачи |
| | Александар Китански | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Славчо Пандурски | Коалиција предводена од СДСМ |
| **Пласница** | Алија Јаоски | ДУИ |
| | Абдулваит Карамалески | Демократска партија на Турците на Македонија (ДПТМ) |





| | | |
|---|---|---|
| **Пробиштип** | Драган Анастасов | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Маријан Миленковски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Радовиш** | Герасим Конзулов | Движење одлучно за промени |
| | Горан Поцев | Група избирачи |
| | Ацо Ристов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Коле Чакарчиев | Коалиција предводена од СДСМ |
| **Ранковце** | Даниел Крстевски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Михајло Ристовиќ | Интегра |
| | Борче Спасовски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Ивица Тошевски | Група избирачи |
| **Росоман** | Стојан Николов | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Тихомир Николов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Свети Николе** | Сашо Велковски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Дејан Владев | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Слободан Даневски | Група избирачи |
| **Сопиште** | Сашо Стојановски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Стефче Трпковски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| **Старо Нагоричане** | Велибор Денковски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Власте Димковиќ | ТМРО |
| | Жаклина Јовановска | Коалиција предводена од СДСМ |
| **Студеничани** | Ејуп Абази | ДУИ |
| | Фатмир Ејупи | Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива |
| | Азем Садики | ДПА |
| **Теарце** | Даут Емини | ДПА |
| | Даут Мемиши | Движење БЕСА |
| | Нухи Незири | ДУИ |
| | Назим Таипи | Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива |

| | | |
|---|---|---|
| **Центар Жупа** | Аријан Ибраим | Демократска партија на Турците на Македонија (ДПТМ) |
| | Шаин Шаќир | Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) |
| **Чашка** | Зоран Здравевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Горан Стојановски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Суат Шаќиров | ДУИ |
| **Чешиново-Облешево** | Далибор Ангелов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Горанчо Крстев | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Дарко Стефанов | Движење одлучно за промени |
| **Чучер Сандево** | Сашко Комненовиќ | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Јован Пејковски | Група избирачи |
| | Горан Рајчевски | Група избирачи |
| | Горан Чекаловиќ | Група избирачи |



# 5

# Локални избори во Република Северна Македонија - Резултати, кампања, оценки

# 5. Локални избори во Република Северна Македонија - Резултати, кампања, оценки

## Вовед

На 17 октомври (прв круг) и на 31 октомври (втор круг) 2021 година се одржаа седмите локални избори од осамостојувањето. Изборите се спроведуваа во 80 општини и Градот Скопје, при што по мнозински систем се гласаше за градоначалници на општините и Градот Скопје, а членовите на советите се избираа по пропорционален модел. Болните, немоќните лица, лицата во домашен притвор и затворениците во казнено-поправните установи гласаа ден пред одржувањето на двата круга, односно на 16 и на 30 октомври. На гласање излегоа 938 631 од вкупно 1 824 815 регистрирани гласачи во Избирачкиот список, со што излезноста во првиот круг изнесуваше 51,44 %. Во вториот круг на изборите излезноста беше намалена и изнесуваше 49,65 %. Излезноста беше помала во споредба со минатите локални избори од октомври 2017 година, на кои излезноста беше 59,51 % во првиот круг и 51,92 % во вториот круг. Излезноста на овие локални избори, исто така, беше пониска и од излезноста на локалните избори од март 2013 година, која изнесуваше 66,81 % во првиот круг и 64,9 % во вториот круг, како и од излезноста на предвремените парламентарни избори од 2016 година, која изнесуваше 66,79 % и од излезноста на предвремените парламентарни избори од 2020 година, која изнесуваше 52,06 %.

Процесот на гласање го спроведе тристепена изборна администрација водена од Државната изборна комисија (ДИК) како избрано тело со професионален ангажман, потоа општинските изборни комисии составени по случаен избор од редот на вработените во државната, општинската и администрацијата на Градот Скопје, како непрофесионални органи, и 3 384 избирачки одбори кои ги спроведуваат изборите на гласачките места, како и 88 специјални избирачки одбори воспоставени за да раководат со предвременото гласање на гласачите позитивни на ковид-19 и гласачите во самоизолација.[70] За 80 општини и Градот Скопје се натпреваруваа вкупно 299 кандидати за градоначалници.

70 МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ НА ОДИХР Република Северна Македонија – локални избори, 17 октомври 2021г. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/7/c/501322.pdf (последна посета: 25.11.2021).

Во вториот круг на изборите се гласаше за градоначалници во 43 општини и Градот Скопје. Самостојно или во коалиција со свои кандидати за градоначалници настапија 24 политички субјекти, од кои 5 коалиции: коалицијата „Најдоброто за мојата општина“ предводена од СДСМ, коалицијата „Обнова на Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ, коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, коалицијата Движење „Одлучно за промени“ и коалицијата „Ром-Ромеске“. Од политичките партии свои кандидати за градоначалници имаа: Левица, ДУИ, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Интегра, Родина Македонија, Македонска ера трета/Македонски независни листи, Политичка партија демократи, работници и независни, ДПА, Беса, Демократска партија на Турците на Македонија, Бошњачки демократски сојуз, Твоја партија, Комунистичка партија на Македонија – Титови сили, Партија на обединети демократи на Македонија – ПОДЕМ, Алтернатива, Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ, Движење за демократија, права, слобода и Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ. За членови на советот на општините и Градот Скопје беа поднесени вкупно 572 листи за кандидати за советници од вкупно 31 политички субјекти. Исто така, на изборите настапија 25 независни кандидати за градоначалници и 57 независни листи за советници.

Локалните избори беа распишани на 6 август со што почнаа да течат роковите за нивна реализација. Изборната кампања за првиот круг официјално започна на 27 септември и траеше до 15 октомври на полноќ. Кампањата за вториот круг продолжи веднаш по изборниот ден на 17 октомври и траеше до 29 октомври до полноќ. Вториот круг од локалните избори се одржа на 31 октомври. За следење на локалните избори 2021 година беа акредитирани вкупно 1 257 набљудувачи,[71] преведувачи, меѓународни набљудувачи и странски новинари. Бројот на домашни набљудувачи на овие избори изнесуваше 871, а беа акредитирани и вкупно 370 меѓународни набљудувачи и преведувачи.

Според изјавата за прелиминарните наоди и заклучоци на ОБСЕ/ОДИХР, за првиот круг на локалните избори 2021 година изборите биле во натпреварувачки дух и основните слободи се широко почитувани. Сепак, во изјавата е наведено дека бројните недостатоци во законската рамка ја потенцираат потребата од сеопфатна реформа. Исто така, нотирано е дека водечките парламентарни партии уживаат системски предности, особено во поглед на распределбата на јавните ресурси за водење кампањи, во кои спаѓаат и медиумите.

71 Акредитирани набљудувачи- Избори 2021 Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1FPi82rlJt0T6e5pd2i9meb4qwI0z7468/view (последна посета: 8.11.2021).



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

Мисијата на набљудување на изборите на ОДИХР оцени дека вториот круг на локалните избори[72] го карактеризирало компетитивна кампања во која фундаменталните слободи биле почитувани, но со негативна реторика и извештаи за заплашување на кандидатите и притисок на гласачите. Изборната администрација направила напори за да се решат процедуралните недостатоци кои се забележани за време на првиот круг со што вториот круг се одвивал непречено, иако некои проблеми останале. Мисијата забележува и недостатоци во постапувањето со приговори.

Изборите драстично го променија соодносот на градоначалнички места помеѓу двете најголеми политички партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Коалицијата предводена од СДСМ освои 16 градоначалнички места, што е за 41 градоначалничко место помалку од минатите избори. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 42 градоначалнички места, односно 37 повеќе од минатите избори. ДУИ освои 11 градоначалнички места, два градоначалника освои БЕСА, како и коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, а по еден ДПА,[73] ГРОМ и коалицијата „Одлучно за промени“ на ЛДП/ДОМ, додека 3 градоначалнички места припаднаа на независни кандидати во општините Куманово, Дебарца и Градот Скопје.

За избор на советници во општините ВМРО-ДПМНЕ освои вкупно 469 советнички места, СДСМ – 402, ДУИ – 167, коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива – 81, Левица – 49, БЕСА – 36, коалицијата „Одлучно за промени“ – 29, ДПТМ – 17, ДПА – 9, Советничката листа на ДУИ и Алијанса за Албанците и Алтернатива, со која овие партии настапија заедно во Општина Чашка освои 4 советнички места, ТМРО – 3, ГРОМ – 2, СРМ – 2, ПДТ – 2, ДНЕТ – 2. По едно советничко место освоија: ДСР, Единствена Македонија, Подем, БДС, ДДПС и „Ром-Ромеске“.

Независните кандидати освоија вкупно 67 советнички места од кои: „За наше Куманово“ освои 8 советнички места, „Шанса за Центар“ – 3, „Поинаку“ во Општина Битола освои 3 места, „Зелен хуман град“ во Советот на Градот Скопје – 2, „За заштита на Карпош“ – 2, „Подобро за Тетово“ – 2, „СТИГА Е - Фронт против рудникот и загадувачите на животната средина“ има влез со по еден претставник во Советите на трите општини – Ново Село, Босилово и Струмица. Покрај

72 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци на Мисија на набљудување на изборите на ОДИХР вториот круг на локалните избори. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/4/d/502807.pdf (последна посета: 25.11.2021).

73 По изборите, градоначалникот на Студеничани од редовите на ДПА премина во Алијанса за Албанците. Види фото: https://www.facebook.com/aleancashqiptarett/posts/4684959034894621(последна посета: 25 ноември 2021).

наведените општини, од независните листи влегоа советници и во општините: Богданци, Гевгелија, Дебарца, Демир Капија, Долнени, Илинден, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Липково, Лозово, Македонска Каменица, Македонски Брод, Могила, Охрид, Петровец, Пехчево, Пробиштип, Радовиш, Ранковце, Свети Николе, Старо Нагоричане, Чешиново-Облешево и Чучер Сандево.

Резултатите на локалните изборите и значителната промена на соодносот на градоначалници и советници политички влијаеја и на национално ниво. По добивањето на првичните резултати од вториот круг на локалните избори претседателот на СДСМ и премиер, Зоран Заев, изјави дека ја презема целата одговорност за лошите резултати на локалните избори и дека поднесува оставка на функцијата премиер и претседател на СДСМ. Тој им ја честита победата на опозицијата, но додаде дека биле видливи многу пари кај опозицијата дојдени од странство поради политички и економски причини.[74] Откако неколку дена по најавата за оставка премиерот Заев формално не ја достави оставката во Собранието, на 5 ноември лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицковски, објави дека заедно со коалициските партнери и партиите Алијанса на Албанците, Алтернатива, Беса и Левица собрале 61 потпис за гласање недоверба на Владата.[75] По барање на опозицијата, на 11 ноември претседателот на Собранието, Талат Џафери, закажа седница за гласање недоверба на Владата. На седницата опозицијата не успеа да изгласа недоверба поради недостиг на кворум, откако пратеникот на Беса, Кастриот Реџепи, не се појави на седницата.[76] Пратеникот Реџепи изјави дека неговата одлука се водела „од интересите на Албанците и сите граѓани на државата кои сакаат мир, слобода и просперитет во земјата и продолжување на НАТО и ЕУ курсот“.[77] Опозицијата обвини дека пратеникот Кастриот Реџепи е киднапиран од страна на власта, а од неговата политичка партија БЕСА обвинија дека изјавата на Реџепи оти на државата не ѝ е потребна нова политичка криза, всушност, е дадена против негова волја.[78] По неизгласувањето на недовербата, политичката партија БЕСА и формално ја напушти Владата, а премиерот Зоран Заев најави дека се во преговори со политичката партија Алтернатива за зголемување на мнозинството со четири нови пратеници.[79] Дополнително, СДСМ најави дека на 12 декември ќе го избере наследникот на Зоран Заев.[80]

### Изборна кампања

Кампањата за локални избори започна на 27 септември и заврши на полноќ на 15 октомври. Кампањата за вториот круг продолжи веднаш по изборниот ден на 17 октомври и траеше до 29 октомври до полноќ. Вториот круг од локалните избори се одржа на 31 октомври. Прегласување имаше во едно избирачко место во Општина Дебар, а гласањето беше одложено во општините Маврово и Ростуше и Центар Жупа, поради ниска излезност. Партиите во голема мера ги користеа вообичаените методи за промоција, како: митинзи, средби со граѓани, кампања „од врата на врата“, телевизиски реклами, а не беа изоставени и реклами и промоција на кандидатури на социјалните медиуми, учество во ТВ-дебати и билборди од кандидатите. Покрај зголемениот фокус на еколошките прашања, главните теми кои преовладуваа во изборната кампања беа поврзани со националната и меѓународната политика, како долгогодишните аспирации на земјата за членство во Европската Унија (ЕУ) и континуираното одложување на почетокот на пристапните преговори, несогласувањата во однос на тоа како владата управува со пандемијата на ковид-19, како и економската ситуација, особено високата стапка на невработеност и емиграција.[81] Во текот на изборната кампања се дебатираше и за ефикасноста од гасификација, дивите депонии, обновливите извори на енергија за домаќинствата, велосипедските патеки и урбаното зеленило, како и еколошките проекти, вклучително и модели на јавен транспорт, кои ги ветуваа кандидатите за градоначалници на општините, посебно за поголемите градови и за главниот град Скопје.[82]

Според Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, кампањата беше оценета како активна и генерално мирна и покрај изолирани инциденти. Според Мисијата,

74 „Заев поднесе оставка од премиерската и партиската функција“, DW на македонски, 31 октомври 2021. Пристапено на : https://p.dw.com/p/42Pkt (последна посета: 25 ноември 2021).
75 „Собрани 61 потпис на гласање на недоверба на владата на Заев“, Нетпрес, 25 ноември 2021. Пристапено на: https://netpress.com.mk/sobrani-potpisi-od-61-pratenik-za-glasa-e-nedoverba-na-vladata-na-zaev/ (последна посета: 25 ноември 2021).
76 „Гласање на недоверба: На опозицијата ѝ недостига еден глас за кворум“, DW на македонски, 11 ноември 2021. Пристапено на: https://p.dw.com/p/42rGc (последна посета: 25 ноември 2021).
77 „Владата на Заев го преживеа досега најтешкиот тест“, Глас на Америка, 12 ноември 2021. Пристапено на: https://mk.voanews.com/a/6310272.html (последна посета: 1 декември 2021).
78 „Опозицијата трага по Кастриот Реџепи, се сомневаат дека е киднапиран“, DW на македонски, 11 ноември 2021. Пристапено на: https://p.dw.com/p/42seL (последна посета: 1 декември 2021).
79 „Алтернатива се надева на поголем дел од „владиниот колач“ од реалниот“, Слободна Европа, 29 ноември 2021. Пристапено на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/алтернатива-се-надева-на-поголем-дел-од-владиниот-колач-отколку-што-вреди/31585050.html (последна посета: 1 декември 2021).
80 „СДСМ на 12 декември ќе го избира наследникот на Зоран Заев“, 24.мк, 27 ноември 2021. Пристапено на: https://www.24.mk/details/sdsm-na-12-dekemvri-kje-go-izbira-naslednikot-na-zoran-zaev (последна посета: 1 декември 2021).
81 Мисија за набљудување на изборите на ОДИХР Република Северна Македонија - локални избори, 17 октомври 2021 г. Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/7/c/501322.pdf (последна посета: 19 ноември 2021).
82 „Сега и официјално почна кампањата за локалните избори“, Радио Слободна Европа, септември 27, 2021 г. Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/официјално-кампањата-за-локални-избори-почна/31476349.html (последна посета: 19 ноември 2021).

пандемијата на ковид-19 влијаела на кампањата поради што учесниците морале да се придржуваат до безбедносните протоколи на владата за јавни собири. Според ОБСЕ/ОДИХР, основните права и слободи, како правото на собирање и движење биле општо почитувани во текот на целата кампања, а учесниците можеле слободно да ги спроведуваат кампањите.[83] Меѓутоа, забележани се повеќе случаи на негативна реторика, честопати упатена кон кандидатките во изборите. Употребата на ваквата реторика била интензивирана во текот на самата кампања и покрај тоа што кандидатите се обврзаа дека ќе се придржуваат до Кодексот за фер и демократски избори, потпишан на 23 септември.[84]

Заклучокот на Набљудувачката мисија е дека изборите беа мирни со системска предност за големите партии, додека, пак, изборните денови, вклучително и пребројувањето на гласовите, беа оценети како позитивни во целина, и покрај честите проблеми со биометриските уреди, групното гласање и некои процедурални грешки при броење и табелирање. Забележани биле проблеми со тајноста на гласањето и широко распространето групно гласање што се одразило врз учеството на жените во избирачкиот процес. Во однос на броењето на гласовите, во прелиминарниот извештај е наведено дека било позитивно оценето на најголем дел од гласачките места, при што е наведено дека апаратите за отпечаток на прст го забавиле гласањето. Дополнително она што набљудувачите забележале е непотребно мешање во пребројувањето од страна на претставници на учесниците во изборите.[85]

Под слоганот „Македонија за сите луѓе“, коалицијата „Обнова на Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ настапи со изборна програма со наслов „Создади Нова Иднина - Промени Проекти Победи“. Кампањата генерално се фокусираше на транспарентни, отчетни и еколошки здрави средини, како и на патишта и комуналната инфраструктура низ општините. Дополнително, во кампањата за коалицијата „Обнова на Македонија“ беа промовирани проекти за инвестирање во образование, дигитализација на локалната самоуправа, планирана урбанизација, како и ставање крај на дивите депонии за заштита на животната средина. Онлајн кампањата на ВМРО-ДПМНЕ се водеше преку интернет-страницата на партијата, www.vmro-dpmne.org.mk, како и преку официјалните профили на кандидатите за градоначалници на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер каде што секој кандидат ја промовираше својата програма. Видеата од

83 „ОДИХР ќе ги презентира наодите за вториот круг од локалните избори“, Радио Слободна Европа, 1 ноември, 2021. Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/31539037.html (последна посета: 19 ноември 2021).

84 „Потпишан Кодекс за фер и демократски избори“, Ohridnews, 23 септември 2021. Пристапено на: https://www.ohridnews.com/potpishan-kodeks-za-fer-i-demokratski-izbori/ (последна посета: 24 ноември 2021).

85 Мисија за набљудување на изборите на ОДИХР Република Северна Македонија - локални избори, 17 октомври 2021 г. Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/7/c/501322.pdf (последна посета: 19 ноември 2021).



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

митинзите и средбите со граѓаните, како и од изборните музички и видеоспотови, освен на социјалните мрежи се објавуваа и на Јутјуб каналот на партијата.[86] Независната кандидатка за градоначалничка на Град Скопје, Данела Арсовска, која беше поддржана од ВМРО-ДПМНЕ, настапи со слоганот „За модерно Скопје“ (www.zaskopje.mk). Во нејзината програма акцент беше ставен на приоритетно решавање на актуелните инфраструктурни проблеми, еколошката мобилност и бесплатен јавен транспорт, како и инвестиција во училиштата и младите. Дополнителни области во фокусот, исто така, беа економија, дигитален град, образование и млади, зелено Скопје, спорт и култура, социјална и здравствена заштита, како и превенција на пожари и други природни непогоди.

Коалицијата „Најдоброто за мојата општина“ предводена од СДСМ во својата програма промовираше пет принципи: (1) Мој градоначалник, вклучувајќи проекти за воведување дигитален систем за непосреден контакт на градоначалникот и советниците со граѓаните и постојана, брза, ефикасна размена на информации за услуги од надлежност на локалната самоуправа; (2) хумана урбанизација и планско градење со заштита на јавниот интерес во согласност со уставните принципи за хумано живеење и почитување на приватната сопственост; (3) зелена агенда; (4) економски развој, како и (5) инфраструктурни инвестиции. Онлајн кампањата на СДСМ се водеше преку интернет-страницата на партијата, www.sdsm.org.mk, веб-страницата www.najdobroto.mk,[87] како и официјалните профили на кандидатите за градоначалници на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер. Видеата од митинзите и средбите со граѓаните освен на социјалните мрежи се објавуваа и на Јутјуб каналот на партијата.

На овие избори ДУИ настапи со слоганот „Изберете живот, гласајте зелено“, како дел од новата зелена агенда на партијата. ДУИ промовираше проекти за квалитетен живот проследени со причини зошто треба да се гласа за Демократската унија за интеграција, нагласувајќи дека станува збор за 19 години работа на стручен кадар докажан со неговото знаење. Изборната кампања на ДУИ беше насочена кон развивање и модернизирање на општините со поголема вклученост на граѓаните. Кандидатите за градоначалници во најголем дел најавија модерна инфраструктура, чиста и евтина енергија за сите граѓани, создавање одржливи работни места за поттикнување на економијата и уште „позелени“ општини.[88] Покрај

86 „Мицкоски:Програмата на ВМРО-ДПМНЕ за Локалните избори ќе биде нова и револуционерна“, Нова ТВ, 1 септември, 2021г. Достапно на: https://novatv.mk/mitskoski-programata-na-vmro-dpmne-za-lokalnite-izbori-ke-bide-nova-i-revolutsionerna/ (последна посета: 19 ноември 2021).

87 „Избери го најдоброто за твојата општина“, Достапно на: https://najdobroto.mk/ (последна посета: 19 ноември 2021).

88 „Избери живот, гласај зелено!“ е слоганот со кој ДУИ ќе настапи на локалните избори“, Сител ТВ, 18 септември 2021 г. Достапно на: https://sitel.com.mk/izberi-zhivot-glasaj-zeleno-e-sloganot-so-koj-dui-kje-nastapi-na-lokalnite-izbori (последна посета: 19 ноември 2021).

теренските активности, изборната кампања ДУИ ја водеше преку официјалните профили на кандидатите за градоначалници на Фејсбук, веб-страницата www.bdi.mk, како и официјалниот партиски профил на социјалната мрежа Фејсбук.

Фокусот на коалицијата „Алијансата за Албанците/Алтернатива“ беше насочен кон подобрување на секојдневните проблеми со кои се соочуваат граѓаните. Дел од предизборните ветувања на оваа коалиција беа инфраструктурата и комуналните проблеми со дополнителен фокус на образованието, урбанизмот, спортот и културата, односно социјалните проблеми на граѓаните, со цел да го спречат иселувањето на младите.[89] Покрај средби со граѓаните, кампањата се водеше и преку веб-страницата на партијата www.aleanca.eu и www.alternativa.mk, социјалните мрежи Фејсбук и Твитер и преку официјалните партиски профили на кандидатите за градоначалници.

Политичката партија Движење Беса настапи со мотото „Со срце за“ ставајќи значителен фокус кон општините Тетово и Гостивар. Програмските приоритети на Беса за овие избори содржеа активности насочени кон создавање функционална и транспарентно управувана општина со право на граѓаните за коуправување. Беса вети нов модел на развој на урбаните и руралните општини со фокус на граѓанинот, како и активности насочени кон подобрена инфраструктура, еколошка и чиста животна средина, квалитетни јавни услуги, дигитализација и поволна клима за инвестирање.[90] Покрај теренските активности, БЕСА ги промовираше своите програмски цели на партискиот канал на социјалната мрежа Фејсбук, профилот на претседателот на партијата, Билал Касами, како и веб-страницата www.levizjabesa.mk.

Партијата Левица настапи со слоганот „Општините за народот“, со фокус на зголемено учество на партијата во општинските совети. Во својата предизборна програма Левица промовираше директна демократија, локално самоуправување, локален економски развој и инфраструктура, екологија и одржлив развој, комунална грижа и јавни услуги, и контрола и надзор над јавниот интерес.[91] Покрај средби со граѓаните, кампањата се водеше најмногу преку каналот на Левица на социјалната мрежа Фејсбук, официјалната страница на партијата www.levica.mk, како и преку официјалните партиски профили на

89 „Алијанса за Албанците и Алтернатива ја презентираа програмата, кандидатот за градоначалник и советничка листа во Куманово“, МИА, 3 ноември, 2021 г. Достапно на: https://mia.mk/алијанса-за-албанците-и-алтернатива-ј/ (последна посета: 19 ноември 2021).

90 „Програмата 2021-2025“ на Билал Касами со мотото „Со Срце за Тетово“, Тетово Инфо, 21 октомври 2021. Достапно на: https://tetovoinfo.mk/програмата-2021-2025-на-билал-касами-со-мотот/ (последна посета: 19 ноември 2021).

91 „Локални избори 2021“, Официјална страница на партијата Левица. Достапно на: https://levica.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 19 ноември 2021).





кандидатите на Фејсбук и Твитер. Снимките од настаните, средбите со граѓаните и промоцијата на кандидатите се вршење преку социјалните мрежи и Јутјуб каналот на партијата.

Коалицијата под слоганот „Движење одлучно за промени“ на ЛДП и ДОМ, својата програма ја темелеше на дигитални отворени општини и зелена агенда како два постулата во изборната програма на ова движење. Фокусот беше кон потребите за здрав и квалитетен живот, како и дигитализација на општините и живот во модерни современи средини.[92] Покрај активностите на терен, кампањата на ЛДП/ДОМ се водеше преку интернет-страницата на партиите www.ldp.mk и www.dom.org.mk, како и преку официјалните профили на кандидатите за градоначалници на социјалната мрежа Фејсбук. Видеата од изборните музички и видеоспотови, освен на социјалните мрежи, се објавуваа и на Јутјуб каналот на партиите.

Партијата Бошњачки демократски сојуз која за прв пат настапи самостојно на овие локални избори, во својата програма се заложи за брзо решение со загадувањето во главниот град, нови булевари, улици и патишта, како и решенија кои ќе придонесат за хуман развој.[93] Покрај средби со граѓаните, кандидатите од оваа партија кампањата ја водеа преку официјалниот профил на партијата на социјалната мрежа Фејсбук.

Партијата Твоја партија, во својата програма за локални избори вети нов модел на рационално и транспарентно управување, дигитален град, зелен план за опоравување, квалитетен урбанизам и живеење, како и развој на култура и спорт. Дополнително, програмата предвидуваше решенија за сообраќајниот хаос, загадениот воздух, градското зеленило, комуналната хигиена, социјалната грижа и инклузивноста.[94] Онлајн кампањата на партијата се водеше преку официјалната страница на партијата на социјалната мрежа Фејсбук.

Партијата Интегра во својата програмата најави еколошки проекти кои ќе го зголемат зеленилото, изградба на мали соларни центри и едукација за однесување во животната средина, како и функционирање на системот за јавно-приватно партнерство. Програмата за локалните избори беше поделена во десет точки,

92 „Понудата и програмите во сенка на репликите и препукувањата“, Нова Македонија, 2 октомври, 2021 г. Достапно на: https://www.novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/понудата-и-програмите-во-сенка-на-репл/ (последна посета: 19 ноември 2021).

93 Официјална Фејсбук страница на партијата „Бошњачки Демократски Сојуз“. Достапно на: https://www.facebook.com/bds.org.mk/ (последна посета: 19 ноември 2021).

94 „Програма за град Скопје на Твоја партија креирана заедно со граѓаните за потребите на граѓаните“, Официјална Фејсбук страница на партијата „Твоја партија“. Достапно на: https://www.facebook.com/tvojapartija/posts/699008061501914 (последна посета: 19 ноември 2021).

вклучително подобрување на образованието, изградба на локални стручни средни училишта, унапредување на здравствениот туризам на пензионерите итн.[95]

Изборната кампања преку интернет Интегра ја водеше во најголем дел преку официјалните профили на кандидатите за градоначалници на социјалнита мрежа Фејсбук и преку официјалната веб-страница на партијата www.integra.org.mk.

Партијата РОДИНА Македонија во програмата за локални избори ветуваше зелени, транспарентни и отчетни општини, урбанистички ред и зеленило, развојни економски зони, како и општини во кои ќе се почитуваат индивидуалните слободи и права.[96] Партијата ја промовираше својата програма најмногу преку социјалната мрежа Фејсбук, како и на официјалната веб-страница на партијата www.rodina.org.mk.

Политичката партија Демократи во својата програма се фокусираше на остварување на одржлив стопански развој кој ќе обезбеди конкурентност и подобри економски резултати во стопанството, привлекување капитал и директни инвестиции, подигање на животниот стандард на граѓаните, како и создавање подобни инфраструктури и други услови кои го поттикнуваат стопанскиот развој, проследени со стратешкото планирање и добро управување.[97] Во најголем дел кампањата се одвиваше преку официјалниот профил на партијата на социјалната мрежа Фејсбук, како и на веб-страницата www.demokrati.mk.

Карактеристично за оваа изборна кампања беше значително зголеменото учество на независни листи и кандидати за градоначалници во повеќе општини и Градот Скопје. Движењата како Зелен хуман град, иницијативите „Поинаку“ од Битола, Шанса за Центар, Независни за Карпош и други независни листи понудија програми промовирани како алтернатива на традиционалните политички партии. Нивните програми во најголем дел беа фокусирани на зелени политики, контролирана урбанизација, транспарентност и отчетност во управувањето со општините. Нивните кампањи вклучуваа теренски активности, промоција преку социјалните мрежи Фејсбук и Твитер, а некои од нив[98] имаа и сопствени веб-страници.

95 „ИНТЕГРА ги промовирше кандидатите и програмата за Локалните избори“, МИА, 29 септември 2021 г. Достапно на: https://mia.mk/интегра-ги-промовираше-кандидатите-и/ (последна посета: 19 ноември 2021).
96 Официјална страница на партијата „Родина“, Достапно на: https://rodina.org.mk/ (последна посета: 19 ноември 2021).
97 „Програма за Развој на Општина Битола 2021-2025“, Официјална Фејсбук страница на партијата „Демократи“, Достапно на: https://www.facebook.com/demokratimk/posts/992179998236361 (последна посета: 19 ноември 2021).
98 Зелен хуман град (www.zhg.mk), Заштита за Карпош (www.zastitazakarpos.mk), Шанса за Центар (www.shansazacentar.mk).





### Финансирање на изборната кампања

Во согласност со Роковникот за извршување на изборните дејствија, учесниците на овие локални избори имаа обврска да достават четири финансиски извештаи за трошоците за изборната кампања. Првиот финансиски извештај со образец за примени донации ги опфаќа првите 10 дена од изборната кампања и партиите и коалициите беа должни да го достават на единаесеттиот ден од изборната кампања, односно на 7 октомври до 24:00 часот. Вториот извештај со образец за примени донации ја опфаќа втората половина од изборната кампања и партиите и коалициите беа должни да го достават еден ден по завршувањето на изборната кампања, односно на 16 октомври за прв и на 30 октомври за втор круг.[99] Третиот финансиски извештај ги опфаќа приходите и расходите од денот на отворање на трансакциската сметка на партиите до завршувањето на првиот изборен круг. Политичките партии беа должни да го достават овој извештај најдоцна до 4 ноември за првиот круг, односно до 18 ноември за вториот круг на изборите. Четвртиот финансиски извештај, кој се однесува на вкупните приходи и расходи во текот на целата кампања, партиите и коалициите треба да го поднесат веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на затворање на трансакциската сметка.[100] Трансакциските сметки на партиите за изборната кампања треба да се затворат во рок од 45 дена од објавувањето на конечните изборни резултати. Финансиските извештаи се поднесуваат до ДИК, до ДЗР и до ДКСК, а четвртиот финансиски извештај се поднесува и до Собранието на Република Северна Македонија. Исто така, ДЗР е должен во рок од 60 дена од поднесувањето на вкупниот финансиски извештај да спроведе ревизија. При финансирањето на изборната кампања учесниците можат да потрошат најмногу до 110 денари по запишан избирач во избирачкиот список, односно општината за која имаат поднесено листа на кандидати.

Според поднесените финансиски извештаи,[101] во изборната кампања најмногу средства потрошила коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, односно 104 412 201 денари (1 695 003 евра).[102] Коалицијата собрала вкупно 81 311 280 денари (1 319 988 евра), што значи дека вкупните трошоци ги надминуваат приходите за кампањата за 23 100 921 денари (375 014 евра).

99 Известување до учесниците на Локалните избори, Државен завод за ревизија. Пристапено на: https://dzr.mk/mk/211027-izvestuvane-do-uchesnicite-vo-izborna-kampana-na-lokalnite-izbori-2021-godina (последна посета: 18 ноември 2021 година).
100 Известување до учесниците на Локалните избори, Државен завод за ревизија. Пристапено на: https://dzr.mk/mk/211006-izvestuvane-do-uchesnicite-na-lokalnite-izbori-2021-godina (последна посета: 18 ноември 2021 година).
101 Издвоени се десет политички субјекти со најголеми расходи.
102 Пресметките во евра се правени по среден курс од 61.6.

Втора партија според износот на потрошени средства е коалицијата предводена од СДСМ, која потрошила вкупно 100 574 343 денари (1 632 700 евра). Коалицијата на овие избори собрала повеќе пари отколку што потрошила, односно собрала 106 075 223 денари (1 722 000 евра), што е за 5 500 880 денари (89 300 евра) повеќе од потрошените средства.

Трета според приходите и расходите во кампањата е ДУИ, која во текот на изборната кампања потрошила вкупно 74 132 065 денари (1 184 218 евра). Партијата собрала 69 105 083 денари (1 121 835 евра), што е за 5 026 982 денари (81 606 евра) помалку од потрошените средства во изборната кампања.

Следна според висината на расходите е Данела Арсовска, која како независна кандидатка за градоначалник на Градот Скопје пријавила расходи од 13 051 666 денари (211 877 евра). Пријавените 10 345 179 денари (167 941 евра) како приходи, прават разликата меѓу расходите и приходите да изнесува 2 706 487 денари (43 936 евра).

Политичката партија Беса за изборите потрошила 10 124 615 денари (164 360 евра), што е за 393 000 денари (6 379 евра) повеќе од собраните 9 731 615 денари (157 980 евра).

ДПА за овие избори собрала вкупно 3 377 988 денари (54 837 евра). Партијата потрошила 3 374 487денари (54 780 евра), односно потрошила 3 501 денари помалку отколку што собрала.

Левица за изборите потрошила 3 187 437 денари (51 744 евра), односно 7 962 денари помалку од собраните 3 195 399 денари (51 873 евра).

Коалицијата „Движење одлучно за промени“ за изборите како приходи пријавила 2 995 800 денари (48 633 евра), додека расходите изнесувале 2 993 863 денари (48 601 евра), со што разликата помеѓу приходите и расходите е позитивна и изнесува 1 937 денари (32 евра).

Коалицијата „Алијанса за Албанците и Алтернатива“ како расходи пријавила 2 428 031 денари (39 416 евра), а како приходи 3 452 250 денари (56 043 евра), со што остварила позитивна разлика помеѓу приходите и расходите за изборната кампања од 1 024 219 денари (16 626 евра).

Максим Димитриевски како независен кандидат за градоначалник на Општина Куманово има пријавено 1 474 194 денари (23 931 евра) расходи, што е за



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

100 594 денари (1 633 евра) повеќе од остварените 1 373 600 денари (22 298 евра) приходи.

Сумарен преглед на учесници во изборите со најголеми приходи и расходи изразено во денари:[103]

| Учесници на изборите | вкупни приходи | вкупни расходи | салдо |
|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата | 81 311 280 | 104 412 201 | -23 100 921 |
| СДСМ и коалицијата | 106 075 223 | 100 574 343 | 5 500 880 |
| ДУИ | 69 105 083 | 74 132 065 | -5 026 982 |
| Група на избирачи Данела Арсовска | 10 345 179 | 13 051 666 | -2 706 487 |
| БЕСА | 9 731 615 | 10 124 615 | -393 000 |
| ДПА | 3 377 988 | 3 374 487 | 3 501 |
| Левица | 3 195 399 | 3 187 437 | 7 962 |
| Коалицијата „Движење одлучно за промени“ | 2 995 800 | 2 993 863 | 1937 |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | 3 452 250 | 2 428 031 | 1 024 219 |
| Група на избирачи Максим Димитриевски | 1 373 600 | 1 474 194 | -100 594 |

Според соодносот на добиени и потрошени средства на субјектите кои потрошиле најмногу средства за кампања може да се забележи дека политичките субјекти потрошиле повеќе средства отколку што собрале. Од десетте разгледани извештаи во пет е забележано надминување на расходите во споредба со приходите. Кај преостанатите пет политички субјекти потрошените средства за изборната кампања не ги надминала приходите.

При анализа на финансиските извештаи доставени од политичките субјекти кај дел од извештаите е забележано дека биле нецелосно пополнети. Исто така, воочливо е дека не сите политички субјекти ги доставиле сите четири финансиски извештаи предвидени во Изборниот законик. Не бил запазен ниту предвидениот рок, односно дел од политичките субјекти извештаите ги доставиле неколку дена по завршување на законскиот рок. Транспарентноста на финансирањето на изборните кампањи е дополнителен предизвик со оглед на тоа што извештаите се објавуваат во скенирани формати кои не се машински читливи, имаат слаба прегледност и не може да се пребарува во нивната содржина.

103 Подредено според расходи. Кај коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, наведените средства се збир од повеќе политички субјекти во рамки на коалициите кои настапуваат со различен состав во различни општини и доставуваат посебни финансиски извештаи.

## Медиуми

Мониторингот на медиумското известување поврзано со изборите се одвиваше од моментот на распишувањето на изборите и за време на кампањата пред двата круга на гласање од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – ААВМУ, тело кое е законски одговорно за следење на електронските медиуми во изборниот процес.[104] Набљудувањето на медиумското известување во периодот од распишувањето на изборите до почетокот на кампањата, според ААВМУ, укажува дека повеќето медиуми ги почитувале новинарските стандарди и овозможиле претставување на повеќе разновидни ставови за актуелните политички и општествени теми и прашања, воедно Агенцијата не констатира прекршувања на лимитите за платено политичко рекламирање. Дополнително, ААВМУ наведува дека и за овој изборен процес, како и за претходните, потребни се измени на изборната регулатива во делот на платеното политичко рекламирање, бидејќи моменталната регулатива не обезбедува еднакви  услови за пристап на сите учесници во изборниот процес. Исто така, ААВМУ наведува дека направените промени во однос на утврдување на цените за платено политичко рекламирање (ППР) се  позитивни, но сè уште се ограничувачки, се пресметуваат врз основа на цените од последните пет изборни процеси, а не врз  актуелни економски параметри.[105] Според ААВМУ, во периодот од кампањата пред првиот круг на гласање неколку медиуми, спротивно на Изборниот законик, емитувале платено политичко рекламирање во кое учествуваат малолетници.[106]

За периодот од кампањата за првиот круг во периодот од 27 септември до 15 октомври, Агенцијата забележува дека во делот на платеното политичко рекламирање не биле обезбедени еднакви услови за пристап на сите учесници во изборниот процес. Исто така, се забележува дека голем дел од приватните медиуми организирале бројни дебатни соочувања, но изборот на кандидати за дебатните емисии во овие медиуми останал дискреција на уредниците. Сепак, националните медиуми обезбедиле одреден број помали партии и неколку независни кандидати да ги претстават своите политички платформи.

104 КАС, ИДСЦС, Прирачник за Локални избори во Република Македонија 2017 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/10/MAK_PRIRACNIK.pdf (последна посета: 15 ноември 2021).
105 Извештај за платено политичко рекламирање за првиот круг од изборната кампања од 27 септември до 15 октомври 2021).  Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).
106 Извештај за платено политичко рекламирање за првиот круг од изборната кампања од 27 септември до 15 октомври 2021). Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

За периодот пред вториот круг на гласање од 18 до 29 октомври, Агенцијата констатира дека очекувано имало помал обем платено политичко рекламирање во однос на првиот круг. И во вториот круг од изборната кампања не биле констатирани прекршувања на лимитите за платено политичко рекламирање.[107]

Во текот на првиот круг, до ААВМУ биле поднесени две претставки во врска со Упатството, кои се однесуваат на тоа кои подносители на листи може да го користат времето од 1 минута на реален час емитувана програма на радијата и телевизиите за платено политичко рекламирање. Првата претставка била од политичката партија Левица, која во својата реакција сметала дека единствено тие и ДПА имаат право на оваа 1 минута, додавајќи дека со поекстензивно толкување во оваа категорија може да влезат и Движењето Беса и коалицијата Движење „Одлучно за промени“, бидејќи со писмо го известиле претседателот на Собранието на Република Северна Македонија дека на изборите ќе дејствуваат  како „независни пратеници“. Втората претставка била од ЛДП, според која право на оваа 1 минута имаат само политичките партии ЛДП, Левица, Беса и ДПА, затоа што пратениците од парламентарните партии ГРОМ, ВМРО-НП и партиите на Турците во Македонија биле дел од пратеничките групи на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ.[108]

**Во поглед на програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис МРТ**, според извештајот на ААВМУ, тие ги почитувале законските барања за структурата на дневно-информативните емисии, за емитување дебати и бесплатно политичко претставување. Првиот програмски сервис – МРТ1 обезбедил информирање за изборниот процес и за лицата со сетилна  попреченост. Собранискиот канал емитувал бесплатно политичко претставување на повеќе учесници во изборите, распоредувајќи го времето според законската одредба. Агенцијата констатира дека програмите на јавниот сервис МРТВ и Собранискиот канал  ги исполниле обврските од изборната кампања да овозможат бесплатно политичко претставување на учесниците во изборите. Според податоците од набљудувањето, на МРТ1 таквата можност за бесплатно претставување ја искористиле 12 кандидати за градоначалници и четворица носители на листи за советници во општините. Во МРТ2, таа можност ја искористиле четири учесници  во изборниот процес: Хамди Сулејмани, кандидиран од група избирачи, потоа кандидатите на коалицијата меѓу Алијансата за Албанците и Алтернатива, како и

107 Извештај за платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите, за вториот круг од изборната кампања (од 18 до 29 октомври). Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/, (последна посета: 1 декември 2021).
108 Извештај за платено политичко рекламирање за првиот круг од изборната кампања од 27 септември до 15 октомври 2021). Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/. (последна посета: 1 декември 2021).

кандидатите на Беса и на ДПА.[109] Спротивно на тоа, трговските радиодифузни друштва не ја покривале кампањата во согласност со принципите на еднаквост за кандидатите. Извештајот укажува дека редакциите ја следеле изборната кампања претежно според очекувањата од општото политичко искуство за досегашните изборни процеси, давајќи му приоритет на дуелот СДСМ – ВМРО ДПМНЕ и на нивните коалициски партнери. Информирање за лицата со сетилна попреченост обезбедиле МРТ 1 и ТВ 24 Вести.[110] Предмет на мониторинг на јавниот сервис беа Првиот програмски сервис МРТ1, Вториот програмски сервис МРТ2 и Македонското радио – Прв програмски сервис МР1.

***Табела 1.1:*** Застапеност на субјектите во информативните жанрови (27 септември – 15 октомври 2021) (прв круг)[111]

| | **МРТ1** | | **МРТ2 албански јазик** | | **Македонско радио 1** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | | | | |
| | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:27:03 | 46,75 % | 00:53:50 | 28,54 % | 01:30:26 | 60,78 % |
| ДУИ | 00:34:10 | 18,35 % | 00:51:26 | 27,26 % | 00:26:07 | 17,55 % |
| Движење „Одлучно за промени“ | 00:37:04 | 19,91 % | 00:25:59 | / | 00:22:20 | 15,01 % |
| Беса | 00:14:11 | 7,62 % | 00:29:59 | 15,82 % | 00:06:19 | 4,25 % |
| ДПА – Демократска партија на Албанците | 00:13:06 | 7,03 % | 00:27:33 | 14,60 % | 00:03:36 | 2,42 |
| ВМРО-НП ВМРО Народна партија | 00:00:39 | 0,35 % | / | / | / | / |
| Вкупно | 03:06:13 | 100 % | 03:08:47 | 100 % | 02:28:48 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | | | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 01:27:30 | 48,28 % | 00:17:24 | 36,60 % | 01:34:28 | 65,28 % |
| Левица | 00:41:13 | 22,74 % | 00:47:25 | 26,15 % | 00:25:04 | 17,32 % |

109 Извештај за начинот на известување на радиодифузерите во првиот круг на изборната кампања за Локалните избори (од 27 септември до 15 октомври 2021), Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).
110 Извештај за начинот на известување на радиодифузерите во првиот круг на изборната кампања за Локалните избори (од 27 септември до 15 октомври 2021). Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).
111 КАС, ИДСЦС, Прирачник за Локални избори во Република Македонија 2017 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/10/MAK_PRIRACNIK.pdf (последна посета: 15 ноември 2021).





| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ) | 00:14:41 | 8,10 % | 00:09:41 | 5,34 % | 00:02:50 | 15,43 % |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | 00:37:49 | 20 87 % | 00:59:41 | 32,91 % | 00:22:20 | 15,43 % |
| Вкупно | 03:01:52 | 100 % | 02:14:11 | 100 % | 02:24:42 | 100 % |

*Извор: АААВМУ*[112]

***Табела 1.2:*** Застапеност на субјектите во информативните жанрови (27 септември – 15 октомври 2021) (прв круг)

| | **МРТ1** | | **МРТ2 албански јазик** | | **Македонско радио 1** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вонпарламентарни партии и независни кандидати** | | | | | | |
| | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент |
| Данела Арсовска | 00:17:21 | 25,08 % | 00:12:54 | 25,15 % | / | / |
| Ана Петровска | 00:11:22 | 16,43 % | 00:06:07 | 11,92 % | / | / |
| Твоја партија | 00:07:45 | 11,20 % | 00:03:55 | 7,63 % | / | / |
| Интегра - македонска конзервативна партија | 00:06:17 | 9,08 % | 00:02:45 | 5,36 % | / | / |
| Максим Димитриевски | 00:05:37 | 8,12 % | 00:08:35 | 16,37 % | / | / |
| ТМРО | 00:05:18 | 7,66 % | 00:01:21 | 2,63 % | / | / |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи | 00:01:28 | 2,12 % | 00:01:20 | 2,60 % | / | / |
| Политичка партија Демократи, работници и независни | 00:01:18 | 1,88 % | 00:01:24 | 2,73 % | / | / |
| Жарко Стефановски - независен кандидат за Прилеп | 00:00:46 | 1,11 % | / | / | / | / |

112 Извештај за платено политичко рекламирање за првиот круг од изборната кампања од 27 септември до 15 октомври 2021). Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Група избирачи за Наше Куманово - Иванка Ѓорѓиевска | 00:03:29 | 5,03 % | / | / | / | / |
| Невена Георгиевска - Група избирачи | / | / | 00:00:39 | 1,27 % | / | / |
| Група избирачи Шанса за Центар Јана Белчева Андреевска | 00:03:20 | 04,82 % | 00:01:20 | 2,60 % | / | / |
| Група избирачи Драгана Велковска | 00:00:46 | 1,11 % | / | / | / | / |

*Извор: ААВМУ*[113]

За периодот од 27 септември до 15 октомври може да се утврди дека Првиот програмски сервис МРТ1 обезбедил 3 часа 6 минути и 13 секунди за партиите на власт и 3 часа 1 минута и 13 секунди за партиите од опозицијата. Вториот програмски сервис МРТ2, Програма на албански јазик, за активностите на партиите на власт обезбедил 3 часа 8 минути и 39 секунди, додека за партиите во опозицијата 3 часа 32 минути и 13 секунди. Кај Македонското радио – Прв програмски сервис разликата е 4 минути во корист на покриеноста на активностите на власта во однос на тие на партиите во опозиција. Активностите за кампањите на политичките партии на власт добиле 2 часа 28 минути и 48 секунди, додека партиите во опозицијата 2 часа 24 минути и 42 секунди.[114]

Во однос на двете најголеми политички партии, на Првиот програмски сервис МРТ1 во активностите за кампањите на коалицијата предводена од СДСМ добила за речиси 5 минути поголема покриеност во споредба со коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Разликата е поголема кај Вториот програмски сервис МРТ2, каде што коалицијата предводена од СДСМ добила 7 минути поголема покриеност во споредба со коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Во Македонското радио – Прв програмски сервис, поголема покриеност добиле активностите за кампањите на коалицијата предводена од СДСМ (2 часа 28 минути и 48 секунди) во однос на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (2 часа 24 минути и 42 секунди).[115]

113 Извештај за платено политичко рекламирање за првиот круг од изборната кампања од 27 септември до 15 октомври 2021). Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).
114 Извештај за начинот на известување на радиодифузерите во првиот круг на изборната кампања за Локалните избори (од 27 септември до 15 октомври 2021), Пристапено на https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).
115 Извештај за начинот на известување на радиодифузерите во првиот круг на изборната кампања за Локалните избори (од 27 септември до 15 октомври 2021), Пристапено на https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).





***Табела 2:*** Застапеност на субјектите во информативните жанрови (18 – 29 октомври 2021) (втор круг)*

| | **МРТ1** | | **МРТ2 албански јазик** | | **Македонско радио 1** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | | | | |
| | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:52:13 | 59,19 % | 00:29:35 | 37,75 % | 00:53:46 | 66,65 % |
| Движење „Одлучно за промени“ | 00:01:01 | 1,15 % | / | / | / | / |
| ДПА | 00:03:24 | 3,85 % | 00:07:59 | 10,19 % | 00:01:22 | 1,69 % |
| ДУИ | 00:22:51 | 25,90 % | 00:27:22 | 34,92 % | 00:17:59 | 22,29 % |
| Беса | 00:08:44 | 9,90 % | 00:13:26 | 17,14 % | 00:07:33 | 9,36 % |
| Вкупно | 01:28:13 | 100 % | 01:18:22 | 100 % | 01:20:40 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | | | | |
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др. | 00:49:48 | 59,93 % | 00:35:25 | 46,70 % | 00:55:16 | 71,93 % |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | 00:22:15 | 26,77 % | 00:31:12 | 41,14 % | 00:16:14 | 21,13 % |
| ГРОМ | 00:09:23 | 11,29 % | 00:07:44 | 10,20 % | 00:05:20 | 6,94 % |
| Левица | 00:01:40 | 2,01 % | 00:01:29 | 1,96 % | / | / |
| Вкупно | | | | | | |

*Извор: ААВМУ*[116]

Од извршениот мониторинг на јавниот сервис за периодот пред вториот круг, од 18 до 29 октомври 2021, Првиот програмски сервис МРТ1 обезбедил 1 час 28 минути и 13 секунди за партиите на власт, а 1 час 23 минути и 6 секунди за партиите од опозицијата. Вториот програмски сервис МРТ2, програма на албански јазик, за активностите на партиите на власт обезбедил 1 час 18 минути и 22 секунди, додека за партиите во опозиција 1 час 15 минути и 50 секунди. Во однос на Македонското радио – Прв програмски сервис, разликата помеѓу покриеноста на активностите на власта во однос на тие на партиите во опозиција е 4 минути во корист на власта. Според мониторин-

116 Извештај за начинот на известување на радиодифузерите во вториот круг на изборната кампања за Локалните избори (од 27 септември до 15 октомври 2021), Пристапено на https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).

гот, активностите за кампањите на политичките партии на власт добиле 1 час 20 минути и 40 секунди, додека партиите од опозицијата добиле 1 час 16 минути и 50 секунди.[117]

Во однос на двете најголеми политички партии, во кампањата пред вториот круг, на Првиот програмски сервис МРТ1 коалицијата предводена од СДСМ добила 3 минути поголема покриеност во споредба со тие на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Кај Вториот програмски сервис МРТ2 – Програма на албански јазик, ВМРО-ДПМНЕ добила 6 минути поголема покриеност во споредба со тие на коалицијата предводена СДСМ. Кај Македонското радио – Прв програмски сервис разликата е 2 минути во корист на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.[118]

Во однос на платеното политичко рекламирање на политичките субјекти, кое, исто така, се следи од страна на ААВМУ, се констатира дека во двата круга од изборната кампања најголем обем платено политичко рекламирање е регистрирано за коалицијата предводена од СДСМ и коалицијата „Најдоброто за мојата општина“ – 162 часа 24 минути и 40 секунди, за ДУИ – 107 часа 5 минути и 37 секунди, за ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Обнова за Македонија“ – 104 часа 16 минути и 46 секунди, за Алијанса за Албанците и Алтернатива – 105 часа 6 минути и 31 секунди, за Левица – 7 часа 10 минути и 18 секунди, за Беса – 6 часа 57 минути и 54 секунди, за Движењето „Одлучно за промени“ – 6 часа 48 минути и 45 секунди, за Интегра – 2 часа 47 минути и 50 секунди, за ДПА – 1 час и 49 минути и секунди и за Единствена Македонија – 1 час 21 минута и 6 секунди. Останатите 24 учесници не го надминале прагот од 1 час вкупно закупено време за емитување платено политичко рекламирање за првиот круг од кампањата. Од телевизиите на државно ниво најмногу реклами биле емитувани на националните телевизии ТВ Канал 5 (40 часа 3 минути и 16 секунди), ТВ Алсат-М (35 часа 7 минути и 48 секунди), ТВ Сител (31 час 56 минути и 13 секунди) и ТВ 21-М (28 часа 50 минути и 48 секунди). Од телевизиите на регионално ниво, најмногу платено политичко рекламирање (ППР) емитувала ТВ Коха (24 часа 57 минути и 42 секунди), а на локално ниво ТВ ДУЕ (24 часа 28 минути и 21 секунди).

117 Извештај за начинот на известување на радиодифузерите во вториот круг на изборната кампања за Локалните избори (од 27 септември до 15 октомври 2021), Пристапено на https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 1 декември 2021).
118 Ибид.





***Табела 3:*** Застапеност на субјектите во информативните жанрови (27 септември – 29 октомври 2021)

| | **24 Вести** | | **Алсат - М** | | **Алфа** | | **Канал 5** | | **Сител** | | **Телма** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II |
| ВМРО-ДПМНЕ и др. | 04:39:83 | 01:10:18 | 00:30:00 | / | 16:44:66 | 06:32:59 | 17:46:00 | 07:28:54 | 14:42:36 | 07:20:42 | 08:44:44 | 03:45:91 |
| СДСМ и коалиција „Најдоброто за мојата општина“ | 10:29:61 | 02:47:14 | 04:58:01 | 01:32:97 | / | / | 13:40:00 | 04:03:29 | 11:36:02 | 03:07:26 | 06:44:29 | 01:42:59 |
| Движење „Одлучно за промени“ | 00:40:02 | / | / | / | / | / | 02:59:04 | / | 02:14:61 | / | 02:35:52 | / |
| Интегра | / | | / | | / | / | 00:45:55 | / | / | / | / | / |
| ГРОМ | / | 00:06:00 | / | / | / | 00:11:30 | / | / | / | 00:14:30 | / | / |
| Левица | / | | / | | / | / | 03:11:00 | / | 02:53:06 | / | / | / |
| БЕСА | / | / | 02:35:81 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | / | / | 10:54:16 | 02:29:37 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ДУИ | / | / | 16:05:06 | 09:16:54 | / | / | / | 00:41:31 | / | 00:24:12 | / | / |
| ТМРО | / | | / | | / | / | / | | 00:13:46 | / | 00:03:51 | / |
| Данела Арсовска - група избирачи | | 00:12:33 | / | / | / | 00:09:33 | / | 00:14:56 | / | 00:12:33 | 00:18:92 | 00:11:27 |
| Независни за Карпош | / | | / | | / | | / | | 00:08:00 | | / | |
| Дејан Димитровски - Зелените од Гази Баба | / | / | / | | / | / | / | / | 00:23:52 | / | / | / |
| Максим Димитриевски - За наше Куманово | / | | / | | / | | / | | 00:02:30 | 00:06:30 | / | |
| Ана Петровска - Група избирачи | / | | / | | / | | 00:19:05 | | / | | 00:05:44 | |
| Хамди Сулејмани - група избирачи | | | 00:04:00 | | / | | / | | | | / | |
| Жика Стојановски - група избирачи | / | | / | | / | | / | | / | | 00:05:30 | |
| Ѓорѓи Танушевски - независен кандидат СТИГА Е | | | / | | 00:02:00 | | / | | | | / | |
| Единствена Македонија | / | | / | | / | | 01:21:01 | | | | / | |

*Извор: ААВМУ*[119]

119 Конвертирано од секунди од страна на авторите според податоци од Извештаи за платено политичко рекламирање за прв и втор круг. Пристапено на: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2021/ (последна посета: 2 декември 2021).

Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР, исто така, го мониторираше медиумскиот простор за локалните избори. Во прелиминарната изјава за првиот круг се наведува дека севкупно известувањето за изборите имало неутрален тон, а двете најголеми партии доминирале во вестите на мониторираните национални радиодифузери.[120] Во однос на вториот круг, Мисијата утврдува дека мониторираните радиодифузери на гласачите им обезбедиле доволно информации за кандидатите употребувајќи генерално неутрален тон. Мисијата забележува дека и покрај тоа што националните медиуми известувале за помалите партии и независните кандидати, сепак, Изборниот законик ги става нив во подредена положба, спротивно од препораките на ОБСЕ и меѓународната добра практика.[121]

### Резултати од локални избори 2021 година

Во првиот круг на локални избори, кој се одржа на 17 октомври 2021 година, на гласање излегоа вкупно 938 631 од вкупно 1 824 815 регистрирани гласачи во избирачкиот список, со што излезноста во првиот круг изнесуваше 51,44 %.[122] Во вториот круг на изборите, излезноста беше намалена и изнесуваше 49,65 %.[123] Излезноста беше помала во споредба со минатите локални избори од октомври 2017 година на кои излезноста беше 59,51 % во првиот круг и 51,92 % во вториот круг. Излезноста на овие локални избори, исто така, беше пониска и од излезноста на локалните избори од март 2013 година, која изнесуваше 66,81 % во првиот круг и 64,9 % во вториот круг, како и од излезноста на предвремените парламентарни избори од 2016 година, која изнесуваше 66,79 % и од излезноста на предвремените парламентарни избори од 2020 година – 52,06 %.

Во првиот круг, за избор на градоначалници на општините и Градот Скопје за неважечки се прогласени вкупно 60 950 ливчиња, а во вториот круг 25 513 неважечки ливчиња. Од гласачките ливчиња за избор на членови на совет во општините и Градот Скопје, за неважечки се прогласени вкупно 54 934 ливчиња.[124]

120 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци на Мисија на набљудување на изборите на ОДИХР – локални избори, 17 октомври 2021. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/7/c/501322.pdf (последна посета: 2 декември 2021).
121 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци на Мисија на набљудување на изборите на ОДИХР - втор круг на локалните избори, 31 октомври 2021. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/4/d/502807.pdf (последна посета: 2 декември 2021).
122 Види Излезност на локални избори 2021 година за прв круг, Државна изборна комисија. Пристапено на https://rezultati2021lokalni1krug.sec.mk/mk/mayr/t7 (последна посета: 9 ноември 2021 година).
123 Излезност на локални избори од втор круг, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://rezultati.sec.mk/mk/mayr/t7 (последна посета: 9 ноември 2021 година).
124 Види резултати на локални избори, Државна изборна комисија. Резултати од прв круг: https://rezultati2021lokalni1krug.sec.mk/mk/asmb/r/3643 (последна посета: 17 ноември 2021).



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

За 80 општини и Градот Скопје се натпреваруваа вкупно 299 кандидати за градоначалници. Самостојно или во коалиција со свои кандидати за градоначалници настапија 24 политички субјекти, од кои 5 коалиции: коалицијата „Најдоброто за мојата општина“ предводена од СДСМ, коалицијата „Обнова на Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ, коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, коалицијата „Движење одлучно за промени“ и коалицијата „Ром-Ромеске“. Од политичките партии свои кандидати за градоначалници имаа: Левица, ДУИ, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Интегра, Родина Македонија, Македонска ера трета/Македонски независни листи, Политичка партија демократи, работници и независни, ДПА, Беса, Демократска партија на Турците на Македонија, Бошњачки демократски сојуз, Твоја партија, Комунистичката партија на Македонија – Титови сили, Партија на обединети демократи на Македонија – ПОДЕМ, Алтернатива, Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ, Движење за демократија, права, слобода и Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ.

Најголем број кандидати за градоначалници имаше  поднесено СДСМ и коалицијата – вкупно 69. ВМРО-ДПМНЕ со својата коалиција номинираше 63 кандидати, ДУИ имаше номинирано 19 кандидати за градоначалници. Движењето Беса номинираше 11 кандидати, додека ДПА номинираше 14 кандидати. Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива настапи со 15 кандидати, додека, пак, коалицијата „Движење одлучно за промени“ имаше 18 кандидати. Левица настапи со осум, Интегра – Македонска конзервативна партија настапи со 10 кандидати, Трајно македонско радикално обединување (ТМРО) настапи со девет, Политичка партија Демократи, работници и независни, настапи со шест кандидати, а партијата Македонска ера трета/Македонски независни листи настапи со седум кандидати. Демократска партија на Турците на Македонија настапи со 5 кандидати, а партијата Бошњачки демократски сојуз со четири кандидати. Партија на обединети демократи на Македонија – ПОДЕМ имаше три кандидати, додека партијата Родина Македонија има двајца кандидати за градоначалник. Со по двајца кандидати настапи „Твоја партија“, а со по еден кандидат настапија: Алтернатива, Ром – Ромеске, Комунистичката партија на Македонија – Титови сили, Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ, Движење за демократија, права и слобода и Граѓанската опција за Македонија – ГРОМ. Покрај наведените политички партии, учествуваа и 27 кандидати за градоначалници поддржани од група избирачи.

За членови на советот на општините и Градот Скопје беа поднесени вкупно 572 листи за кандидати за советници од 31 политички субјект и 65 од група избирачи.

Во првиот круг на изборите беа избрани градоначалници во 34 општини. Во општините Центар Жупа и Маврово и Ростуше не беше исполнет законскиот услов една третина од запишаните гласачи да излезат на гласање (предвиден во Изборниот законик во членот 132, став 2), по што Владата во законски предвидениот рок наименува повереници за овие две општини.[125] По приговорот на коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, Управниот суд одлучи да има прегласување за кандидат за градоначалник и советнички листи на едно избирачко место во општина Дебар, од причини што вкупниот број на запишаните избирачи на тоа избирачко место влијаело врз вкупните резултати на ниво на општина Дебар.[126] Но, и покрај прегласувањето ниту еден од кандидатите за градоначалник не успеа да го обезбеди потребниот процент од вкупниот број од излезените граѓани на гласање, по што имаше трет круг, односно изборот за градоначалник во Дебар се одржа на 14 ноември, каде што победи кандидатот на ДУИ, Хекуран Дука. Дополнително, од исти причини повторување на гласањето од првиот круг имаше на едно избирачко место во Шуто Оризари за членови на советот и членови на Совет за Град Скопје по пресудата донесена од страна на Управниот суд.[127]

Во вториот круг на изборите се гласаше за градоначалници во 43 општини и Градот Скопје.

Во двата круга, најголем број на градоначалнички места освои ВМРО-ДПМНЕ која победи во 42 општини, СДСМ освои 16 градоначалнички места, ДУИ – 11, два градоначалника освои БЕСА, како и коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, а по еден ДПА[128], ГРОМ и Коалицијата одлучно за промени на ЛДП/ДОМ, додека 3 градоначалнички места припаднаа на независни кандидати во општините Куманово, Дебарца и Градот Скопје.

За избор на советници во општините ВМРО-ДПМНЕ освои вкупно 469 советнички места, СДСМ – 402, ДУИ – 167, Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива – 81, Левица – 49, БЕСА – 36, Коалицијата „Одлучно за промени“

125 Одлука за именување повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалник на општина Центар Жупа. Пристапено на: https://dejure.mk/zakon/odluka-za-imenuvanje-poverenik-za-vrshenje-na-rabotite-od-nadlezhnost-na-gradonachalnikot-na-opshtina-centar-zhupa (последна посета: 15 ноември 2021).

126 Решение за повторување на гласање во општина Дебар на ИМ 0543 за Локалните избори 2021. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1Vn4UICS0saSy1JGIBmoTdEoBDvkowQjw/view (последна посета: 31 октомври 2021).

127 Решение за повторување на гласање во општина Шуто Оризари на ИМ 2957/1 за Локалните избори 2021. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1MPKC1lAjt3jvVu1TxjGX0M0le94YZ9eg/view (последна посета: 31 октомври 2021).

128 По изборите, градоначалникот на Студеничани од редовите на ДПА премина во Алијанса за Албанците. Види фото: https://www.facebook.com/aleancashqiptarett/posts/4684959034894621 (последна посета: 14 ноември 2021).



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

– 29, ДПТМ – 17, ДПА – 9, Советничката листа на ДУИ и Алијанса за Албанците и Алтернатива, со која овие партии настапија заедно во општината Чашка освои 4 советнички места, ТМРО – 3, ГРОМ – 2, СРМ – 2, ПДТ – 2, ДНЕТ – 2. По едно советничко место освоија: ДСР, Единствена Македонија, Подем, БДС, ДДПС и „Ром-Ромеске“.

Независните кандидати освоија вкупно 67 советнички места од кои: „За наше Куманово“ освои 8 советнички места, „Шанса за Центар“ – 3, „Поинаку“ во општина Битола освои 3 места, „Зелен хуман град“ во Советот на Градот Скопје - 2, „За заштита на Карпош“ – 2, „Подобро за Тетово“ – 2, „СТИГА Е - Фронт против рудникот и загадувачите на животната средина“ освои по еден претставник во Советите на општините Ново Село, Босилово и Струмица. Покрај наведените општини, од независните листи влегоа советници и во општините: Богданци, Гевгелија, Дебарца, Демир Капија, Долнени, Илинден, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Липково, Лозово, Македонска Каменица, Македонски Брод, Могила, Охрид, Петровец, Пехчево, Пробиштип, Радовиш, Ранковце, Свети Николе, Старо Нагоричане, Чешиново-Облешево и Чучер Сандево.

За избор на советници во Град Скопје, ВМРО-ДПМНЕ освои 79 622 гласа (34,6 %), СДСМ – 53 354 (23,2 %), ДУИ – 26 379 (11,5 %), Левица 20 346 (8,9 %), Алијанса за Албанците и Алтернатива – 11 450 (5 %), Одлучно за промени – 9 324 (4 %) и Зелен хуман град – 9 230 (4 %). Следствено, од вкупно 45 советнички места во Советот на Град Скопје, ВМРО-ДПМНЕ освои 18, СДСМ –12, ДУИ – 5, Левица – 4 советничи места. По два советника имаат Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, Коалицијата „Одлучно за промени“ и „Зелен хуман град“.[129]

***Табела 1:*** Резултати на политички партии и коалиции

| Политички субјект | Број на градоначалници | Број на советници |
|---|---|---|
| Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 42 | 469 |
| Коалицијата предводена од СДСМ | 16 | 402 |
| ДУИ | 11 | 167 |
| Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива | 2 | 81 |
| Левица | 0 | 49 |

129 Резултати, Совет на Град Скопје, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://rezultati2021lokalni2krug.sec.mk/mk/asmb-sk/r# (последна посета: 14 ноември 2021)

| | | |
|---|---|---|
| Беса | 2 | 36 |
| Коалиција ЛДП/ДОМ | 1 | 29 |
| ДПТМ | 0 | 17 |
| ДПА | 1 | 9 |
| Коалиција ДУИ и АА/А | 0 | 4 |
| ТМРО | 0 | 3 |
| ГРОМ | 1 | 2 |
| СРМ | 0 | 2 |
| ПДТ | 0 | 2 |
| ДНЕТ | 0 | 2 |
| ДСР | 0 | 1 |
| Единствена Македонија | 0 | 1 |
| ПОДЕМ | 0 | 1 |
| БДС | 0 | 1 |
| ДДПС | 0 | 1 |
| Ром-Ромеске | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **76** | **1279** |

***Табела 2:*** Резултати на група избирачи

| | | |
|---|---|---|
| „За наше Куманово“ – Максим Димитриевски | 1 | 8 |
| „Шанса за Центар“ | / | 3 |
| „Поинаку“ | / | 3 |
| „Стига е“ | / | 3 |
| „За заштита на Карпош“ | / | 2 |
| „Зелен хуман град“ – Ана Петровска | 0 | 2 |
| „Подобро за Тетово“ | / | 2 |
| „Заедно за Дебрца“ | 1 | 1 |
| „За модерно Скопје“ – Данела Арсовска | 1 | 0 |
| Останати | 0 | 43 |
| **Вкупно** | **3** | **67** |



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

## Заштита на избирачкото право

Изборниот законик ја гарантира заштитата на избирачкото право. Според Изборниот законик, секој подносител на листа на кандидати и секој избирач има право да поднесе приговор до Државната изборна комисија доколку смета дека неговото право било повредено.

Приговорите од страна на подносителите на листите може да се однесуваат на постапката за гласање, сумирањето и утврдувањето на резултатите, додека избирачите може да поднесат приговор доколку во постапката им е повредено избирачкото право. Постапката која се води за заштита на избирачкото право е итна, поради што во овој случај приговор и тужба не може да се достават по пошта.

Приговорите кои подносителите на листите ги доставуваат до ДИК мора да ги достават во рок од 48 часа по завршување на гласањето, односно по објавување на првичните резултати, а ДИК е должна во рок од 48 часа по прием на приговор да донесе одлука. За одлуката која ја донела ДИК го известува подносителот на приговорот по пат на електронска пошта, а одлуката се смета за доставена во рок од пет часа од испраќањето на електронскиот допис.

Подносителот на приговорот, за кој било решено негативно во рамките на ДИК, има право во рок од 24 часа по приемот на решението да поднесе тужба до Управниот суд. Судот мора да донесе одлука во рок од 60 часа по приемот на тужбата. Управниот суд може да ја потврди или да ја преиначи одлуката на ДИК, при што неговите одлуки се правосилни, односно против нив не може да се поднесе жалба или друг вид правен лек.

Во случај на повреда на избирачкото право на избирачот, тој може да поднесе приговор до ДИК во рок од 24 часа, а ДИК е должна да донесе одлука во рок од 4 часа по приемот на приговорот. Одлуката на ДИК може да биде обжалена, така што во рок од 24 часа по приемот на решението ќе се достави тужба до Управниот суд. Доколку роковите течат и се пресретнат во текот на процесот на гласање, а одлуката е позитивна за избирачот ќе му се овозможи да го оствари своето право на глас.[130]

130 ИДСЦС и КАС, Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2016 година, второ дополнето издание. Пристапено на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/ Belegexemplar_2016_The_Republic_of_ Macedonias_2016_Parliamentary_Elections_Handbook_ MKD_version.pdf (последна посета: 29 ноември 2020).

За двата круга од локалните избори до Државната изборна комисија беа поднесени вкупно 1 053 приговори на постапката за гласање. Најголем дел од нив, 989, беа приговори поднесени од граѓаните поврзани со заштита на избирачкото право. Дополнително, 27 приговори беа поднесени за заштита на гласачко право на овластен подносител за постапката на сумирање и утврдување резултати. 35 приговори беа поднесени за заштита на гласачко право на овластен подносител за постапката на гласање. Два приговори беа поднесени за непочитување на одредбите за активностите и времетраењето на изборната кампања. Државната изборна комисија усвои 392 приговори, одби 103 и отфрли 56. Повлечени беа 29 приговори, а останатите сè уште се неотворени или се во обработка. Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР[131] укажа дека ДИК не ги почитува роковите за разгледување на приговорите, а системот на ДИК за електронско поднесување приговори не бил постојано ажуриран што влијаело врз информираноста на јавноста и транспарентноста на процесот.

Од вкупниот број на 1 053 приговори, пред одржувањето на првиот круг од изборите, до 15 октомври, до ДИК беа поднесени 23 приговори од кои 17 беа прифатени. Најмногу од овие приговори беа поднесени од граѓани за заштита на избирачко право, најчесто поврзано со неможност на гласање на болни и изнемоштени лица, како и лица заразени со коронавирусот. На денот на изборите во првиот круг беа поднесени над 300 приговори од страна на граѓани,[132] најмногу поради неможност да се најдат во Избирачкиот список.[133]

Пред почетокот на вториот круг, гласачите поднесоа уште 122 дополнителни приговори во врска со нивното избирачко право и гласање од дома. Дополнително, по првиот круг ДИК разгледа и отфрли 14 приговори од кои 2 за повреда на предизборниот молк и 12 приговори за резултатите.[134] По завршувањето на вториот круг, приговори беа поднесени од Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Демократска унија за интеграција – ДУИ и Група избирачи Енвер Пајазити. Приговорите на ТМРО и Група избирачи Енвер Пајазити беа отфрлени од Комисијата. Приговорите на ДУИ, исто така, биле одбиени, со исклучок на приговорот за Избирачкото место 2107 во Општина Желино со што Комисијата го поништи гласањето на ова место.[135]

131 ОБСЕ/ОДИХР, 2021.
132 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци, ОБСЕ/ОДИХР, втор круг, 31 октомври 2021. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/4/d/502807.pdf (последна посета: 30 ноември 2021).
133 Државна изборна комисија, Преглед на приговори. Пристапено на: https://prigovori.sec.mk/objections/objections
134 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци, ОБСЕ/ОДИХР, втор круг, 31 октомври 2021. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/4/d/502807.pdf (последна посета: 30 ноември 2021).
135 Известување од триесет и осмата седница на Државната изборна комисија, одржана на 4 ноември 2021 година. Државна изборна комисија. Пристапено на: https://www.sec.mk/izvestuvanje-od-trieset-i-osmata-sednica-na-drzhavnata-izborna-komisija-odrzhana-na-4-noemvri-2021-godina/ (последна посета: 1 декември 2021).





Вкупно 50 приговори (речиси 5 % од вкупниот број од 1 053 приговори) беа поднесени од страна на политичките партии за гласачко право на овластен подносител за постапката на гласање. Приговорите од партиите најчесто биле за семејно гласање, недостаток на лица во Избирачки список и групно гласање. СДСМ со коалицијата и Алијансата за Албанците поднесоа по 10 приговори, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата 8 приговори, ДУИ и ТМРО по 7, Левица 5, Твоја партија и Демократска партија на Турците на Македонија (ДПТМ) по 3 приговори и Движењето „Одлучно за промени" и Група избирачи Енвер Пајазити поднесоа по 2 приговори.[136]

За првиот круг од изборите, до Управниот суд пристигнаа вкупно 28 тужби, а беше уважена една тужба на ВМРО-ДПМНЕ за подмитување на гласачи на изборите за членови на Советот на Град Скопје, на гласачкото место 2461 во Општина Сарај. Управниот суд прифати и уште две тужби на Алијансата на Албанците и Алтернатива и Движењето „Одлучно за промени". Со уважувањето на тужбата на Алијансата на Албанците и Алтернатива се поништија резултатите од гласањето на избирачкото место 0543 во Дебар со 777 гласачи што може да го определи победникот на изборите. Во однос на тужбата на Движењето „Одлучно за промени", се поништија резултатите од гласачкото место 2957/1 во Општина Шуто Оризари.[137] По ваквите одлуки на Управниот суд во овие избирачки места се одржа прегласување за првиот круг.

Во вториот круг беа поднесени 16 тужби од кои беше прифатена само тужбата на БЕСА во однос на прифаќањето на приговорот на ДУИ од страна на ДИК за Избирачкото место 2107 во Општина Желино. Судот утврди дека ќе нема прегласување на ова избирачко место, со што се потврди победата на кандидатот на БЕСА, Блерим Сејди.[138]

Врз основа на надлежностите на ДКСК за следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи, ДКСК доби 30 приговори од граѓани и политички партии. Еден приговор за злоупотреба на државна финансиска поддршка поднесе ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата. Еден приговор до ДКСК поднесе и СДСМ и коалицијата против независниот кандидат Максим Димитриевски за прекршување на Изборниот законик и овозможување по-

136 Пресметка на авторите, според податоци од Државна изборна комисија, Преглед на приговори (https://prigovori.sec.mk/objections/objections).
137 Управен суд, Судски портал на Република Северна Македонија. Пристапено на: http://www.vsrm.mk/wps/portal/usskopje (последна посета: 1 декември 2021).
138 „Нема да се прегласува во Желино, Управниот суд ја прифати тужбата на Беса", 8 ноември 2021. Пристапено на: https://sdk.mk/index.php/makedonija/nema-da-se-preglasuva-vo-zhelino-upravniot-sud-ja-prifati-tuzhbata-na-besa/ (последна посета: 1 декември 2021).

голем број на рекламни паноа. Еден приговор поднесе и Левица, против независниот кандидат Данела Арсовска, за прекршување на Изборниот законик член 71 поврзано со прибирање на средства за изборната кампања, член 75 ѓ и д (соодност на присуство во медиуми) и 67-д став 5 (трошење на финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од државниот буџет). ДКСК ги одби сите три приговори.[139] По решението на ДКСК, ВМРО-ДПМНЕ достави и тужба до Управниот суд, која, исто така, беше одбиена.[140]

### Оцена на локалните избори од набљудувачите

За следење на локалните избори 2021 година беа акредитирани вкупно 1 257 набљудувачи,[141] преведувачи, меѓународни набљудувачи и странски новинари. Ова е помалку за 4 825 набљудувачи во споредба со локалните избори во 2017 година, кога беа акредитирани вкупно 6 082 набљудувачи, од кои 5 609 домашни и 473 странски.[142]

Бројот на домашни набљудувачи на овие избори изнесуваше 871. Од нив најмногу беа застапени набљудувачите на Граѓанската организација АКСИОС 2017 Скопје, чиј број изнесуваше 529 набљудувачи. Потоа следуваа Здружението на граѓани ЦИВИЛ – Центар за слобода Скопје со 284 набљудувачи, Здружението за афирмација на хумани вредности и младинска интеграција Мак-Сонце – Скопје со 31 набљудувач, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид – Скопје со 12 набљудувачи, Националниот ромски центар со 10 набљудувачи, Граѓанска превенција „Превенција за време на избори“ со 4 и Здружението Млади европски федералисти – ЈЕФ Северна Македонија со 1 набљудувач.

Бројот на акредитирани меѓународни набљудувачи и преведувачи за локалните избори 2021 година изнесуваше 370, од кои 218 од ОБСЕ/ОДИХР – специјална мисија за проценка на изборите. Американската Амбасада во Скопје

139 Одлуки по приговори, Државна комисија за спречување на корупција. Пристапено на: https://dksk.mk/локални-избори-2021-година/ (последна посета: 1 декември 2021).
140 Управен суд, Судски портал на Република Северна Македонија. Пристапено на: http://www.vsrm.mk/wps/portal/usskopje (последна посета: 1 декември 2021).
141 Акредитирани набљудувачи - Избори 2021, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1FPi82rlJt0T6e5pd2i9meb4qwI0z7468/view (последна посета: 8 ноември 2021).
142 КАС/ИДСЦС, Прирачник за локални избори во Република Македонија 2017 година, второ дополнето издание. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/10/MAK_PRIRACNIK.pdf (последна посета: 8 ноември 2021).





имаше 15 набљудувачи и 38 преведувачи, британската Амбасада Скопје 7 набљудувачи, Амбасадата на Франција во Република Северна Македонија 6 набљудувачи и 5 преведувачи, Амбасадата на Италија 4 набљудувачи и 4 преведувачи, Амбасадата на Унгарија 6 набљудувачи, Амбасадата на Република Албанија 5 набљудувачи, ИФЕС 5 набљудувачи, Амбасадата на Кралството Холандија 4 набљудувачи, Амбасадата на Руската Федерација 4 набљудувачи, Амбасадата на Република Чешка 3 набљудувачи, Амбасадата на Република Хрватска 3 набљудувачи, Централната изборна комисија на Босна и Херцеговина 3 набљудувачи, Амбасадата на Република Косово 3 набљудувачи, Амбасадата на Република Бугарија 2 набљудувачи, Амбасадата на Кралството Шпанија 2 набљудувачи, Амбасадата на Република Грција 2 набљудувачи, Централната изборна комисија на Летонија 2 набљудувачи, Австриската амбасада 2 набљудувачи и Амбасада на Кралството Белгија во Софија имаше 1 набљудувач.[143]

На изборите имаше и 10 акредитирани странски новинари. Од нив АлЏезеира Балканс – дописништво Скопје имаше 6 новинари, Турска Радио Телевизија 3 новинари и Гласот на Америка 1 акредитиран новинар.

Во изјавата за прелиминарните наоди и заклучоци на ОБСЕ/ОДИХР за првиот круг,[144] изборите се одржале во натпреварувачки дух и основните слободи биле широко почитувани. Сепак, во изјавата е наведено дека бројните недостатоци во законската рамка ја потенцираат потребата од сеопфатна реформа на изборниот систем. Се забележува дека водечките парламентарни партии уживаат системски предности, особено во поглед на распределбата на јавните ресурси за водење кампања. Се наведува и дека доцното спроведување на биометриската идентификација на гласачите создало дополнителни предизвици при спроведувањето на изборите. Со објавувањето на информациите за гласањето преку целиот ден, заедно со податоците за прелиминарните резултати за секое гласачко место на изборната ноќ, се подобрила транспарентноста. Усвојувањето одреден број амандмани на Изборниот законик без јавна дебата или консултација со клучните засегнати страни што се однесуваат на овие избори е оценето како спротивно на меѓународната пракса. Сепак, наведено е дека тие придонеле за спроведување одредени претходни препораки на ОБСЕ/ОДИХР, како што е дефинирањето на времетраењето на мандатот на членовите на Др-

143 Акредитирани набљудувачи - Избори 2021, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1FPi82rlJt0T6e5pd2i9meb4qwI0z7468/view (последна посета: 8 ноември 2021).
144 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци на Мисија на набљудување на изборите на ОДИХР - локални избори, 17 октомври 2021. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/7/c/501322.pdf (последна посета: 8 ноември 2021).

жавната изборна комисија и тоа што се дозволи граѓаните чии лични карти истекле по објавувањето на изборите да гласаат.

На овие избори за прв пат беше употребена биометриска идентификација на гласачите без спроведување  пилот-проект или тестирање. Според изјавата на ОБСЕ/ОДИХР, кратката временска рамка за спроведување ја оневозможило ДИК навремено да ги усвои релевантните подзаконски акти, процедури, обуки и едукација на гласачи. И покрај тоа, повеќето соговорници на Меѓународната набљудувачка мисија на ОДИХР, меѓу кои и политичките партии, го поздравиле воведувањето на биометриска идентификација на гласачите како ефективно средство за спречување на изборна измама.

Според Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, процесот на регистрација на кандидатите бил сеопфатен со вкупно регистрирани 299 кандидати за градоначалник и 571 советничка листа со 10 649 кандидати. Иако жените сочинувале околу 45 проценти од сите кандидати за советници, во согласност со законската обврска за родова застапеност, и биле носители на 111 листи, само 8 проценти од кандидатите за градоначалник биле жени. Проблемите поврзани со родовата еднаквост и правата на жените биле во голема мера отсутни од платформите и говорите на кандидатите, а жените биле недоволно застапени во кампањите на партиите.

Меѓународната набљудувачка мисија (МНИ) на ОБСЕ/ОДИХР забележала изолирани случаи на заплашување кандидати, но дошла и до наводи за притисок врз одредени кандидати да се повлечат од изборниот процес, како и некои веродостојни тврдења за притисок врз гласачите и купување гласови.

Мониторингот врз медиумите кој го спровела Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР утврдил дека известувањето за изборите имало неутрален тон. Утврдено е дека за време на официјалниот период на кампањата, двете најголеми партии доминирале на вестите на националните радиодифузери. Забележано е дека Изборниот законик сè уште влијае на содржината на вестите на јавниот сервис МРТ. Исто така, Мисијата нотира дека несоодветната регулатива за распределување на државните средства наменети за рекламирање кај радиодифузерите, во печатените и онлајн медиуми дала значителна предност на одредени парламентарни партии, спротивно на заложбите на ОБСЕ и добрата практика.

Денот на изборите општо земено бил мирен, а набљудувачите на МНИ дале позитивна оцена за процесите на отворање на гласањето и за гласањето на набљудуваните гласачки места. Процедурите на гласање и мерките за заштита





од ковид-19 во начело биле почитувани. Меѓутоа, набљудувачите забележале чести проблеми со уредите за биометриска идентификација и скенирањето на отпечатоци од прсти на гласачите. Утврдено е дека повеќето избирачки одбори професионално ги надминувале ваквите проблеми.

Во Изјавата за прелиминарните наоди и заклучоци на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР, за вториот круг на локалните избори[145] се наведува дека имало компетитивна кампања во која фундаменталните слободи биле почитувани. Сепак, во споредба со првиот круг е забележано дека негативната реторика и извештаите за заплашување на кандидатите и притисок на гласачите, потенцијално го уназадиле процесот. Мисијата утврдува дека изборната администрација направила напори за да се решат процедуралните недостатоци кои се забележани за време на првиот круг, и вториот круг од изборите се одвивал непречено со одредени ограничувања најмногу во однос на приговорите.

За вториот круг, Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР оценува дека се одвивал во натпреварувачки дух, а кандидатите во принцип можеле слободно да ја спроведуваат кампањата и да ги пренесуваат пораките. Меѓутоа, случаите со негативна реторика влијаеле врз општата атмосфера, а главните партии се напаѓале меѓусебно. Мисијата не го набљудувала изборниот процес во вториот круг на систематски или сеопфатен начин, но членови на Мисијата посетиле ограничен број на избирачки места. Процесот на гласање во посетените избирачки места бил оценет како добро организиран, транспарентен и мирен со изолирани инциденти, а во неколку случаи и со нарушена тајност на гласањето.

Граѓанската организација ЦИВИЛ Центар за слобода[146] оцени дека изборниот процес се одвивал генерално мирно и во демократска атмосфера. Доцните измени на законската регулатива, нееднаквата родова застапеност и нерамномерното медиумско покривање се дел од клучните забелешки за изборниот процес. Дополнително, тие укажуваат дека некои од нивните набљудувачи биле попречени во нивната работа во првиот круг и дека членовите на избирачките одбори недоволно ги познавале процедурите.

145 Изјава за прелиминарни наоди и заклучоци на Мисија на набљудување на изборите на ОДИХР - втор круг на локалните избори, 31 октомври 2021. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/4/d/502807.pdf  (последна посета: 8 ноември 2021).

146 Наоди од изборен мониторинг на ЦИВИЛ. Достапно на: https://civilmedia.mk/category/izbori/. (последна посета: 29 ноември 2021).

### Оцена на изборите од учесниците

По затворањето на избирачките места во првиот и вториот круг политичките партии и независните кандидати дадоа свои видувања за текот на изборниот ден.

Генералниот секретар на СДСМ и шеф на Централниот изборен штаб, Љупчо Николовски, по завршувањето на гласањето во првиот круг им честиташе на институциите, бидејќи, како што рече, успеале да спроведат фер, слободни и демократски избори.[147] Исто така, тој истакна дека македонската демократија имала мирен, достоинствен и европски изборен ден. Николовски во изјавата за медиумите истакна дека позитивната атмосфера низ целата кампања беше заокружена на 17 октомври со мирен изборен ден и дека биле забележани неколку изолирани помали отстапувања по кои веднаш се постапило. Тој оценува дека се појавиле предизвици со гласањето со отпечаток на прст. Николовски потсетува дека гласањето со отпечаток на прст бил услов на ВМРО-ДПМНЕ за да гласаат за Изборниот законик и дека тие како демократска партија го прифатиле тоа за изборните резултати да бидат уште повеќе кредибилни и да нема простор никој да ги оспорува.

По добивањето на првичните резултати од гласањето од вториот круг[148] на локалните избори претседателот на СДСМ и премиер, Зоран Заев, на прес-конференција ја презема целата одговорност за лошите резултати и поразот на локалните избори и поднесе оставка на функцијата премиер и претседател на СДСМ. Тој ѝ ја честиташе победата на опозицијата и изјави дека биле видливи многу пари кај опозицијата дојдени од странство поради политички и економски причини, а дел од парите опозицијата ги добила и од домашни бизнисмени заради идни лични финансиски интереси. Заев посочи дека нема потреба од нови предвремени парламентарни избори и дека ќе остане на функцијата премиер сѐ додека не се реорганизира новата Влада од прогресивното мнозинство.

Од страна на ВМРО-ДПМНЕ, на првата прес-конференција по завршувањето на гласањето од првиот круг на локалните избори, пратеникот Миле Лефков излезе со обвинувања кон власта за низа изборни нерегуларности, но и со оптимизам дека ќе има добар резултат по пребројувањето на гласовите.[149] Според него, на власт во државата е гарнитура која е потопена во криминал и корупција. Соодветно на тоа, според ВМРО-ДПМНЕ биле забележани нерегуларности, нарушување на изборниот процес и коруптивно дејствување на власта. Лефков посочи дека непосредно пред денот на гласање забележале кршење на изборниот молк, заплашувања, притисоци и уцени од страна на носители на јавни функции, министри, како и злоупотреба на државни ресурси за партиски цели. Дополнително, тој изрази сомнеж за поткуп во Прилеп, Велес, Битола, Делчево, Демир Капија, Неготино, Охрид, како и делови на Скопје. Тој, исто така, обвини за брутален физички напад врз новинар и медиумски работници во Прилеп и изјави дека имале информации за бугарски воз и информации за полнење кутии во Сарај за што партијата поднела приговори. Сепак, истакна дека партијата очекува оти народот ја препознал шансата и изборите донеле промени.

Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, кратко по првичните неофицијални резултати од вториот круг[150] на локалните избори прогласи убедлива победа и изјави дека сега почнуваат промените за подобра Македонија. Тој им се заблагодари на коалициските партнери, но и на политичките партии што ги поддржаа Алтернатива, Алијанса на Албанците и Левица. Мицкоски укажа дека тоа е знак за формирање силен опозициски блок и дека тоа ќе донесе огромна победа на следните парламентарни избори, кои многу е веројатно дека ќе бидат предвремени.

Лидерот на ДУИ, Али Ахмети, по завршувањето на првиот круг од гласањето изјави дека изборите поминале во најдобар ред и се заблагодари на верните гласачи кои ја избрале агендата на ДУИ.[151] По завршувањето на вториот круг на локалните избори[152] портпаролот на ДУИ и министер за надворешни работи, Бујар Османи, изјави дека ДУИ е победник на локалните избори и дека партијата победила во 10 општини. Тој во изјавата истакна дека сега не е време за нови предвремени парламентарни избори, но додаде дека доколку ова би биле парламентарни избори ДУИ би освоил 18 пратенички места.

147 „На предизвиците за отпечатокот од прст беше укажувано, но таквото гласање беше услов на ВМРО-ДПМНЕ: Николовски со оценка за мирен изборен ден“, МИС, 17 октомври 2021. Пристапено на: https://mms.mk/251143/на-предизвиците-за-отпечатокот-од-прс/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=на-предизвиците-за-отпечатокот-од-прс (последна посета: 8 ноември 2021).

148 „Заев поднесе оставка од премиерската и партиската функција“, Deutsche Welle на македонски јазик, 31 октомври 2021. Пристапено на: https://p.dw.com/p/42Pkt (последна посета: 8 ноември 2021).

149 „ВМРО-ДПМНЕ обвинува за нерегуларности, но очекува добри резултати“, 360 степени, 17 октомври 2021. Пристапено на: https://360stepeni.mk/video-vmro-dpmne-obvinuva-za-neregularnosti-no-ochekuva-dobri-rezultati/ (последна посета: 8 ноември 2021).

150 „Мицкоски – Најдобро би било власта да си замине на предвремени парламентарни избори“, Слободна Европа, 31 октомври 2021. Пристапено на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/31538508.html (последна посета: 8 ноември 2021).

151 „Ахмети: ДУИ со значителна предност во Тетово, Чаир, Кичево, Струга“, 360 степени, 17 октомври 2021. Пристапено на: https://360stepeni.mk/ahmeti-dui-so-znachitelna-prednost-vo-tetovo-chair-kichevo-struga/ (последна посета: 8 ноември 2021).

152 „ДУИ победи на локалните избори, предвремени парламентарни избори не се потребни, вели Османи“, Макпрес, 2 ноември 2021). Пристапено на : https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=439001 (последна посета: 8 ноември 2021).

Лидерот на Алијанса за Албанците, Зијадин Села, на прес-конференцијата по завршувањето на првиот круг на локалните избори објави дека партијата го задржува градоначалничкото место во Гостивар и истовремено води во Дебар. Тој се заблагодари на сите граѓани кои имале храброст да го искажат својот глас и обвини за уцени, притисоци и поткуп.[153] Генералниот секретар на партијата и кандидат за градоначалник на Гостивар, Арбен Таравари, по прогласувањето на победата за градоначалник во Гостивар во вториот круг[154] изјави дека партијата го победила ДУИ во Гостивар со над 5 000 гласа разлика и изрази надеж дека веднаш ќе започнат преговорите за ново парламентарно мнозинство и нова Влада затоа што СДСМ и ДУИ веќе немале кредибилитет.

Лидерот на Беса, Билал Касами, по прогласувањето на победата во Тетово во вториот круг изјави дека ги чека многу работа за остварување на ветените проекти и им се заблагодари на сите кои гласале за него. Тој истакна дека ќе се врати сјајот, животот и гордоста на Тетово. По вториот круг од изборите одлуката на Државната изборна комисија за прегласување во Општина Желино наиде на остра реакција од страна на генералниот секретар на партијата и министер во Владата, Аријанит Хоџа. Тој искажа незадоволство со оваа одлука и дека таа одлука може да донесе пад на Владата.

Лидерот на Левица, Димитар Апасиев, на прес-конференција по објавувањето на дел од првичните резултати од првиот круг на локалните избори изјави дека се покажало опозициското расположение во земјата, и дека е задоволен од изборниот резултат што партијата го постигнала на овие избори, и од растот на бројот на освоени гласови. Тој изјави дека тие како партија ја оствариле целта, но важна е и општата тенденција дека левичарското расположение во земјата е во нагорна линија. Апасиев истакна дека хибридниот режим на Заев е пред крај и дека опозициските тенденции се евиденти и добра можност за парламентарни избори после локалните.[155]

Изјави за медиумите по завршувањето на првиот круг на локалните избори дадоа и дел од независните кандидати кои сами или со поддршка на политички партии победија на изборите. Независната кандидатка за градоначалничка на

153 „Села: Со уцени и притисоци го задржавме Гостивар, го освоивме Дебар“, 24инфо, 17 октомври 2021. Пристапено на: https://24info.mk/села-со-уцени-и-притисоци-го-задржавме/ (последна посета: 8 ноември 2021).

154 „Таравари: Од утре преговори за нова влада“, Денешен.мк, 31 октомври 2021. Пристапено на: https://denesen.mk/taravari-od-utre-pregovori-za-nova-vlada/ (последна посета: 8 ноември 2021).

155 „Апасиев: Опозициските тенденции во земјава се евидентни, можеме да имаме парламентарни избори после локалниве“, 21.тв, 18 октомври 2021. Пристапено на: https://mk.tv21.tv/apasiev-opozitsiskite-tendentsii-vo-zemjava-se-evidentni-mozheme-da-imame-parlamentarni-izbori-posle-lokalnive/ (последна посета: 8 ноември 2021).





Скопје, Данела Арсовска, која беше поддржана од опозициската ВМРО-ДПМНЕ по победата во вториот изборен круг им се заблагодари за поддршката на скопјани и истакна дека веднаш ќе започне со реализација на нејзините проекти. За време на кампањата, Арсовска го обвини СДСМ за црна кампања и изнесување лаги за неа и за нејзиното семејство и дека никој не смее да биде предмет на монтажи, фалсификати и продуцирани видеа.[156] Напомена дека на овие избори во вториот круг нејзин противкандидат не бил само Петре Шилегов од СДСМ, туку и премиерот во заминување, Зоран Заев.[157]

Независниот кандидат за градоначалник на Куманово, Максим Димитриевски, по објавувањето на првичните резултати од вториот круг прогласи голема победа. Тој изјави дека и покрај добрите резултати наспроти големите политички партии, сепак, се соочиле со големи притисоци обвинувајќи за злоупотреба на полицијата и испреплетени релации помеѓу полицијата и политичките партии на власт.[158] Во Општина Дебрца, независниот кандидат за градоначалник, Зоран Ногачески, кој победи во вториот круг, изјави дека граѓаните на општината се изјасниле дека сакаат да ги продолжат политиките на локалната самоуправа. Тој се заблагодари на граѓаните на Дебрца и најави дека ќе работи исклучиво во нивен интерес.[159]

Карактеристично за овие избори беше и значителниот број на листи на избирачи произлезени од граѓански движења, со значителен фокус на зелените политики. Една од нив беше и кандидатката за градоначалничка на Град Скопје, Ана Петровска, која беше поддржана од страна на граѓанската иницијатива Зелен хуман град, која, исто така, имаше и советничка листа за Советот на Град Скопје. Таа во својата изјава за медиумите го искажа своето незадоволство од начинот како се организирани и се спроведени овие избори. Петровска додаде дека од нивните набљудувачи од терен добиле информации за бројни нерегуларности, импровизации и несоодветно толкување на Изборниот законик.[160] Таа додаде дека процесот на трансформирање на Скопје во зелен хуман град е започнат.

156 „Обраќање на Арсовска: Ја побарав вашата поддршка без ниту една дамка во животот“, 365.com.mk, 28 октомври 2021. Пристапено на: https://365.com.mk/339236/obrakane-na-arsovska-ja-pobarav-vashata-poddrshka-bez-nitu-edna-damka-vo-zhivotot (последна посета: 8 ноември 2021).

157 „Арсовска: Скопје добива жена градоначалник по 30 години од независноста“, Канал 5, 31 октомври 2021. Пристапено на: https://kanal5.com.mk/arsovska-skopje-dobiva-zhena-gradonachalnik-po-30-godini-od-nezavisnosta/a501191 (последна посета: 8 ноември 2021).

158 „Максим Димитриевски победи и меѓу редови најави промени во СДСМ“, 24.мк, 1 ноември 2021. Пристапено на: https://www.24.mk/details/maksim-dimitrievski-pobedi-i-me-u-redovi-najavi-bitka-za-sdsm (последна посета: 8 ноември 2021).

159 „Ногачески прогласи победа и повторен градоначалнички мандат во Општина Дебрца“, 1 ноември 2021. Достапно на: https://kanal5.com.mk/nogacheski-proglasi-pobeda-i-povtoren-gradonachalnichki-mandat-vo-opshtina-debrca/a501202 (последна посета: 29 ноември 2021) Изјави за медиумите по завршувањето на првиот круг на локалните избори дадоа и дел од независните кандидати“.

160 „Петровска: И покрај изборните нерегуларности, и понатаму ќе се бориме за зелен и хуман град“, Лидер.мк, 18 октомври 2021. Пристапено на: https://lider.mk/petrovska-i-pokraj-izbornite-neregularnosti-i-ponatamu-kje-se-borime-za-zelen-i-human-grad/ (последна посета: 8 ноември 2021).

### Заклучоци

Седмите локални избори во Република Северна Македонија се одржаа на 17 октомври (прв круг) и на 31 октомври (втор круг) 2021 година. Изборите се одржаа во натпреварувачка атмосфера со почитување на основните слободи, но со претежно негативна реторика, особено во вториот круг. Излезноста на изборите во првиот круг изнесуваше 51,44 %, а во вториот круг 49,65 %, што е намалување во однос на излезноста од локалните избори во 2017 година. Кампањата за првиот круг на изборите започна на 27 септември и траеше до 15 октомври на полноќ, додека кампањата за вториот круг продолжи веднаш по изборниот ден на 17 октомври и траеше до 29 октомври до полноќ. Во текот на изборната кампања партиите имаа можност слободно да ги водат своите кампањи, при што слободата на здружување, собирање и изразување беше почитувана. Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР посочи дека бројните недостатоци во законската рамка укажуваат на потребата од сеопфатна реформа и нотираше дека водечките парламентарни партии уживаат системски предности, особено во поглед на распределбата на јавните ресурси за водење кампањи, во кои спаѓаат и медиумите. Карактеристично за овие избори беше зголемениот фокус кон еколошките прашања, како и значителниот број на независни кандидати за градоначалници и советнички листи.

Од финансиските извештаи за средствата потрошени во кампањата пред првиот и вториот круг на локалните избори доставени до ДИК, ДЗР и ДКСК, може да се констатира дека повеќето учесници: ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, група избирачи Данела Арсовска, БЕСА, група избирачи Максим Димитриевски, потрошиле повеќе средства отколку што собрале. Најголемите десет партии, коалиции и независни кандидати потрошиле вкупно 313 026 558 денари (5 097 524 евра) на кампањата, а собрале вкупно 288 710 634 денари (4 694 482 евра). Најмногу пари потрошила коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а најмногу пари преку донации и членарини собрала коалицијата предводена од СДСМ.

Резултатите од локалните избори во 2021 комплетно го променија распоредот на градоначалници помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Коалицијата предводена од СДСМ освои 16 градоначалнички места, што е за 41 градоначалничко место помалку од минатите избори. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 42 градоначалнички места, односно 37 повеќе од минатите избори. ДУИ освои 11 градоначалнички места, два градоначалника освои БЕСА, како и коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива, а по еден ДПА, ГРОМ и коалицијата „Одлучно за промени“ на ЛДП/ДОМ, додека 3 градоначалнички места припаднаа на независни кандидати во општините Куманово, Дебарца и Градот Скопје. ВМРО-ДПМНЕ освои вкупно 469 советнички места, СДСМ – 402,  ДУИ – 167, коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива – 81, Левица – 49, БЕСА – 36, коалицијата „Одлучно за промени“ – 29, ДПТМ – 17, ДПА – 9, Советничката листа на ДУИ и Алијанса за Албанците и Алтернатива, со која овие партии настапија заедно во Општина Чашка освои 4 советнички места, ТМРО – 3, ГРОМ – 2, СРМ – 2, ПДТ – 2, ДНЕТ – 2. По едно советничко место освоија: ДСР, Единствена Македонија, Подем, БДС, ДДПС и „Ром-Ромеске“. Независните листи освоија вкупно 67 советнички места.

Според мониторингот на ААВМУ, анализираните програмски сервиси на национално ниво вложиле напори да обезбедат медиумско покривање. Покрај покривањето во дневно-информативните емисии, речиси сите медиуми резервирале повеќе посебни информативни програми за учесниците. Програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис МРТ ги почитувале законските барања за структурата на дневно-информативните емисии, додека трговските радиодифузни друштва не ја покривале кампањата во согласност со принципите на еднаквост. ААВМУ укажува на потребата од нови измени на изборната регулатива во делот на платеното политичко рекламирање, бидејќи дозволените лимити за рекламирање сè уште се нејасни и различно се толкуваат и не обезбедуваат еднакви услови за пристап на сите учесници. Дополнително е посочено  дека распределбата на буџетските средства и понатаму не е правична и е во прилог на најголемите парламентарни партии од власта и од опозицијата.

Во Државната изборна комисија се поднесени  вкупно 1 053 приговори од кои 989 приговори се поднесени од граѓани поврзани со заштита на избирачкото право. Политичките партии поднесоа вкупно 50 преговори. СДСМ со коалицијата и Алијансата за Албанците поднесоа по 10 приговори, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата 8 приговори, ДУИ и ТМРО по 7, Левица 5, Твоја партија и Демократска партија на Турците на Македонија (ДПТМ) по 3 приговори и движењето „Одлучно за промени“ и Група избирачи Енвер Пајазити поднесоа по 2 приговори. Управниот суд прифати три тужби поднесени од страна на БЕСА, Алијансата на Албанците и Алтернатива и движењето „Одлучно за промени“. Со уважувањето на тужбата на БЕСА, Управниот суд утврди дека нема да има прегласување на едно избирачко место во Желино, со што се потврди победата на кандидатот на БЕСА, Блерим Сејди.  Управниот суд прифати и уште две тужби на Алијансата на Албанците и Алтернатива и движењето „Одлучно за промени“. Со уважувањето на тужбата на Алијансата на Албанците и Алтернатива се поништија резултатите од гласањето на избирачкото место 0543 во Дебар. Во однос на тужбата на движењето „Одлучно за промени“ се поништија резултатите од гласачкото место 2957/1 во Општина Шуто Оризари. Поднесените приговори во првиот и вториот круг не придонесоа кон промени на резултатите од изборите.

Политичките партии дадоа различни оцени за изборите. Владејачката СДСМ оцени дека изборите биле фер и демократски со одредени предизвици поврзани со гласањето со отпечаток од прст. За вториот круг од изборите, СДСМ обвинија за финансирање на опозицијата од странство. Опозициската ВМРО-ДПМНЕ обвини за низа нерегуларности, нарушување на изборниот процес и коруптивно дејствување на власта. Тие обвинија за кршење на изборниот молк, заплашувања, притисоци и уцени од страна на носители на јавни функции, министри, како и злоупотреба на државни ресурси за партиски цели. ДУИ оцени дека изборите поминале во најдобар ред. Од Алијанса за Албанците обвинија за уцени, притисоци и поткуп. Од политичката партија БЕСА остро реагираа на одлуката на ДИК за прегласувањето во Општина Желино и укажаа дека поради тоа може да се повлечат од Владата.

Резултатите од локалните изборите влијаеја и на национално ниво. Набргу по изборите опозициските партии најавија дека имаат ново парламентарно мнозинство, со што беше закажана и седница за гласање недоверба на Владата. Седницата не успеа поради недостиг на кворум од еден пратеник. Во периодот што следуваше по завршувањето на првиот и вториот круг, градоначалниците со истечен мандат и новоизбраните градоначалници извршија примопредавање на функциите, а беа и верифицирани мандатите на новите членови на советите во општините и во Градот Скопје.



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

## Анекс 1 – Избрани градоначалници по општини

| Општина | Избран градоначалник | Политичка партија/ коалиција |
|---|---|---|
| Град Скопје | Данела Арсовска | Група избирачи, поддржана од ВМРО-ДПМНЕ |
| Аеродром | Тимчо Муцунски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Бутел | Дарко Костовски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Гази Баба | Бобан Стефковски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Ѓорче Петров | Александар Стојкоски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Карпош | Стевчо Јакимовски | ГРОМ |
| Кисела Вода | Орце Ѓорѓиевски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Сарај | Блерим Беџети | ДУИ |
| Центар | Горан Герасимовски | СДСМ |
| Чаир | Висар Ганиу | ДУИ |
| Шуто Оризари | Курто Дудуш | Одлучно за промени |
| Арачиново | Ридван Ибраими | ДУИ |
| Берово | Звонко Пекевски | СДСМ |
| Битола | Тони Коњановски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Богданци | Блаже Шалов | СДСМ |
| Боговиње | Бесник Емши | ДУИ |
| Босилово | Ристо Манчев | ВМРО-ДПМНЕ |
| Брвеница | Јовица Илиевски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Валандово | Перо Костадинов | СДСМ |
| Василево | Славе Андонов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Вевчани | Спасе Кочовски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Велес | Марко Колев | ВМРО-ДПМНЕ |
| Виница | Миле Петков | ВМРО-ДПМНЕ |
| Врапчиште | Исен Шабани | Алијанса за Албанците и Алтернатива |
| Гевгелија | Андон Сарамандов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Гостивар | Арбен Таравари | Алијанса за Албанците и Алтернатива |
| Градско | Киро Нацков | ВМРО-ДПМНЕ |
| Дебар | Хекуран Дука | ДУИ |
| Дебарца | Зоран Ногачески | Група избирачи |
| Делчево | Горан Трајковски | СДСМ |
| Демир Капија | Лазар Петров | СДСМ |

| | | |
|---|---|---|
| Демир Хисар | Никола Најдовски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Долнени | Урим Ибески | ДУИ |
| Дојран | Анго Ангов | СДСМ |
| Желино | Блјерим Селди | БЕСА |
| Зелениково | Коста Маневски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Зрновци | Борчо Коцев | ВМРО-ДПМНЕ |
| Илинден | Александар Георгиевски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Јегуновце | Димитар Костадиноски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Кавадарци | Митко Јанчев | ВМРО-ДПМНЕ |
| Карбинци | Виктор Паунов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Кичево | Фатмир Дехари | ДУИ |
| Конче | Златко Ристов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Кочани | Љупчо Папазов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Кратово | Тодорче Николовски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Крива Паланка | Сашко Митовски | СДСМ |
| Кривогаштани | Николче Мискоски | СДСМ |
| Крушево | Томе Христоски | СДСМ |
| Куманово | Максим Димитриевски | Група избирачи |
| Липково | Еркан Арифи | ДУИ |
| Лозово | Бошко Цветковски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Маврово и Ростуша | *Одложен избор* | |
| Македонска Каменица | Димчо Атанасовски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Македонски Брод | Жарко Ристески | ВМРО-ДПМНЕ |
| Могила | Драганчо Саботковски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Неготино | Горан Стојанов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Новаци | Стевче Стевановски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Ново Село | Ѓорѓе Божинов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Охрид | Кирил Пецаков | ВМРО-ДПМНЕ |
| Петровец | Борче Митевски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Пехчево | Александар Китански | ВМРО-ДПМНЕ |
| Пласница | Алија Јаоски | ДУИ |
| Прилеп | Борче Јовчески | ВМРО-ДПМНЕ |
| Пробиштип | Драган Анастасов | СДСМ |
| Радовиш | Ацо Ристов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Ранковце | Борче Спасовски | ВМРО-ДПМНЕ |





| | | |
|---|---|---|
| Ресен | Јован Тозиевски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Росоман | Стојан Николов | СДСМ |
| Свети Николе | Дејан Владев | ВМРО-ДПМНЕ |
| Сопиште | Стефче Трпковски | ВМРО-ДПМНЕ |
| Старо Нагоричане | Жаклина Јовановска | СДСМ |
| Струга | Рамис Мерко | ДУИ |
| Струмица | Костадин Костадинов | СДСМ |
| Студеничани | Азем Садики | ДПА[161] |
| Теарце | Нухи Незири | ДУИ |
| Тетово | Биљал Касами | БЕСА |
| Центар Жупа | *Одложен избор* | |
| Чашка | Горан Стојановски | СДСМ |
| Чешиново-Облешево | Далибор Ангелов | ВМРО-ДПМНЕ |
| Чучер Сандево | Сашко Комненовиќ | СДСМ |
| Штип | Иван Јорданов | ВМРО-ДПМНЕ |

161 По изборите, градоначалникот на Студеничани Азем Садики од редовите на ДПА премина во Алијанса за Албанците.

## Анекс 2 – Избрани советници по општини

| Општина | Вкупен број на членови на совет | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | АА/А | Левица | Беса | Одлучно за промени | Останати | Независни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Град Скопје | 45 | 18 | 12 | 5 | 2 | 4 | | 2 | | 2 |
| Аеродром | 27 | 14 | 8 | | | 5 | | | | |
| Бутел | 19 | 10 | 4 | 3 | 1 | 1 | | | | |
| Гази Баба | 27 | 16 | 7 | 1 | | 3 | | | | |
| Ѓорче Петров | 23 | 12 | 8 | | | 3 | | | | |
| Карпош | 23 | 7 | 8 | | | 4 | | | 2 | 2 |
| Кисела Вода | 23 | 12 | 7 | | | 3 | | 1 | | |
| Сарај | 19 | | | 14 | 4 | | 1 | | | |
| Центар | 23 | 8 | 9 | | | 3 | | | | 3 |
| Чаир | 27 | 3 | 1 | 14 | 8 | | 1 | | | |
| Шуто Оризари | 19 | | 4 | 4 | 1 | 2 | | 5 | 3 | |
| Арачиново | 15 | | 6 | 6 | 2 | | 1 | | | |
| Берово | 15 | 7 | 8 | | | | | | | |
| Битола | 31 | 13 | 11 | 1 | | 2 | | 1 | | 3 |
| Богданци | 11 | 4 | 5 | | | 1 | | | | 1 |
| Боговиње | 19 | | 1 | 9 | 5 | | 4 | | | |
| Босилово | 15 | 8 | 6 | | | | | | | 1 |
| Брвеница | 15 | 5 | 2 | 3 | 3 | | 2 | | | |
| Валандово | 15 | 6 | 9 | | | | | | | |
| Василево | 15 | 7 | 7 | | | | | 1 | | |
| Вевчани | 9 | 5 | 4 | | | | | | | |
| Велес | 23 | 11 | 8 | 1 | | 3 | | | | |
| Виница | 15 | 8 | 6 | | | | | 1 | | |
| Врапчиште | 19 | | | 7 | 8 | | 1 | | 3 | |
| Гевгелија | 19 | 9 | 7 | | | 1 | | 1 | | 1 |
| Гостивар | 31 | 4 | 3 | 9 | 10 | | 1 | | 4 | |
| Градско | 9 | 5 | 4 | | | | | | | |
| Дебар | 15 | 2 | 2 | 6 | 5 | | | | | |
| Дебарца | 11 | 4 | 4 | | | | | 1 | | 2 |
| Делчево | 15 | 6 | 8 | | | 1 | | | | |
| Демир Капија | 9 | 4 | 4 | | | | | | | 1 |
| Демир Хисар | 11 | 5 | 5 | | | | | 1 | | |
| Дојран | 9 | 4 | 5 | | | | | | | |
| Долнени | 15 | 3 | 2 | 3 | 1 | | 1 | 2 | 2 | 1 |
| Желино | 19 | | 2 | 8 | 1 | | 8 | | | |
| Зелениково | 9 | 4 | 3 | | | | 1 | 1 | | |
| Зрновци | 9 | 5 | 3 | | | | | 1 | | |
| Илинден | 15 | 9 | 3 | | | 1 | | | | 2 |
| Јегуновце | 15 | 6 | 4 | 3 | 1 | 1 | | | | |
| Кавадарци | 19 | 10 | 5 | | | 1 | | | | 3 |
| Карбинци | 9 | 6 | 3 | | | | | | | |
| Кичево | 23 | 7 | 3 | 8 | 1 | | | 1 | | 3 |
| Конче | 9 | 4 | 4 | | | | | | 1 | |
| Кочани | 19 | 8 | 8 | | | 1 | | 1 | | 1 |
| Кратово | 15 | 8 | 5 | | | | | | | 2 |
| Крива Паланка | 19 | 7 | 11 | | | | | 1 | | |
| Кривогаштани | 11 | 5 | 6 | | | | | | | |
| Крушево | 11 | 4 | 6 | | 1 | | | | | |
| Куманово | 33 | 7 | 10 | 4 | 2 | 1 | 1 | | | 8 |
| Липково | 19 | | | 13 | 4 | | 1 | | | 1 |
| Лозово | 9 | 3 | 3 | | | | | 1 | 1 | 1 |
| Маврово и Ростуша | 11 | 3 | 5 | 1 | | | | 1 | 1 | |
| Македонска Каменица | 11 | 4 | 4 | | | | | | | 3 |
| Македонски Брод | 11 | 2 | 3 | | | 1 | | | 1 | 4 |
| Могила | 11 | 6 | 3 | | | | | | | 2 |
| Неготино | 15 | 7 | 7 | | | 1 | | | | |
| Новаци | 9 | 5 | 3 | | | | | 1 | | |
| Ново Село | 15 | 7 | 7 | | | | | | | 1 |
| Охрид | 23 | 10 | 8 | 2 | | 1 | | | | 2 |
| Петровец | 11 | 4 | 2 | 1 | 1 | | | | 1 | 2 |
| Пехчево | 11 | 5 | 4 | | | | | | | 2 |
| Пласница | 9 | | 2 | 5 | | | | | 2 | |
| Прилеп | 27 | 15 | 10 | | | 2 | | | | |
| Пробиштип | 15 | 7 | 7 | | | | | | | 1 |
| Радовиш | 19 | 8 | 6 | | | | | 3 | | 2 |
| Ранковце | 9 | 4 | 4 | | | | | | | 1 |
| Ресен | 15 | 7 | 6 | 1 | | | 1 | | | |
| Росоман | 9 | 4 | 3 | | | 1 | | | 1 | |
| Свети Николе | 15 | 8 | 5 | | | 1 | | | | 1 |
| Сопиште | 11 | 6 | 2 | 2 | 1 | | | | | |
| Старо Нагоричане | 9 | 1 | 5 | | | | | | 2 | 1 |
| Струга | 27 | 5 | 4 | 10 | 7 | | 1 | | | |
| Струмица | 23 | 9 | 13 | | | | | | | 1 |
| Студеничани | 15 | | 1 | 4 | 4 | | | | 6 | |
| Теарце | 19 | 1 | 1 | 7 | 4 | | 3 | | 3 | |
| Тетово | 31 | 4 | 2 | 10 | 3 | | 8 | | 2 | 2 |
| Центар Жупа | 11 | 1 | 2 | | | | | | 8 | |
| Чашка | 11 | 3 | 4 | | | | | | 4 | |
| Чешиново-Облешево | 11 | 5 | 3 | | | | | 2 | | 1 |
| Чучер Сандево | 11 | 2 | 3 | 2 | 1 | | | | | 3 |
| Штип | 23 | 13 | 9 | | | 1 | | | | |
| Вкупно | 1347 | 469 | 402 | 167 | 81 | 49 | 36 | 29 | 47 | 67 |



Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија 2021 година

6

# Изборна архива на изборите во Република Северна Македонија од 1990 година до денес

# 6. Изборна архива на изборите во Република Северна Македонија од 1990 година до денес

Фондацијата Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија, и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), од март 2016 година го спроведуваат заедничкиот проект „Изборна архива на изборите во Република Северна Македонија од 1990 година до денес“, чија цел е сеопфатно следење на изборните процеси во Република Северна Македонија почнувајќи од 1990 година па сè до денес. Во рамките на овој проект се опфатени сите досегашни организирани избори, претседателски, парламентарни и локални, и на едно место се собрани сите достапни документи за изборните процеси.

Потребата да се спроведе еден ваков проект произлегува од непостоењето официјална државна архива со сите документи и податоци за изборните циклуси од прогласувањето на независноста на Република Северна Македонија. Изборната архива ги групира документите во 7 секции:

1. Документ за објавување избори
2. Избирачки список
3. Кандидатски листи
4. Резултати од избори
5. Извештај од избори
6. Набљудувачки извештаи од меѓународни и домашни организации
7. Изборен законик

Паралелно со организирањето на изборите Изборната архива се ажурира и се прикачуваат сите релевантни документи во горенаведените секции. Составен дел од Изборната архива се и прирачниците за изборите (претседателски, парламентарни и локални) кои се изготвуваат паралелно со организирањето на изборите и тоа во соработка со Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

Досега се изготвени седум прирачници, и тоа за локалните избори во 2013 и 2017, претседателските избори во 2014 и 2019 и за парламентарните избори во 2014, 2016 и 2020 година. Сите прирачници се достапни на веб-страницата на Изборната архива (izbornaarhiva.mk) на македонски, албански и англиски јазик.